Универзитет „Кирил и Методиј“- Скопје

Филозофски факултет

(докторска дисертација)

# ДОЦНОАНТИЧКИОТ КАСТЕЛ ГРАДИШТЕ КАЈ С. ДЕБРЕШТЕ

**Ментор:**

**Доц. Д-р Антонио Јакимовски**

**Кандидат:**

**М-р Бранислав Атанасоски**

Скопје

2016

# СОДРЖИНА:

1. Вовед........................................................................................................ стр.3
    1.1. Историјат на досегашните истражувања
    1.2. Предмет, цел и методологија на истражувањата
    1.3. Временски и просторни рамки на темата
2. Анализа на културната стратиграфија и движниот археолошки материја...стр.19
    2.1. Предисториски период
        2.1.1. Доцнонеолитски период
        2.1.2. Енеолитски период
    2.2. Раноантички период
    2.3. Римски период
    2.4. Доцноантички период
3. Урбани елементи на утврдената населба.....................................................стр.68
    3.1. Фортификациски елементи
        3.1.1. За најстарите фортификациски остатоци
        3.1.2. Ранори мска фаза
        3.1.3. Доцноримска фаза
        3.1.4. Рановизантиски фази
    3.2. За останатите урбани елементи
4. За карактерот, функцијата и улогата на утврдената населба.......................стр.87
5. Античка некропола и урбани гробови...........................................................стр.95
    5.1. Античка некропола
    5.2. *Урбани гробови*
6. Резиме...........................................................................................стр.118
7. Технички апарат..........................................................................................стр.127
    7.1. Литература
    7.2. Планови
    7.3. Цртежи
    7.4. Табли
    7.5. Фотографии

# 1. ВОВЕД

## 1.1.Историјат на досегашните истражувањата

Локалитетот Градиште кај с. Дебреште се наоѓа на северниот раб од пелагониската рамнина на сса 26 км. од левата страна на патот Прилеп – Кичево, односно на сса 1 км. југоисточно од селото на една вештачко создадена тераса која се издига сса 3 - 4 м. над мочурливиот терен. За прв пат локалитетот е откриен во 1928 година од белградскиот археолог и проф. Н. Вулиќ при што со мали сондажни интервенции откриени се делови од некаков фортификацијски објект.[1] Локалитетот за подолго време е заборавен од стручната и научна јавност. Во 1964 год. на овој простор ќе започнат градежните работи за изградба на една мала хидроакумулација предвидена за наводнување на полето. Работите биле прекинати откако еден голем дел од локалитетот веќе бил оштетен и уништен, особено горните средновековни културни слоеви, Ф.1. Веднаш биле преземени обемни заштитни археолошки ископувања. Во работата учествувале повеќе стручни лица од различни институции, како на пр.: од Народниот Музеј - Прилеп, Археолошкиот Музеј - Скопје и Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата – Скопје. Со овие ископувања бил откриен скоро целокупниот периметар на фортификацијата, а со неколкуте поставени сонди примарно била дефинирана и стратиграфијата на локалитетот при што се утврдени културни слоеви од предисторискиот, античкиот и средновековниот период, Пл.1.[2] Со ископот долг сса 160 м. и широк 2.50 м. поставен во југозападниот дел од тврдинскиот простор била откриена една мала еднокорабна средновековна црквичка со некропола, потоа делови од куќи за живеење и други придружни објекти од доцниот хеленистички, односно хеленистичко-римскиот период, како и бројни движни наоди од различни временски периоди.[3] Следните неколку години не се преземени никакви активности. Во 1969 година со помош и средства на тогашниот Републички фонд за унапредување на културните дејности - Скопје и Собранието на општина Прилеп се продолжило со помали конзерваторски работи. Делумна конзервација и реставрација е извршена на делот од источната порта

---

[1] Вулић Н., 1931, 150-151;

[2] Babić B., 1965, str. 62-64;

[3] Isto, str. 63-64; Mikulčić I., 1966, str. 75-78;

т.н. порта принципалис, Ф.26 и 27. Од 1969/70 год. Народниот Музеј од Прилеп во соработка со стручни екипи од Полска продолжува со археолошките ископувања во двете петтоаголни кули кај источната порта како и во двата ископи I/70 и II/70 поставени во југоисточниот дел од тврдинскиот простор, Пл.1. Одредени конзерваторски работи се преземаат и на западната порта т.н. порта декумана, Ф. 29 и 30. Во 1971 година се проширени работите во претходно споменатите ископи каде повторно е проверена вертикалната културна стратиграфија на локалитетот, а на околу 180 м. североисточно од источната порта, надвор од тврдинскиот простор, покрај самиот асфалтен пат се работи на една античка некропола, Ф. 3-5. Откриени се гробови од доцниот хеленистички и доцниот римски период, односно од III-II век с.е. и од IV век н.е.[4] Во 1972 г. се продолжува со работа на античката некропола, а воедно значајни ископувања се прават и на сса 50 м. северно од тврдинскиот простор. Во ископот долг 40 x 5 м. и во уште неколку помали сонди откриени се остатоци од предградието на утврдената населба, датирано во периодот на IV-VI век, како и одредени остатоци од средновековниот период, Пл.1 и 2, Ф. 7 и 8. Во исто време продолжуваат и конзерваторските работи на одбранбените ѕидови.[5]

Од 1974 год. званично започнуваат и систематските археолошки ископувања и истражувања на локалитетот Градиште кај с. Дебреште. Водени се од страна на Народниот Музеј од Прилеп т.е. новоформираниот Центар за старословенска култура при Музејот во соработка со Институтот за историја на материјалната култура од Варшава при ПАН (Полска Академија на Науки). Изработен е научно-истражувачки проект со наслов “Првите словенски населби на Балканскиот Полуостров во светлината на археолошките истражувања на локалитетот Градиште кај селото Дебреште“, главен истражувач од македонска страна Бошко Бабиќ, а од полска страна д-р Јадвига Раухутова и проф. д-р Витолд Хенсел, како научен консултант. Направен е десетогодишен план и прогама за истиот. Работено е по сите тогаш светски познати современи археолошки методи и стандарди.[6] Изработена е нова геодетска подлога и нова квадратна мрежа. Локалитетот е поделен на сектори, а секторите на квадрати со димензии 5 x 5 м, поставени се постојани репери и т.н. Офрмена е обемна теренска документација. Со работа се почнало на просторот западно и северно од источната порта. Во

---

[4] Koletyn T., 1972, str. 84-87;
[5] Податоци вадени од Годишниот извештај за 1972 год;
[6] Hensel W., 1978, str.6-7;

неколку археолошки кампањи на споменатиот простор во периодот од 1974-1979 год. откриени се остатоци од средновековна населба и средновековна некропола датирана во периодот на X-XI век, ранохристијанска базилика која неколку пати била рушена и обновувана, крстилница и една засведена гробница – меморија изградени во две градежни фази, како и извесен број на гробови од истиот период. Под и околу овој комплекс на градби откриени се постари остатоци од разни објекти со доградби, преградби и фази на живеење датирани во периодот на IV и V век, Пл. 3 и 4.[7]

Од 1981 година работите од македонска страна ги презема новоформираниот Институт за истражување на старословенска култура - Прилеп. Работите си имаат свој континуитет. Истражувањата се прошируваат на запад кон централниот дел од локалитетот каде се откриени повеќе објекти и материјални остатоци од средниот век и доцниот антички период. Овие заеднички ископувања завршуваат во 1984 год. со откривањето на една раbrowneсловенска куќа – полуземјанка, датирана во периодот на VI/VII-VIII век.[8]

Од 1985 година работите целосно ги презема Институтот за истражување на старословенската култура. Во 1985/86 година се работат заштитни ископувања при поставувањето на цевоводот од регионалниот водовод Студенчица. Откриени се делови и остатоци од предградието лоцирани над регионалниот асфалтен пат и неколку гробови од доцноантичката некропола лоцирана североисточно од главната порта. Во пресрет на Меѓународниот конгрес за словенска археологија кој требаше да се одржи во Прилеп 1990 година, во 1987 и 1988 година направени се и одредени ревизиони ископувања.[9] Меѓу другото беа отворени и неколку нови квадрати покрај самиот североисточен одбранбен ѕид, каде повторно е проверена вертикалната културна стратиграфија на теренот и се регистрирани поодделни градежни фази на одбранбените ѕидови. Во 1989 година направени се последните археолошки ископувања во рамките на еден друг научно-истражувачки проект кој беше тесно поврзан со овој, а тоа е проектот со наслов “Етнокултурни паралели со посебен акцент на словенските населби, движните наоди и паганските светилишта во нив во светлината на археолошките истражувања на локалитетот Гаик кај с. Раѕиково НР Полска и локалитетот Градиште кај с. Дебреште СР

[7] Бабиќ Б., Hensel W., Rauhutowa J., 1976, стр. 251-262; Бабиќ Б., 1978, стр. 205-215; Бабиќ Б., Хензел В., Раухут J., 1979, стр. 141-149; Rauhut J., 1977, str. 340-341; Ista, 1978, str. 300-301; Hensel W., 1978, str.5-23; Hensel W., Rauhutowa J., 1981, str. 79-116;

[8] Бабиќ Б, 1995, стр.164; Бабич Б., 1988, стр. 195-196;

[9] Конгресот не се одржа поради познатите настани што ја зафатија поранешната СФРЈ;

Македонија", под раководство на д-р Бошко Бабиќ и д-р Ивона Домбровска. Со овие ископувања проширен е делот каде е откриена старословенската куќа и средновековната населба, а истовремено направени се и одредени проверки на просторот од постарите истражувања.[10]

Паралелно со претходно опишаните археолошки истражувања се преземаат и соодветни конзерваторски работи пред се на новооткриените објекти како и на самата фортификација.[11]

Со работата врз овој повеќегодишен проект оформена е богата археолошка и архитектонска техничка документација како од теренските, така и од кабинетските истржувања. Направени се досија за секоја година поединечно кои содржат: дневник од теренските ископувања, инвентар со теренски цртежи, скици и планови, инвентар со цртежи на ситни наоди, фото дневник, како и разни други инвентари и записници. Движниот археолошки материјал е сместен во посебни депоа во надлежната институција, како на пр.: во керамичкото депо, депото за студиски материјал, депо-збирка со посебни наоди и т.н. Направени се централни инвентарни книги, фототека, планотека со финализирани цртежи и планови и т.н. За сите овие преземени активности наоѓаме податоци во прелиминарните годишни и повеќегодишни извештајни трудови преку коишто биле запознати финансиерите и рецензентите, а преку одредени промоции и публикации пошироката стручна, научна и општествена јавност.[12]

[10] За резултатите од тие теренски археолошки работи дознаваме од годишните и тригодишните прелиминарни извештајни трудови;

[11] За преземените конзерваторски активности постои и соодветна документација депонирана во Институтот;

[12] Годишните и повеќегодишните извештајни трудови како и поголемиот дел од теренската и техничката документациј е смесена и се чува во Институтот, а еден помал дел и во Музејот и Завод – Прилеп;

### 1.2. Предмет, цел и методологија на истражувањата

Како прво да се задржиме на проблемот околу името на дисертацијата. Пред се зошто „Доцноантичкиот кастел Градиште кај с. Дебреште"? Најмаркантните архитектонски остатоци кои се откриени на овој сложен и комплексен археолошки локалитет кој како што напоменавме зафаќа еден огромен временски распон од најдлабоката предисторија па се до доцниот среден век, потекнуваат од доцноантичкиот период. Понатака на прашањето зошто кастел, а не каструм или некое друго име од категоризацијата на утврдени населби би одговориле едноставно. Затоа што castel претставува најопшт поим за една утврдена населба кој во себе содржи различни типови на помали или поголеми утврдени места, а истражувањата кои досега се направени не дозволуваат прецизно да се дефинираат сите особености и функции која ја имала оваа утврдена населба во текот на своето повеќевековно постоење со сите свои трансформации што ги доживеала низ времето.

Првично изработката на оваа дисертација беше замислена како монографски труд каде стручно и научно ќе биде обработен и презентиран „целокупниот" движен и недвижен археолошки материјал со „целокупната" проблематика што ја носи истиот, а пронајден во текот на долгогодишните теренски археолошки ископувања. Тоа значи хронолошко детерминирање на културната стратиграфија и целокупниот движен и недвижен археолошки материјал поврзан со културните слоеви и ставање во контекст на општите и посебните општествено - историски и културолошки текови кои се случувале на нашиве пелагониски, македонски и на пошироките балкански простори. Но во текот на работата се наиде на проблеми кои тешко можеше да се премостат. Како прво се пристапи кон техничка обработка на движниот археолошки материјал, пред се на керамичкиот, кој беше селектиран, класифициран и документиран, потоа се направи анализа на теренската пишана и илустративна документација. Се констатираа низа недоследности и пропусти. Во текот на долгогодишните теренски истражувања и ископувања често пати стручните тимови се менувале така да имаше големи разлики во квалитетот на оформената документација. Исто така одреден процент од илустративната документација како и од движните наоди недостасуваа. Но најголрма пречка за непречена анализа на документацијата и археолошкиот материјал беше самиот движен археолошки материјал кој од различни причини во

голема мера беше измешан и несоодветен за хронолошко детерминирање и прецизирање на културните слоеви, а со тоа и решавањето на ред други комплексни прашања од историското, општественото и културното живеење на овие простори. За таа состојба секако најмногу придонесле разните градежни активности кои биле преземани на утврдената населба, односно разните нивелациски и денивелациски работи, потоа копањето темели за бројните архитектонски објекти кои така да се каже лежат еден врз друг, потоа вкопувањето на разни други објекти од доцната антика и средновековниот период, поединечни гробови и цели некрополи, поголем број на вкопани средновековни јами и куќи за живеење од типот на полуземјанки, а сето тоа регистрирано на еден релативно мал истражен простор. Кога станува збор за средновековните културни слоеви истите во голема мера биле уништени уште одамна. Како горни, површински пластови тие катадневно страдале во процесот на земјоделските активности преземани од страна на месното население пред и по 1964 год., а најмногу биле уништени во времето кога отпочнале градежните работи при изградбата на браната. За решавање на поставените задачи и средување на ваквата фактичка состојба со документацијата и археолошкиот материјал беше потребно да се направат и одредени додатни теренски доистражувања и анализи, но за жал истите не успеав да ги добијам. Како што веќе напоменавме состојбата со средновековните културни слоеви беше најлоша, а како што знаеме станува збор за еден доста осетлив, комплексен и комплициран дел од нашето историско минато каде не би требало да си дозволиме некои посериозни грешки и пропусти, па затоа овој период ќе го оставиме за некои подобри времиња кога ќе има и посоодветни услови за негова обработка. Значи предмет на нашите истражувања ќе претставува периодот од најдлабоката предисторија до крајот на антиката каде имаме и „почисти“ ситуации за обработка на археолошкиот материјал и негова презентација.

По прашањето на методологијата применета во оваа дисертација би кажале дека истата главно би можеле да ја поделиме на два дела. Тернски истражувања кои веќе беа направени од трети лица и кабинетска обработка на материјалот. Теренските истрањувања со сите фалинки и мани кои ги споменавма, за времето кога тие биле изведени, биле направени по најсовремени светски археолошки методи и стандарди. Како прво биле направени сондажни истражувања, а потоа и систематски, каде прво локалитетот бил поделен на сектори, а секој сектор на квадрати со димензии 5.00 x 5.00 м., односно 4.00 x 4.00 м. со контролни профили

од 1.00 м. Во главно било копано по метод на механички откопни слоеви што би трбало да се земе како забелешка или недостаток. За секоја година формирано е теренско досие кое содржи: теренски дневник, инвентар со теренски цртежи во боја, инвентар со цртежи на ситни наоди, фото дневник, подоцна биле користени и нивелмански записници и разни други инвентари и записници кои произлегувале од потребите и на крајот годишен извештај за сите извршени работи. Од кабинетската работа дел од археолошката и архитектонската документација веќе беше технички обработена и финализирана, како и дел од движниот археолошки материјал, односно посебните и ситните наоди, но керамичкиот материјал кој беше сместен во керамичкото депо со мали и незначителни исклъучоци воопшто не беше технички обработен. Следеше селектирање, класифицирање и исцртување. Потоа анализа на целокупната пишана и илустративна теренска документација, анализа на дотогашните објавени трудови, а во текот на работата во најголем дел беше применет компаративниот метод којшто беше користен за хронолошка и секаква друга идентификација на археолошкиот материјал. За таа прилика беше користена како домашната, така и странската стручна и научна литература, особено од балканските простори кои се во одредена поблиска или подалечна корелација со македонските, односно во одредена корелација со општите општествено-историски и културолошки процеси кои се одвивале на овие простори, па и пошироко.

### 1.3. Временски и просторни рамки на темата

Како што веќе напоменавме локалитетот Градиште кај с. Дебреште се наоѓа во северниот дел од пелагониската рамница непосредно под планинскиот премин Барбарас, односно на 26 км. од левата страна на регионалниот пат Прилеп – Кичево. Пелагонија е нашата најголема котлина чие геолошко потекло е од раседлински тип како впрочем и останатите терцијарни езера од околниот простор, како на пр.: Преспанското, Охридското, Костурското, а формирана со истекувањето на езерската вода од итото. Сместена е во југозападниот дел од Р. Македонија. Нејзината должина изнесува сса 100 км., а широчината варира од 10-35 км. Таа претставува една затворена географска целина од сите страни оградена со средно високи планини, пр.: западната страна од југ кон север ја оградуваат планините Баба, Бигла, Древник и Бушава Планина; од север Даутица и понатака од исток Бабуна, Козјак, Дрен, Селечка Планина и Ниџе, а додека јужната страна која е нешто поотворена, заградена е со Нередска Планина. Котлината би можела да се подели на три дела. Јужната третина што го претставува Леринско Поле се наоѓа во Р. Грција, додека двата дела Битолско и Прилепско Поле поделени со т.н. Тополчанска Преграда се наоѓаат во Р. Македонија. Од поширокиот пелагониски регион би ги спомenале и двата планински ареали лоцирани источно и западно од рамницата, односно мариовскиот и демирхисарскиот, последниот во антиката познат како Деуриоп, и двата богати со рудни наоѓалишта. Најголемата река во Пелагонија е Црна, античкиот Еригон. Извира од Илинска Планина, потоа кај с. Бучин влегува во полето и тече бавно до с. Букри, тука скршнува кон исток и пробивајќи се низ планинските предели на Мариово избива во регионот на Витачево и Тиквеш каде се влива во реката Вардар. Сливот на Црна Река го претставуваат поголем број на помали и поголеми притоки што не се вредни да се споменат.[13] Пелагонија до педесеттите години од минатиот век во најголем дел претставувала неплодно мочварно подрачје, но со преземените мелиоративни работи таа станува плодна котлина. За тоа на некој начин ни укажува археолошката карта на распространетоста на населбите од минатото. Тие во најголем дел биле сместени по периферијата од полето на повисоките ридести предели и покрај реката

[13] За оштите географски и геоморфолошки особености на Пелагонија види: Панов М., 1976, стр.35-117; Mikulčić I., 1966, str.1-2; Аџиевски К., 1994, стр.1-6; Микулчиќ И., 1999, стр.93 – 95;

Црна.[14] Сепак и покрај тоа Пелагонија давала благопријатни услови за живеење и стопанисување, како на пр.: за земјоделие, сточарство, лов и риболов. Од археолошките артефакти дознаваме дека таа била и доста густо населена уште од најдлабоката предисторија па се до средниот век, односно до наши дни.[15]

Како што нагласивме таа претставува затворена геоморфолошка целина што била нешто поотворена према југот кон Долна Македонија и Тесалија од каде во подлабоката предисторија па и покасно ги примала културните па и сите други понапредни општествено-економски идеи, додека со останатите соседни области комуникациите биле нешто поотежнати.[16] Тие во главно се оддвивале преку неколкуте поволни планински премини, како што се на пр.: преминот Ѓавато на западниот дел од котлината на составот од планините Баба и Бигла што ја поврзува Пелагонија со преспанскиот и охридскиот регион и понатака со јадранското крајбрежије; преминот Барбарас лоциран во северниот дел од котлината преку којшто истата се поврзува со поречието и понатака со полошкиот и скопскиот регион и внатрешните балкански простори; и преминот Плетвар на североисточниот раб од котлината што ја поврзувал Пелагонија со вардарската долина, односно со вардарско-моравската магистрала што пак го поврзувала Егејот и Подунавјето. Покрај овие постојат уште неколку помалку значајни и потешки планински премини од Демир Хисар кон долината на Треска, потоа на североисточниот раб од котлината преку планините Бабуна и Мукос кон долината на реката Бабуна и маковскиот премин преку Селечка Планина што го поврзува полето со мариовскот регион.[17] Сите споменати премини биле поврзани со патна мрежа што била изградена и дооформена во античкиот период, а истата била користена и во предисторискиот период како и многу подоцна во средниот век, односно така да се каже се до наши дни. Овие географски одлики, премини и комуникации во голема мера ќе придонесат за општиот општествен, економски и културен развој на Пелагонија во сите временски периоди од човековото живеење на овие простори. Преку неа врвел еден од најексплоатираните магистрални патишта во антиката, патот Виа Егнација во предисторискиот период познат како кадмејски пат. Тој го поврзувал јадранскиот брег и северното егејско крајбрежије се до Дарданелите и Босфорот и понатака со Мала Азија. Во пелагонискиот

[14] Mikulčić I., 1966, karta priložena na krajot od knigata; Симовска Д., Санев В. 1975, прилог 3, стр.31;
[15] Mikulčić I., 1966, str.2 i ponataka; Бабиќ Б., 1981, стр.19-35; Санев В., 1994, стр.32-33; Колиштрковска Настева И., 1994, стр.43; Китановски Б., 1994, стр.51-56; Пашиќ Р., 1994, стр.65-66; Бабиќ Б., (коавтор), 1996, стр.16-47 и 280-316; Микулчиќ И., 1996, стр.; Микулчиќ И., 1999, стр.228-229 и 234-236;
[16] Mikulčić I., 1966, str.2; Гарашанин М., 1975, стр.9-11; Китаноски Б., 1994, стр.54-55; Пашиќ Р.,1994, стр.63;
[17] Mikulčić I, 1966, str.1-2; Истиот, 1999, стр, 52; Аџиевски К.,1994, стр.4;

регион патот влегувал кај преминот Ѓавато - Кале, потоа преку с. Доленци - крајпатен каструм Никеја се спушта во рамницата до античка Хераклеја - Битола контолиран од неколку попатни станици. Од Хераклеа патот продолжува кон југ покрај западниот раб од рамницата и повторно контролиран од неколку попатни станици излегува од рамницата од спротивната страна кај преминот Кирил Дервен и продолжува за античката Тесалоника - Солун. Вториот по важност е дијагоналниот пат што ги поврзувал Хераклеа со Стоби, односно со вардарско-моравската магистрала и понатака со античките градови Пауталија - Ќустендил и Сердика - Софија. Патот по рамницата се движел од Хераклеја на север по западниот раб од полето до тополчанската преграда и Црна Река каде истите ги преминувал кај с. Тројкрсти не влегувајќи директно во античка Стибера, локалитетот Бедем кај с. Чепигово, туку 1 км. источно продолжувал за античка Керамие, денешен Варош - Прилеп и понатака преку плетварскиот премин патот продолжувал за Стоби поминувајќи покрај античкиот Еударист. Третиот пат по важност бил патот што водел од Керамие кон Поречието. Овој пат за нас е дотолку позначаен поради тоа што на него се наоѓа и нашиот локалитет. По патот од Керамие до нашиот локалитет е лоцирана само една попатна станица кај с. Бело Поле. Потоа пред патот да почне да се искачува кон преминот Барбарас следува нашиот локалитет, голем крајпатен кастел што го контролирал патот и преминот. Преминот бил контролиран уште од два помали кастели – стражи, Кале - Лениште над с. Дебреште и Кула од спротивната страна над преминот. Понатака низ една тесна долинка патот водел до регионалниот центар на Поречието, односно Давина Кула или Девич од каде се оддвојуваат два крака. Едниот преку Поречието водел за античко Скупи - Скопје, а другиот крак кон Брод и Кичево. Од Кичево патот повторно се двои, односно едниот кон Полозите, а другиот кон античкиот Лихнид - Охрид каде се поврзувал со егнацискиот пат. Во овој контекст би го спомнале и најкусиот пат што ја поврзувал Северна Пелагонија со Повардаријето. Тргнувајќи од Велес патот се протегал покрај реката Тополка и кај Стари Град - античкиот Неаполис тој се делел на три ракави. Првиот кој бил и најтежок и најстрмен одел покрај рекчето Изворчица и преку присадскиот премин Дервен стрмо се спуштал кон античка Керамие - денешен Варош, Прилеп. Вториот што бил доста поблаг и погоден за колски превоз одел по течението на Бабуна и преку Богомила избивал на преминот Кораб кај с. Гостиражни од каде понатака благо се спуштал во полето, а третиот кој се двоел од претходниот се протегал по Габровачка Река и преку преминот Дервен кај с. Десово влагувал во

Пелагонија. Сите овие патишта биле контролирани од повеќе помали и поголеми попатни кастели и стражи потврдени на теренот.[18]

Како што напоменавме Пелагонија претставува една затворена географска целина со еден сопствен специфичен општествено-економски и културен развој, особено во предисторискиот период. Дури покасно на почетокот од историскиот период и антиката таа влегува во општите културно-историски процеси што можат да се пратат во едни поширoки просторни рамки.[19] Но како што ќе видиме понатака при разработката на темата споменатите географски одлики не пречеле и во подлабоката предисторија да се почуствуваат сите покрупни културолошки и други промени и процеси што се одвивале на пошироките балкански простори.[20]

Пелагонија и Пелагонците за прв пат во литарарните извори на еден непосреден начин се споменуваат во хомеровата Илијада, односно во XXI пеење каде се споменува епонимот Пелагон кој се јавува како син на речниот бог Аксиј и Перибоја, односно како татко на пајонскиот водач Астеропај кој војувал на страната на Тројанците.[21] Во овие далечни предисториски времиња врските меѓу Пајонците и Пелагонците се неоспорни. Пелагон се јавува како родоначалник на пајонските племиња што се бореле во тројанската војна на страната на Пријам. Ако сакаме временски да ги лоцираме овие настани ќе констатираме дека Хомер живеел по едни учени во VIII, а по други во X век с.е. Тројанската војна временски е лоцирана некаде на преминот од XIII во XII век с.е. што значи дека Пелагон како митолошка личност живеел многу порано од споменатите векови, односно некаде подлабоко во предисториските времиња, можеби околу средината или на почетокот од бронзената ера што настанала како последица на првите познати етнички поместувања и промени поврзани со индоевропските народи што се случиле во енеолотскиот период, а на основа постариот доиндоевропски, неолитски - пелазгиски субстрат.[22] Поголеми и помали етнички поместувања и преселби се слочувале и подоцна низ бронзеното време, особено на преминот од бронзениот во железнодопскиот период кога се случиле големите егејски преселби што оделе во неколку бранови. Овие настани со одредени артефакти се

---

[18]Микулчиќ И., 1982, стр.127-143; Лилчиќ В., Спасоска Маркоска К., 1993, стр. 227-243; Лилчиќ В., 1994, стр.112-116; Микулчиќ И., 1999, стр.228-229 и 234-236; Лилчиќ В., 1997, стр.31-51;

[19] Mikulčić I., 1966, str.2; Garašanin M., 1979, str.114;

[20] Гарашанин М., 1975, стр.9-20; Гарашанин М., 1989, стр.29-34;

[21] Mikulčić I., 1966, str.6; Зоговиќ С., 1991, стр.169-174; Петрова Е., 1995, стр.50; Митревски Д., 1997, стр. 190-191;

[22] Петрова Е., 1996, стр.18-21; Митревски Д., 1997, стр.198-199; Зоговиќ С., 2001, стр. 84-121; Митревски Д., 2013, стр. 131 и понатака, особено стр.147-149 и 174-177;

регистрирани на повеќе локалитети од пелагониската рамница што секако имале и влијание на етничкиот состав на населението.[23]

Пелагонија и Пелагонците за долго не се во сферата на интересот на античките историчари. Нивното етничко потекло во науката се уште не е доволно разјаснето.[24] Од IV век с.е. потекнуваат двата епиграфски натписи од Атика каде се споменуваат двајца пелагониски базилеји. Од првиот натпис дознаваме дека во 365/4 год. Атињаните му доделиле проксенија и еугаристија на П[...τον Πε]λαγονων βασιλεα, а од вториот кој потекнува од 363/2 год. дознаваме дека некојси Μενελαοσ Πελαγον поради воената и паричната помош што му ја дал на атинскиот стратег Тимотеј во војната против Халкида и Амфиполис станал еуергет на Атина.[25] Во овој период Пелагонците најверојатно егзистираат како самостојна политичка заедница на чело со сопствен кралски претставник. За време на Филип II Пајонија е под македонска доминација, како и за време на Александар III, но по неговата смрт политичката ситуација на овој дел од Балканот се усложнува. Пајонија за времето на Патрај најверојатно останува македонска стратегија, за време на Авдолеон и Леон е независна, а за време на Дропион се споменува и пајонскиот којнон. Последниот познат пајонски владател е Дропион, а крајот на пајонската држава се поврзува со годината 230 с.е. кога поголемиот дел од пајонското кралство влегува во составот на македонската држава.[26] Римскиот историчар Плиниј забележал дека Пелагонците биле едно од пајонските племиња, а на Пајонија и припаѓала и земјата на Деуриопите.[27] Но исто така неоспорен е фактот дека овие територии заедно со Линк, Орестида и Елимеја обично се нарекувале Горна Македонија, односно тоа се изворните македонски подрачја што биле управувани од сопствени династи, за што зборуваат Тукидит и Страбон.[28] По овие прашања во нашата наука се изнесени повеќе мислења.[29] Дека Пелагонците како

---

[23] Mikulčić I., 1966, str. 6-12 i ponataka; Китаноски Б., 1994, стр.51-56; Митревски Д., 1995, стр,61-63; Истиот, 1997, стр.62-70 и 199; Петрова Е., 1995, стр. 47-50; Истата, 1996, стр.56-59, 63-64 и 97-101; Зоговиќ С., 2001, стр.103-131; Митревски Д., 2013, стр. 191-194 и 214-217;

[24] Vulić N., 1926, 1-26; Папазоглу Ф., 1954, стр. 323-339; Mikulčić I, 1966, str.6-36; Битракова Грозданова В., 1987, стр.17-18; Митревски Д., 1997, стр.190-193 и 197-204; Петрова Е., 1995, стр.50-51; Истата,1996, стр.56-58 и 100-101; Проева Н., 1997, стр.106-107;

[25] Папазоглу Ф., 1954, стр. 324; Истата, 1957, стр. 199-200; Mikulčić I, 1966, str. 72-73; Истиот, 1999, стр. 53; Петрова Е., 1995, стр.50-51;

[26] Папазоглу Ф., 1954, стр. 325-326; Истата 1957, стр.200 и 231; Соколовска В., 1986, стр, 21-27; Битракова Грозданова В., 1987, стр, 18-23; Проева Н., 1997, стр.45-46, 75; Петрова Е., 1999, стр. 13-26;

[27] Проева Н., 1997, стр. 106; Микулчиќ И., 1999, стр. 52; Митревски Д., 1997, стр.191-192;

[28] Папазоглу Ф., 1957, стр.168-169; Проева Н., 1997, стр.94; Митревски Д., 1997, стр.191 и 210;

[29] Папазоглу Ф., 1954, стр.323-340; Истата, 1957, стр,167-171и 199-202; Mikulčić I., 1966, str. 6 и 68-74; Папазоглу Ф., 1977, стр.65-66 и 69; Соколовска В., 1986, стр. 26-27; Битракова Грозданова В., 1987, стр. 17-18; Проева Н., 1997, стр. 105-108; Митревски Д., 1997, стр.210-211 и понатака ;

Деуриопите и Линкестите биле дел од горномакедонските племиња кои биле во составот на македонската држава на одреден начин се потврдени и со монетарните наоди од теренот што во најголем дел припаѓаат на македонските кралеви, особено од Филип II па натака, наспроти пеонските коишто скоро и да ги нема.[30] Во корист на оваа теза одат и неодамна пронајдените репрезенти од локалитетот Старо Бонче.[31] По пропаста на пајонската држава зачестуваат и илиро - дарданските ограбувачки продори и пустошења по Пајонија и Македонија. Овој податок е дотолку позначаен затоа што дел од овие продори кон Македонија се одвивале токму преку нашата котлина, односно преку споменатите северни патишта и премини при што секако страдала и Пелагонија.[32] За времето на втората римско - македонска војна 200 - 197 год. с.е. во Пелагонија, односно во околината на Хераклеа 199 год. се случил и првиот поголем судир меѓу Римјаните и Македонците. Тогаш македонскиот крал Филип V за да ги обезбеди северните граници од упадите на Дарданците коишто биле во сојуз со Римјаните го испратил својот малолетен син Персеј да го запоседни северниот премин од пелагониската рамница. Според одредени анализи од проучувачите на оваа проблематика овдека најверојатно станува збор за преминот Барбарас близу нашиот локалитет.[33] После втората римско – македонска војна се променила и политиката на Дарданците према Македонија и за подолго време тие не преземаат никакви акции.[34] Во 167 год. с.е. по третата римско – македонска војна Македонија ја губи својата независност и станува римски протекторат. Македонија е поделена на четири дела – мериди. Средиште на четвртата мерида е градот Пелагонија што бил уреден најверојатно по теркот на останатите римски административно-упртавни центри од муниципален карактер.[35] По неуспешното востание на Андрикс, лажниот Филип, во 148 год. с.е. Македонија станува римска провинција и база за понатамошните римски освојувања на Балканот, но во исто време и мета на напади од страна на варварските народи од север.[36] Во втората половина од II век и првата половина на I век с.е. актуелни се нападите на Скордисците, Дарданците, Медите, Бесите, Денталетите, понтскиот крал Митридат, а околу

[30] Микулчиќ И., 1966, стр.64-65; Лилчиќ В., 1997, стр.7-23;
[31] Темелкоски Д., Жуел П., 2007;
[32] Папазоглу Ф., 1954, стр. 326-330; Istata, 1969, 111-123; Истата, 1988, стр. 153-154;
[33] Vulić N., 1926, str. 21-38; Папазоглу Ф., 1954, 328-329; Istata, 1969, 120-121; Mikulčić I., 1966, str.82-83; Битракова-Грозданова В., 1987, стр.31; Лилчиќ В., 1997, стр.31-51; Микулчиќ И., 1999, стр.95;
[34] Papazoglu F., 1969, str. 122-123 и понатака;
[35] Папазоглу Ф., 1954, стр. 331-332; Истата, 1957, стр. 203-209; Битракова-Грозданова В., 1987, стр. 18; Микулчиќ И., 1999, стр. 80-81; Проева Н., 1997, 78-79 и 242-243;
[36] Папазоглу Ф., 1957, стр.74-86; Проева Н., 1997, стр.78-79 и 242-243; Грозданова-Битракова В., 1987, стр. 35-36;

средината на I век с.е. Македонија не е поштедена ни од граѓанските војни во Рим.[37] Во ова време тука ќе бидат стационирани двасетина римски легии.[38] По овие настани животот на овие простори постепено ќе се нормализира, а за време на принципатот I-III век н.е. Македонија како впрочем и останатите римски провинции доживува силен општествен, економски и културен развој. Ова најповеќе можеме да го следиме пред се од малкуте и по бројност и по обем истражени археолошки локалитети и материјални остатоци регистрирани на нашите простори, како на пр.: Исар – Марвинци, Стоби, Хераклеа, Стибера, како и Скупи во Горна Мезија.[39] Населението постепено се романизира за што во голема мера придонесле и бројните новоформирани римски колонии.[40] Од друга страна во првите векови од Христовата ера робовладетелскиот систем постепено влегува во една перманентна криза. Новите духовни вредности и социјални превирања ќе влијаат и на другите општествено-економски и политички односи. Стопанскиот систем постепено се распаѓа, а хаосот што ја зафатил римската војска ќе кулминира околу средината на III век, односно во периодот меѓу 235 - 284 год.[41] Оваа ситуација ќе ја искористат варварските народи што живееле од другата страна на Дунав и тие ќе се впуштат во грабежи и пустошења. Еден ваков продор на нашиве простори од страна на Готите и Херулите е регистриран уште во 267/8 и 268/9 год. за време царувањето на Галиен, односно кога настрадале регионите на Добер и Пелагонија, а Стибера била срамнета со земјата.[42] Сето ова ќе го сопре енергичниот Диоклецијан со едни сеопфатни реформи во сите домени од животот на државата, како на пр.: административни, економски, стопански и реформи во војската, со што ќе започне и големата реставрација на Римското Царство, а ќе продолжат и во времето на Константин I Велики со реформи и во духовниот живот.[43] Времето на доцноримскиот и рановизантискиот период ќе бидат предмет на подетална разработка во оваа дисертација па затоа овдека накратко ќе се задржиме на одредени позначајни моменти. Најверојатно уште кон самиот крај од III век или во првите години од IV век по иницијатива на цезарот

---

[37] Papazoglu F., 1969, str.133-142 i 220-241; Проева Н., 1994, стр. 121-123; Истата., 1997, стр. 252-257; Панов М., 1999, стр.185-200;

[38] Проева Н., 1997, стр.254;

[39] Проева, 1997, стр. 260-262; Соколовска В., 1986, стр. 97-137; Микулчиќ И., 1999, стр. 42-49, 55-72, 132-144, 160-171 со цит. лит.; Корачевиќ Д., 2002; Микулчиќ И., 2003; За општите општествено-историски текови во Римската Империја види Машкин Н.А., 1951, стр. 311-462;

[40] Проева Н., 1997, стр.259;

[41] Машкин Н.А., 1951, 463-484; Острогорски Г., 1959, стр. 50;
Проева Н., 1997, стр.260-262; Микулчиќ И., 1999, стр. 189-190;

[42] Папазоглу Ф., 1957, стр. 208 и 251; Микулчиќ И., 1999, стр. 59;

[43] Машкин Н.А., 1951, стр. 488-495; Острогорски Г., 1959, стр.50-63;

Галериј од големата провинција Македонија биле издвоени и формирани новите провинции Тесалија и Нов Епир.[44] По смртта на Галериј 311 год. се распаднала и тетрархијата. Константин и Ликиниј го поделиле царството на два дела. Настанал спор околу дијацезите Дакија и Македонија со кои владеел Ликиниј, а Константин не се сложил. Настанал голем конфликт. На овој простор била сконцентрирана голема војска. Од овој период најверојатно потекнуваат и поголемиот број воени логори, каструми и кастели каде била сместена војската од двете страни.[45] Доцната антика е исполнета со бројни продори и пустошења на разни варварски народи што биле населени и стационирани во Источна Европа и северно од римскиот лимес. Дел од овие народи ќе се населат на Балканскиот Полуостров како впрочем и на останатите простори од европскиот дел на Римската Империја, во историјата позната како "голема преселба на народите".[46] Во периодот на IV и V век актуелни се продорите на Готите и Хуните. Во последните години од владеењето на Константин I под притисок на Готите од Банат и Трансилванија во балканските провинции Горна и Долна Мезија, Тракија и Македонија биле населени околу 300.000 Сармати.[47] Од пространствата на Јужна Русија и Украина, под налетот на Хуните од Централна Азија, тргнале народите на Источните и Западните Готи и побарале заштита на територијата од Римското Царство. Тие биле населени во провинцијата Долна Мезија. Незадоволни од односот и третманот на римските власти се кренале на бунт. Во 378 год. кај Хадрианопол го поразиле Валенс, а во 379/80 год. од Тракија по патот Сердика – Стоби тргнале кон Тесалоника. Некаде во Повардаријето војската на новоизбраниот император Теодосије I била разбиена, а Западните Готи се впуштиле во палење и грабеж на околните региони по што се повлекле во Долна Мезија. Во 395 год. под водство на Аларих Западните Готи повторно се во Македонија и Тесалија, а во 397 год. на кратко се населиле на територијата на Стар и Нов Епир за да 401 година засекогаш ги напуштат овие краеви и се населат во Јужна Франција и Шпанија.[48] Овие настани резулирале и со нови административни промени. За подобро да се справи со Готите, Теодосиј I во 388 год. провинција Македонија ја поделил на два

---

[44] На ова место ќе ги прифатиме најновите резултати по ова прашање, види Панов Б. М., 2013, стр. 1084 – 1085 со цитираниот труд од 2006 год., наспроти постарите интерпретации од страна на Папазоглу Ф., 1957, стр.87-91;

[45] За овие настани накратко кај Машкин Н.А. 1951, стр. 496-497; Микулчиќ И., 1999, стр. 195-196, 273; Панов Б. М., 2013, стр. 1087 -1088;

[46] Острогорски Г., 1959, стр.71; Микулчиќ И., 1999, стр. 192;

[47] Микулчиќ И., 1995, стр. 243; Истиот, 1999, стр. 198;

[48] Машкин Н.А., 1951, стр. 518-520; Острогорски Г., 1959, стр. 72-75; Микулчиќ И., 1985, 243-248; Истиот, 1999, стр. 198-200; поопширно за ова види Панов Б. М., 2013, стр. 1094-1099;

дела, Македонија Прима и Македонија Салутарис, но за кратко. Во 402 год. по решавањето на проблемот со Готите двете новоформирани провинции биле укинати и била вратена старата состојба.[49] Кон средината на V век, поточно во 447 год, Хуните којшто биле населени во Панонија тргнале во голем поход по балканските провинции Мезија, Тракија, Македонија, Тесалија, Стар и Нов Епир при што ограбиле и разрушиле околу 70 градови.[50] Овие настани повторно условиле нови административни промени. За време на Теодосиј II, во 448 год. македонската провинција по втор пат била поделана на два дела, сега на Македонија Прима и Македонија Секунда и таа состојба ќе трае некаде до 535 - 545 год.[51] Северна Пелагонија и нашиот локалитет ќе влезат во рамките на провиција Македонија Секунда со главен град Стоби. Во 479 год. Источните Готи што биле населени во Долна Мезија и Тракија под водство на Теодорих Амал којшто бил и врховен командант на римската војска тргнале преку Македонија кон Нов Епир со намера таму да се населат. По патот Стоби го ограбиле, Хераклеја ја запалиле, а потоа се обиделе да го освојат и градот Лихнид во што не успеале. По неколку години повторно тргнале назад кон Долна Мезија при што ограбиле неколку помали места околу Тесалоника и Лариса, но наместо за Долна Мезија тие заминале за Италија каде ја основале својата престолнина Равена и завладеале скоро со целото јадранско приморје.[52] Шестиот век се карактеризира со хуно-бугарските и аваро-словенските продори, грабежи и пустошења што ќе завршат при крајот на VI, односно почетокот на VII век со конечно населување на Словените на македонските и пошироките балкански простори.[53] На ова место овој воведен дел ќе го завршиме од веќе претходно наведените причини.

---

[49] Панов Б. М., 2013, стр. 1097 – 1099;

[50] ВИИНЈ, 1955, стр. 9-16; Острогорски Г., 1959, стр. 77; Микулчиќ И., 1985, стр. 248; Истиот, 1999, стр. 201-202;

[51] Панов Б. М., 2013, стр. 1101 и 1108; За овој проблем види: Микулчиќ И., 1999, стр. 207 – 221;

[52] Острогорски Г., 1959, стр. 82; Микулчиќ И., 1985, стр. 248-249; Истиот, 1999, стр., 202-203; За истото и Панов Б. М., 2013, стр. 1102 – 1103;

[53] Поопширно за овие настани види: ВИИНЈ, 1955; Баришић Ф., 1953; Максимовић Љ., 1972; Панов М., 2013, стр. 1104 – 1117 и понатака;

## 2. Анализа на културната стратиграфија и движниот археолошки материјал

### 2.1. Предисториски период

Археолошките ископувања преземени во 1964 год. ги дадоа првичните резултати за временските и културните рамки што ја поседува стратиграфијата на овој локалитет, а беа регистрирани културни слоеви од бронзенодопскиот, халштатскиот, еленистичкиот, римскиот, раниот византиски и средновековниот период.[54] Во досегашните објавени трудови во стручната и научната литература материјалот од предисторискиот период воопшто не е познат, обработуван и презентиран, па затоа на ова место сакаме да се задржиме малку пошироко на прашањата што се поврзани со оваа проблематика.

Пелагонија уште од најстарите предисториски времиња во споредба со останатите делови на нашата земја била доста густо населена. За тоа ни сведочат бројните археолошки наоѓалишта што се регистрирани или истражувани.[55] Секако за ваквата слика придонесле оптималните географско-климатски услови што овозможиле поволен општествен, стопански, културен и секаков друг развој на предисторискиот човек на овие простори. Од неолитскиот период позната е т.н. велушко - породинска културна група лоцирана во јужниот дел од пелагониската рамнина претставена со неколку локалитети, а одредени влијанија се регистрираат и на другите посеверни делови од котлината па и пошироко. Таа како впрочем и другите неолитски култури на просторот од Македонија како и од пошироките источно-балкански простори припаѓа на големиот балканско-анадолски културен комплекс.[56] Од времето на енеолитот позната е групата Шупливац – Бакарно Гумно што ја опфаќа целата пелагониска рамнина со повеќе локалитети.[57] Бронзениот период во главно помалку е истражуван и голем дел од проблемите стојат се уште отворени.[58] Состојбата со

---

[54] Babić B., 1965, str.62-64; Бабиќ Б., Hensel W., Rauhutowa J., 1976, стр.251; Hensel W., 1978, str.7;

[55] Mikulčić I., 1966, str.6-36; Санев В., Симовска Д., Китаноски Б., Саржоски С., 1976, стр.14-16; Санев В., 1994, стр.32; Китаноски Б., 1994, стр.51; Пашиќ Р., 1994,стр.65-66; За поновите истражувања види: Темелкоски Д., Митkоски А., 2006, стр. 55-80; Темелкоски Д., Митkоски А., 2008, стр. 93-108; Темелкоски Д., Митkоски А., 2008а, стр. 115-134; Митkоски А., 2010, стр. 49-80; Митковски А., 2011, стр. 125-170; Митревски Д., 2013, стр.83-267;

[56] Гарашанин М., 1975, стр.11-12; Санев В., 1978, стр.73-76; Garašanin M., 1979, str.107-114; Garašanin M., 1982, str.31-32; Гарашанин М., 1989, стр.29-30; Санев В., 1994, стр.32-33; Митревски Д., 2013, стр. 93-94, 104-107,

[57] Гарашанин М., Симовска Д., 1976, стр.9-41; Jovanović B., 1979, str.381-395; Гарашанин М., 1989, стр.31; Kitanoski B., 1992, str.231-241; Колиштркоска Настева И., 1994, стр.43; Митревски Д., 2013, стр. 147-149;

[58] Китаноски Б., 1978, стр.27-33; Китаноски Б., 1994, стр.51-61, Петрова Е., 1996, стр.3-68; Митревски Д., 1997, стр.19-70; Митревски Д., 2013, стр. 166 и понатака;

железнодопскиот период ако се одземат некрополите е слична.[59] Во подлабоката предисторија населбите биле лоцирани во главно на природно или вештачко создадени возвишенија т.н. тумби или телови коишто пред се населението го штителе од подземните води во баровитите и мочурливи предели на пелагониската рамнина, а истовремено давале и одредена сигурност на жителите. Тие во главно се повеќеслојни наоѓалишта што биле користени со одредени хијатуси во еден подолг временски период. Живеалиштата најчесто биле надземни, правоаголни и трапезовидни куќи изградени од дрво, плетер и кал со лесни покриви изведени од слама и подови од набиена земја, понекогаш и со дрвени субструкции за заштита од влагата, а многу поретко се среќаваат и земјанки со кружна форма. Во главно предисторискиот човек од овие простори се занимавал со земјоделие и сточарство, а не помалку и со лов и риболов, а од домашните занаети практикувал изработка на керамички производи, потоа изработка на разни видови алатки и оружје од камен и коска, обработка на кожа, изработка на ткаенини, култни предмети и т.н.[60] Една ваква тумба на која во текот на нејзиното вековно користење се наталожиле дебели културни наслојки претставува и нашиот локалитет. Како што напоменавме со првите археолошки ископувања беа регистрирани слоеви од предисторискиот период, но исто така вакви слоеви биле регистрирани и со сондажните ископувања во годините 1970/71 во југоисточниот дел од локалитетот, како и во завршните ископувања од 1987/88 год. во S II, кв. 203 што се наоѓа покрај самиот североисточен одбранбен ѕид, Пл.1 и 3. На ова место би напомenале дека во последните ископувања за прв пат се дошло и до самата здравица со што на некој начин беа заокружени сознанијата за вертикалната културна стратиграфија на овој локалитет, односно дека културните слоеви на овој локалитет започнуваат т.е. завршуваат со доцниот неолитски период.[61]

---

[59] Mikulčić I., 1966, str.6-36; Пашиќ Р., 1994, стр.65-67; Петрова Е., 1996, стр.69-114; Митревски Д., 1997, стр.96-100 и 123-124; Митревски Д., 2013, стр. 214 и понатака;

[60] Benac A., Garašanin M., Srejović D., 1979, str.659-667; Санев В., 1978, стр.74; Санев В., 1994, стр.61;

[61] Тригодишен извештај за периодот 1986-1988, стр. 36-37 и 41;

### 2.1.1. Доцнонеолитски период

Според резултатите од прелиминарните извештајни трудови и анализата направена на археолошката документација и движниот археолошки материјал би можеле да го кажеме следното. Најстарите артефакти се регистрирани во кв. 203, S II. Тука на една мала површина со димензии 2.00 x 1.50 м. бележиме три хоризонти на живеење со остатоци од стамбени објекти, односно живеалишта градени од плетер премечкани со кал и подови изведени од набиена земја, Црт.1 и 2. Во најстариот културен слој со дебелина од 30 - 40 см. и со подно ниво сса кота 617.06/00 регистрираме керамички фрагменти од различни типови на топчести, полутопчести, конусни или биконусни садови со повисоко или пониско извлечени вертикални вратови или со поотворени или позатворени реципиенти. Пофината керамика најчесто е изработена од пречистена глина, а погрубата со примеси од ситен кварцен песок, црно, сиво, црвено или кафенушкаво печена, а површината мазнета или глачана понекогаш и до висок сјај. Честопати истата е украсена со подлабоки ребрасти или плитки канелури што скоро и да не се приметуваат, Т.I.1-12. На овој слој припаѓа и малата глинена фигурина од типот со т.н. птичјо лице, како и фрагментот од долниот дел од уште една теракотна фигурина со врежани орнаменти, Т.II.9 и 11. Во следниот културен слој, со подно ниво на кота 617.45, регистрирани се керамички фрагменти од различни типови на садови најчесто црвеникаво до окер, кафенушкаво или сиво-црно печени во различни нијанси. Овдека би издвоиле неколку примери, односно еден фрагмент што припаѓа на топчест сад со висок вертикален врат, фрагменти од конусни и биконусни чинии и поголеми садови, една фрагментирана конусна паничка со кратко извлечен вертикален дел, потоа еден фрагментиран сад со пириформна форма, една рожеста и една јазичеста рачка и т.н. Т.I. 18 и 22. Т.II. 6, 8 и 10. На споменатиот материјал би додале и одреден број на керамички фрагменти од најдолниот културен слој од ископувањата преземени во 1970/71 год. во југоисточниот дел од локалитетот, Пл.1.[62] Тука наоѓаме фрагменти од поголеми топчести садови со кратко вертикално извлечен горен дел. Фрагменти од цилиндрични садови. Поголеми и помали конусни садови со профилирани ѕидови со нешто постеснат или поразгранат горен дел, украсени со плитки или подлабоки

---

[62] Ископувани се сондите I/70 II/70 кој во 1971 год. се проширени и доистражени. Од овие истражувања за културните слоеви од предисторискиот период освен креамичкиот материјал е измешан и некомплетен не поседуваме некаква друга пишана или илустративна документација.

канелури и боцкани орнаменти темно сиво до црно печени и глачани, понекогаш и до висок сјај. Фрагменти од поголеми садови со вертикално извлечен горен дел и задебелен раб. Грубо изработени грнињa со петличести рачки на мевот. Една рожеста рачка и т.н.,Т.I. 13-17, 19-21, Т.II. 1-5, 7,8 и 10 и Т.III.2,3;

Сите овдека презентирани фрагменти несомнено ги носат особините на керамиката од неолотскиот период, но како покарактеристични би ги издвоиле следниве. Фрагментите од најдолниот културен слој во кв. 203 што припаѓаат на конусните паници или чинии со пократко или повисоко извлечен вертикален дел со конкавни ѕидови и поблаг или поостар премин од вратот кон телото, на овие простори имаат постари традиции, Т.I.1,2.[63] Нивната појава кај нас се следи уште од постариот неолит во велушко-породинската културна група, па преку средниот и доцниот неолит длабоко навлегуваат во енеолитот, а можат да се пратат и понатака низ времето.[64] Во долгиот еволутивен развој нашите фрагменти секако припаѓаат на една од подоцнежните неолитски фази. Еден од фрагментите е украсен со подлабоки вертикални ребрасти ripplade канелури што како аналогија ги имаме на локалитетот Устие на Дрим, а другиот фрагмент со нешто поостра профилација, carinated bowl, го имаме на локалитетот Чука – Тополчани.[65] Двата примери упатуваат на одредени постари елементи, но неколкуте керамички фрагменти од садови чија форма не може да се утврди, а се украсени со плитки, скоро неприметни канелури укажуваат на одредени влијанија од винчанската културна група која преку скопската и овчеполската котлина стасале и на овие простори, Т.I.10-12. Слични бројни аналогни примери имаме на локалитетите Барутница кај с. Амзибегово - штипско, Зелениково - скопско, Чибук Чешма кај с. Никуштак - кумановско, Страната кај с. Ангелци – струмичко, Кутлине кај с. Ракле и Могила – прилепско и т.н., сите датирани во доцниот неолит.[66] Во тој контекст би ја споменале и глинената фигурина од типот со т.н. птичјо лице карактеристични

[63] Во литературата можат да се сретнат и со поинаков опис како на пр.: биконусни со вертикален врат или како садови со "s" профилација и т.н.;

[64] Симоска Д., Санев В., 1975, стр. 47-60 и 77, Т. VII,2,3, Т. VIII,1,2; Китаноски Б., 1977, стр.37-38, сл, 4,5 и 8; Симоска Д., Китаноски Б., Тодоровиќ Ј., 1976, стр. 51, sl. 7, тип XVI; Garašanin M., 1979, str.110, sl.10, br.1i3; Garašanin M., 1982, str.31;

[65] Benac A., 1979, str. 461, T.VXXI, 5; Китаноски Б., 1977, стр.30, сл.8;

[66] Корошец П., Корошец Ј., 1973, стр.58-59 и 66-67; Т.XXVII; Гарашанин М., Спасовска Г., 1976, стр. 105 и 108-112, Т.VII; Здравковски Д., 1993, стр.19-20. Т.II, 3-4; Санев В., Стаменова М., 1989, стр.18-22, Т.V,5, Т.IX,18; Мислење за канелираната орнаментика види Гарашанин М. Спасовска Г., 1976, стр. 109; Garašanin M., 1979, str. 200-201; Санев В., 1994, стр.30; Гарашанин М., 1989, стр. 28-29; Темелковски Д., Миткоски А., 2008, стр. 103, Т./11,14-17;

за доцниот неолитски период Т.II.11.[67] Овие особености на нашиот материјал слободно можеме да ги надоврземе на последната фаза од локалитетот Чука Тополчани, односно со помладата фаза од групата Зелениково II. Во прилог на оваа датација секако оди и фактот на потполно отсуство на сликаната керамика која се јавува како една од особеностите на раниот и средниот неолит.[68]

Материјалот од следниот културен слој е во континуитет со претходниот. Слични фрагменти на топчести садови со вертикално извлечен врат, потоа фрагменти од конусни и биконусни садови, рожеста рачка и т.н., Т.I.7,18 и 22, Т.II.6. На овој слој припаѓаат и неколкуте фрагменти од една иста конусна паничка со оштра профилација, кратко и вертикално извлечен горен дел, со конкавни ѕидови, изработена од пречистена глина, окер до црвенкасто печена и со глачана површина, Т.II.10. Како што веќе погоре напоменавме овој тип на сдови - панички на овие простори имаат постари традиции. Многу блиска аналогија наоѓаме на локалитетот Устие на Дрим, но и во материјалот од винчанско-плочничката фаза, па дури и на локалитетите од сопотската културна група која влегува во рамките на големиот балканско - анадолски културен комплекс.[69] Со иста техника и технологија на изработка и боја на печење е садот со пириформна форма, со нешто поволечен раб и рамно дно или можеби со конусна нога.? Горната половина од садот е украсен со врежани вертикални низи од триаголници исполнети со боцкана техника, а на преминот од сферичниот кон конусниот дел со брадавичести апликации, Т.II.8. Како и претходните и овој сад има свои постари претставници на пелагониските простори, односно на локалитетот Мала Трнска Тумба, но како поблиска аналогија би го спомενале фрагментот од локалитетот Могила кај с. Сенокос.[70] Потеклото на оваа форма на садови се поврзува со западно-медитеранскиот културен комплекс, односно со јадранското крајбрежије од каде подоцна се шири по внатрешноста на балканските простори, но има и такви учени што гледаат одредени влијанија од молдавско-украинските простори, во секој случај не доволно разјаснето.[71] Мотивот со кој е украсен садот има свои подлабоки корени уште во сликаната керамика во вршничката и велушко -

[67] Гарашанин М., Спасовска Г., 1976, стр. 110; Garašanin M., 1979, str.180, 187, 201, 209, sl.13/32, T.XXXI,3, T.XXXVII, 4,6; Гарашанин М., 1973, стр.92; Колиштрковска-Настева И., 2005, стр.32, кат.ед. 13,16; Темелкоски Д., Миткоски А., 2001, стр. 53-70, сл.1, Т.II.8;

[68] Тука можеме да наведиме повеќе локалитети од анзабегово-вршничката и велушко-породинската културна група.

[69] Санев В., Симоска Д., Китаноски Б., Саржоски С., 1976, стр.15, кат.бр.353; Гарашанин М., 1973, стр.91, Т.9 сл.2; Dimitrijević S., 1979, str.274-285, sl.15, br.1i18, sl.16.br.1,10 i 27, T. XLVI,1,2;

[70] Симовска Д., Санев В., 1977, стр.229, Т. IV,12; Темелкоски Д., Митковски А., 2006, стр.60, Т.III.4;

[71] Корошец П., Корошец Ј., 1973, стр.65; Симовска Д., Санев В., 1977, стр.229-232; Benac A., 1979, str.452 i 465;

породинската културна група.[72] Слични се мотивите на врежани - штрафирани триаголници на споменатиот сад од локалитет Мала Трнска Тумба.[73] Мотиви со боцкани орнаменти има во бутмирската и винчанската културна група.[74] На ова место би го споменале садот од Бачка Моноштра што припаѓа на зенгеверкоњ-ленѓелската културна група кој по форма е најблизок на нашиот пример, односно има нешто поовлечени рабови, без орнаментика, но украсен со исти такви брадавичести додатоци, а датира некаде од самиот крај на неолитскиот период и почетокот на енеолитот.[75] На ова место нема да шпекулираме дали споменатите садови имаат автохтоно или друго потекло, бидејќи истражувањата како и самиот материјал се ограничени и недоволни за едни попродлабочени анализи и посериозни заклучоци.

Одреден број на керамички фрагменти регистрирани во најдолниот културерн слој од ископите поставени во 1970/71 година исто така ги носат особеностите на неолитскиот период. Така на пример топчестите садови со кратко извлечен вертикален врат, потоа поголемите и помали конусни садови со профилирани ѕидови и нешто позатворен или поразгранат реципиент, со глачана површина, темносиво до црно печени, имаат постари неолитски традиции во големиот балканско - анадолски културен комплекс, Т.I.13 - 17 и 19, 20.[76] Фрагментите од црно печени садови со полирана површина до висок сјај со беличаст прелом украсени со канелирана орнаментика ги носат одликите на групата Димини-Арапи, односно групата Лариса од Тесалија, Т.I.13 и 14.[77] Оваа врста на керамички садови кај нас се јавува на повеќе локалитетите од анзабегово – вршничката културна група, Зелениково II, Страната кај с. Ангелци и т.н., како и на одредени локалитети од пелагонискиот регион.[78] Садови со петличести додатоци, рачки со рожеста форма или со роглести додатоци, потоа обичните сиво или темно сиво печени садови украсени со боцкана Kerbschniff орнаментика и брадавичести апликации или поголемите садови со високо извлечени вратови и задебелени рабови се среќаваат на истите споменати локалитети, Т.I.15-17 и 21, Т.II.1-5 и 7.[79]

---

[72] Симовска Д., Санев В., 1975, стр.54; Garašanin M., 1979, str.92i112, T.XIII,2; Санев В., Симовска Д., Китаноски Б., Саржоски С., 1976, стр.13, к.бр.49;
[73] Симовска Д., Санев В., 1977, стр.228, Т.II,1; Benac A., 1979, str.465;
[74] Garašanin M., 1979, str.183-184, T.XXIX; Benac A., 1979, str.430-431 i 452, Sl.23/8;
[75] Brukner B., 1968, str.103, T.V.37;
[76] Garašanin M.,1979...; Гарашанин М., Спасовска Г., 1976, Т.I,3,5 и 6;
[77] Гарашанин М., 1989, стр.30-31;
[78] Гарашанин М., Спасовска Г., 1976, стр. 103; Санев В., 1989, стр.19; Гарашанин М., 1989, стр.31;
[79] Гарашанин М., Спасовска Г., 1976, Т.I,2,3,5,6; Санев В., Стаменова М., 1989, стр.16-22, Т.I,3,4, Т.II,6, Т.IX,12,13,15,18; Т.X,5

Сите овие наведени особености се карактеристика на садовите од поширокиот балканско-анадолски културен круг од доцниот неолит.[80]

На крајот ако ги сумираме резултатите, фактите и аргументите од претходната анализа би дошле до истата констатација што ја дале постарите истражувачи и познавачи на оваа проблематика, односно дека Пелагонија припаѓа на преодната зона меѓу источниот, балканско - анадолски и западниот циркум - медитерански културен комплекс.[81] Тука се преплетуваат различни елементи и влијанија од различни културни групи на помладиот неолит, но како доминантен би го издвоиле автохтониот елемент, со локални карактеристики, кој под различни влијанија од северот и југот, истокот и западот, следи еден свој сопствен еволутивен развој. Овој мал прилог од керамички фрагменти сметаме дека донекаде ќе ја надополни празнината што постои во стручната и научната литература за доцниот неолит во Пелагонија и ќе придонесе за понатамошно разрешување на одредени прашања што стојат како отворени во науката.[82]

[80] Garašanin M., 1982, str.49-53;
[81] Гарашанин М., 1975, стр.11-12; Гарашанин М., 1989, стр.28-31; Санев В., 1994, стр.33;
[82] Исто;

### 2.1.2. Енеолитски период

Понатака сликата за предисторискиот период во кв. 203 не е сосема јасна. Керамичкиот материјал од горниот, трет културен слој со подно ниво на кота 617.70/65 и со дебелина од сса 0.80 м. е мешан. Одреден број на фрагменти ги носат особините од постариот неолитски период. Тука имаме најчесто фрагменти од биконусни садови, фрагменти со импресо декорација и фрагменти од поголеми и погрубо изработени садови со измазнети површини и високо, вертикално извлечени вратови со задебелени рабови Т.I.7, Т.II.2,3, Т.III.4, но неколкуте фрагменти од конусни панички со есовидна профилација и со нешто повисоко вертикално извлечен раб од коишто еден фрагмент украсен со графитна техника, како и еден фрагмент од кантаровиден сад со рачка како да ни го најавуваат енеолитскиот период, Т.III.1. Вакви примери наоѓаме во групата Бубањ-Селкуца-Криводол.[83] Сликата за енеолитот е многу појасна во споменатите сонди од југоисточниот дел на локалитетот каде на длабочина од 3.70/60/50 – 3.00 м. покрај постарите неолитски форми доминираат различни садови украсени со боцкана орнаментика, т.н. организиран импресо, меѓу кои бројни се садовите со четвртаста форма, садови со вовлечени рабови и тунулести рачина, разни кантаровидни садови, обични топчести садови со слабо профилиран изливник кои наликуваат на старите старчевачки форми, големи садов со рачки кои го спојуваат вратот и мевот од садот, разни тунулести и јазичести рачина, рачки со чепче и т.н., Т.III. 2, 3 и 6-18 и Т.III. 1, 4-9.[84] Најадекватни аналогии за нашиве примери наоѓаме на повеќе локалитети во пелагонискиот регион од т.н. група Шупливец – Бакарно Гумно, како на пр. Шупливец, Црнобуки, Бакарно Гумно, Тумба – Карамани, Големи Камен – Лопатица, Трештена Стена - Манастир и др.[85] Според постарите истражувачи на оваа проблематика овие садови ги носат карактеристиките на енеолитскиот период, поточно на групата Шупливец-Бакарно Гумно, а се рашириле на овие простори со новите доселеници од север, односно со ширењето на носителите на културата Бубањ-Селкуца-Криводол, како на пример

---

[83] Tasić N., 1979, str.100-104; Garašanin M., 1982, str.81, sl.39;
[84] Види забелешка 62;
[85] Гарашанин М., Симоска Д., 1976, стр.9-31, Т. II. 4,6, Т. IV. 29; Симоска Д., Китаноски Б., Тодоровиќ Ј., 1976, стр. 43-72, сл.4, Ib, Va, Vd, сл.6, Ib i d, Vd, XIVb i c, XV, T.I,8, T.V.2-4, T.VI.3-4, T.X; Kitanoski B., 1992, str.231-238, T.I i II; Симоска Д., Китаноски Б., Тодоровиќ Ј., 1977, стр.9-23, сл.3; и Темелкоски Д., Митковски А., 2008а, стр. 115-130, T.3/7,16, T.4/5,6,9,14, T.5/3,4,9,11, T.6/8,10,11; Митковски А., 2011, стр.125-140 T.I.4,6,13,16, T.II, 9, 13; T.III, 5,9,16, T.V, 9, T.VII,7, T.XV, 5,6, T.XVIII,14,19, T.XX,13, T.XXI,1,3,4,12 dr.

кантаровидните садови со рачки.[86] Не навлегувајќи во хронолошките прашања и прашањето на носителите на оваа пелагониска културна група на ова место само ќе ги споменеме најновите истражувања и видувања по ова прашање на проф. Митревски кој е на мислење дека групата Шупливец – Бакарно Гумно хронолошки треба да се помести нешто подолу од дадената хронологија од постарите истражувачи, односно некаде околу средината на енеолитскиот период.[87] Но овдека повторно гледаме одредени елементи од западните панонски простори, сега од т.н. ласињска културна група, пример садот чии мев има аглесто решение, украсен со врежана и пунктирана орнаментика, Т.III.5.[88] Одредени влијанија во материјалот се чуствува и од баденската културна група, Т.IV. 3.[89] Кога се случиле овие продори од север во овој момент тешко би дале прецизен одговор. Без потребната теренска археолошка документација, а само на основа скудниот, редуциран и измешан археолошки материјал кој го поседуваме пресмело би било да направиме некоја посериозна анализа и да дадеме одговор барем на основните прашања што се однесуваат на носителите и датирањето, односно времетраењето на оваа енеолитска културна група.

* * * *

Горните слоеви од предисторискиот период во сондите од 1970/71 година во голема мера се пореметени и проследени со мешан керамички материјал. Регистрираме бројни вкопани објекти - јами од помладите хронолошки периоди, како на пример од раноримскиот период и т.н. Дали керамичкиот материјал што го поседуваме има еден континуитет и во бронзенодопоскиот период во овој момент тешко е да се одговори. Фрагментите се ретки, а отсуството на елементи со најкарактеристичните особености за истиот, пример садовите од Арменохори групата или садовите со рачки што ја надминуваат висината на садот, односно работ од устинката не наведуваат во овој момент да бидиме воздржани.[90] Само одредени фрагменти со нивните општи карактеристики не потсетуваат на раното бронзено и железното време, како и на преодниот период, пр.: фрагмент од сад со цилиндричен врат и мали кружни рачина, фрагмент од сад со двојни брадавичести апликации, фрагмент од грубо изработен топчест сад со

[86] Tasić N., 1979, str.101-102, T.IX,8 i T.X,6;
[87] Митревски Д., 2013, стр. 147-149;
[88] Dimitrijević S., 1979, str.153 i 158-159; Симоска Д., Китаноски Б., Тодоровиќ Ј., 1976, VI,7;
[89] Dimitrijević S., 1979, str.214, T.XXII,8; Isto, str.287, T.XXVII.7;
[90] Дека овој локалитет бил кратко населен и во периодот на големите егејски преселби зборува и Mikulčić I., 1966, str. 9-10;

профилиран изливник, фрагмент од сад со мали вертикално или хоризонтално поставени рачина на мевот, фрагменти од рачки со аглести решенија, фрагмент од сад со конусен врат и нагласено мешлесто тело, панички со вовлечен и рамно засечен раб, фрагменти од садови со крагна и т.н., Т.IV. 2, 10 -17.[91] Одредени особености од наведениот материјал можат слободно да се припишат дури и на раноантичкиот период, како на пример садовите со крагна.[92] Дека овој локалитет бил повторно населен кон крајот на железното време ни покажуваат и двата површински наоди, односно една спојка од т.н. македонски или пајонски бронзи и еден фрагмент од бронзена фибула од типот двопетлести лачни фибули?, според одредени аналогии датрани во периодот на VII-VI век, Т.IV.18 и 19.[93]

---

[91] Kitanoski B., 1980, стр.21-31, сл.7, 11, 12; Китаноски Б., 1994, стр.51-57, сл.4,7,8 и 9; Sanev V., 199 , str.127-136, Pl.1,2; Митревски Д., 1997, стр.46-55, сл.10, сл.11/2,9,10, стр.120, сл.12-16; Jevtić M., 199., str. 78, T.XII,2, T.XIV, 1,6, T.XV, 4; Видески З., 2005, стр.89, T.VII.2, T.IX.1;

[92] Карпузова С., 2005, стр. 189, сл. 27;

[93] Bouzek J., 1973, str. 77, fig. 22:5 i str.133, fig. 42:2; Митревски Д., 1991, стр. 56-59, сл. 13, 33, 43 и 48; Папазовска А., 2005, стр. 115, сл.1;

## 2. 2. Раноантички период

Раната антика на локалитетот Градиште кај с. Дебреште го зафаќа периодот некаде од V – IV век с.е па се до падот на Македонија под римска власт 167, односно 148 год. с.е.[94] Стручната, научната, па и пошироката општествена јавност од досега објавените трудови по ова прашање многу малку е информирана. Се работи за сумарни податоци кои се засноваат на прелиминарните извештаји од ископувањата и првични сознанија направени без детална анализа и без доволно поткрепа и аргументација или сепаратно користен одреден вид археолошки материјал во контекст на одредени стручни или научни трудови.[95] Деталната анализа на археолошката документација, како и на движниот и недвижниот археолошки материјал ги даде следните резултати.

Уште со првите сондажни археолошки ископувања и истражувања направени во далечната 1964 год. откриени се значајни културни остатоци од овој период, односно движен и недвижен археолошки материјал. Дел од тој материјал го објавил проф. И. Микулчиќ во својата докторска дисертација.[96] Од овие почетни сознанија следат и подоцнежните општи заклучоци за локалитетот разгледуван во контекст на раната антика.[97] Во 1970/71 год. во Ископите I и II поставени во југоисточната четвртина од утвртената населба биле регистрирани слоеви од истиот период., Пл.1.[98] Во 1970 и 1972 год. во две различни археолошки кампањи откриен е дел од античката некропола којашто е лоцирана на cca 180 м. североисточно од источната порта, од левата страна на регионалниот пат Прилеп – Кичево. Откопани се и истажени дваесетина гробови од кои шест со сигурност се датирани во III, односно II-I век с.е., а остатокот од гробовите се дефинирани

[94] Во последно време во пошироката општествена јавност, но и во стручните и научните кругови се полемизира околу прашањето на употребата на старата терминологија за раната антика која се користи во нашата наука, односно на термините архајски, класичен, хеленистички и хеленистичко-римски период, коишто сепак се договорни термини и се однесуваат за јужниот сосед и „грчката", односно хеленската историја и култура, но користени се и во археолошката наука и литература кај нас, пр.: Mikulčić I., 1966, Манева Е., 1979, Соколовска В., 1985, Битракова Грозданова В., 1986, Папазоглу Ф., 1972; Истата, 1980, и т.н. Додека не се реши ова прашање во оваа прилика ќе ја користиме старата терминологија, односно ќе се обидеме истата да ја избегнеме. За тоа види Митревски Д., 2005 или терминот за хеленистичкиот период да го замениме со македонско-хеленистички или само македонски, види: Блажевска С., 2013, стр. 639 – 640;

[95] Mikulčić I., 1966, str. 50 i 75 i ponataka; Kaletyn T., 1972, str. 84-87; Соколовска В., 1980, кат. ед. бр. 350-352, 366, 367, 416 и 417; Битракова Грозданова В., 1986, стр. 118, 137-138; Микулчиќ И., 1996, стр.; Истиот, 1999, стр. 93-95; Бабиќ Б., 1996; стр. 294 - 296;

[96] Mikulčić I., 1966, str. 50 i 75 i ponataka;

[97] Истиот, 1999, стр. 93-95;

[98] Податоци вадени од теренскиот дневник од 1971 год.;

како неопределени или како оние со гробни наоди датирани во доцно римско време, односно во периодот од IV век н.е.[99] Со започнувањето на систематските археолошки ископувања во 1974 год. па се до 1989 год. во некои ископувани квадрати, како на пр.: кв. 203 и 311, S II и кв. 4 и 12, S IV, се допрело се до раноантичките слоеви. Дел од движниот археолошки материјал што го поседуваме потекнува и од погорните и помладите културни слоеви, но и како површински или случајни наоди. Но да одиме по ред.

Во 1987/88 год. во квадратот 203, S II, на кота 619.20/619.00/618.50 над предисториските слоеви беше регистриран слој со дебелина од 0.40 - 0.60 м. формиран од црвеникава глинеста земја. Овој слој од супервизорот на теренските истражувања е дефиниран како замјен насип којшто ја штител населбата од надојдените води во периодот на предисторијата, но не ја исклучил можноста да истиот можеби потекнува некаде и од III век. с.е., Црт. 2 и 2а.[100] По деталната анализа направена на целокупната археолошка документација на мислење сме дека овој слој не претставува заштитен насип туку дел од најстарата раноантичката фортификација со која била утврдена населбата. Зошто? Во 1970 год. при ископувањето на кулата бр. 1 лоцирана северно од источната порта над самата здравица регистрираме четири последователни слоеви на рушење формирани од стопени плитари, односно непечена тула, Црт.3.[101] Проф. И. Микулчиќ претпоставил дека оваа раноантичка населба најверојатно била утврдена, но дека остатоците од оваа фортификација не се сочувани, односно дека истите лежат под ѕидовите од подоцнежната доцноантичка фортификација градена во цврста малтерна техника. Оваа претпоставена фортификација со кули и две порти ја датира некаде во последните децении од III век с.е., но за каква фортификација точно станува збор нема коментар.[102] Истиот е на мислење дека се работи за градчето Πισσαιον кое настрадало во 217 год. с.е. за време на борбите на македонскиот крал Филип V со илирскиот крал Скердилаида кога истиот тој навлегол во Пелагонија и ги опустошил пограничните области од македонското кралство.[103] Раководителот на Проектот Б. Бабиќ исто така смета дека најстарата фортификација датира некаде од последните децении на III век с.е. и дека оваа утврдена населба во наредниот период неколку пати била рушена

---

[99] Kaletyn T., 1972, str.84-87; Дел од движните наоди објавува Соколовска В., 1980, кат. ед. бр. 350-352, 366, 367, 416 и 417;

[100] Трогодишен извештај за периодот 1986 – 1988 год., стр.32, односно Годишен извештај за 1987 год.;

[101] Осван неколку теренски цртежи други податоци за овие археолошки ископувања не поседуваме;

[102] Mikulčić I., 1966, str.81-82; Истиот, 1999, стр.95;

[103] Папазоглу Ф., 1957, стр. 201; Микулчиќ И., 1999, стр.93;

и палена, поврзувајќи ги сите овие катастрофи со трите римско-македонски војни, но исто така и тој не дава коментар за каква фортификација точно се работи.[104] Што се однесува до прашањето кога точно страдало ова утврдено градче во овој момент само можеме да шпекулираме бидејќи немаме прецизни стратиграфски податоци и адекватен археолошки материјал. Сега за сега единствен релевантен показател дека фортификацијата најмалку 3 до 4 пати била рушена и обновувана претставуваат резултатите од кулата бр. 1 и дека едно од рушењата најверојатно се случило некаде во периодот меѓу 167 и 148 год. кога Македонија паѓа под римска власт, за што имаме потврда во четирите сребрени тетрадрахми пронајдени во слојот од срушениот и опожарен стамбен објект ископуван во 1964 год., Пл.1 и Ф.34.[105] Оваа ситуација може да се насети и во кв. 12, S IV, сса кота 619.43, Црт.4. Од направената анализа на теренската археолошка документација во овој момент не може да се дефинираат најдолните нивелети од подовите на раноантичките слоеви. Единствено во кв. 311, S II, каде со ископувањето се слегло и најдлабоко, од анализата направена на движниот археолошки материјал и теренската документација би можеле да претпоставиме дака истите се наоѓаат некаде сса котите 618.20/25.[106] Додека горните нивелети од раноантички слоеви според направената анализа во централниот дел од населбата, 311, S II, кв. 4 и Ископ I/71 во S IV, како и во кв. 203, S II, се движиат околу котите 618.45/60, Црт. 2, 2а и 5. Како што погоре веќе напоменавме, висинската вредност од последниот раноантички слој во кв. 12, S IV, на просторот кај источната порта е нешто повисока и се движи некаде сса котите 619.45/63, Црт.4.

Прегледот на движниот археолошки материјал од раноантичкиот период ќе го започниме со една група на садови грубо и рачно изработени од непрочистена глина со примеси од покрупни и поситни гранули од кварцен песок, црвенкасто печени. Тоа се садови од видот на грнина што имаат бочваста, биконична форма, слабо профилиран изливник и потковичести, јазичести или некој друг вид на рачки поставени под работ од устинката или нешто подолу, T.V.1-3. Овој вид на керамички садови најразлично може да се третира. На пошироките балкански простори истите се познати уште од постарите предисториски времиња.[107] На

[104] Бабиќ Б., 1996, стр.296; Директните истражувачи и изведувачи на археолошките ископувања во завршните разгледувања најстарата фортификација, но градена од кршен камен и варов малтер ја датираат некаде во III век с.е., види Трогодишен извештај за периодот 1986-1988 год., стр. 42;

[105] Mikulčić I., 1966, str.75 i 82; Бабиќ Б., 1996, стр.294;

[106] Од теренската илустративна документација за овој квадрат поседуваме само црно-бели копии кој се со многу лош квалитет и не се соодветни за квалитетна презентација на ситуацијата;

[107] Микулчиќ И., Јовановиќ М., 1968, стр. 369-370, Соколовска В., 1991, стр.179, Карпузова С., 2005, стр.189;

територијата од Република Македонија присутни се на поголем број локалитети, особено во Повардарието, како на пр.: Градиште Бразда, Студеничани, Стоби, Исар – Марвинци, Вардарски Рид и т.н., а се датираат во периодот на VII, односно VI – IV век с.е.[108] Истите се пропратени со „грчки“ импорт што во голема мера придонесува за нивната хронолошка детерминација, но има примери кога овие садови се датираат и многу подоцна, односно некаде во III век с.е. или во раниот римски период.[109] Дали нашиве примери потекнуваат од периодот на VI – IV век с.е. или се од постарите или помладите културни слоеви во овој момент тешко е да се одговори. Фрагментите се пронајдени во Ископите I и II од 1970/71 год. на длабочина од 2.60 до 3.30 м. во мешан керамички материјал. Тука се вкопани и 8 до 9 поголеми и помали јами кои според анализата на археолошката документација и материјалот пронајден во нив цениме дека истите датираат некаде од почетокот на раноцарскиот период, I век н.е., Црт.8а и Ф.6 .[110] Сепак во овој случај како поткрепа на разгледуваните садови би ги спомenale неколкуте керамички фрагменти кои потекнуваат од истите слоеви, а припаѓаат на полутопчести паници со нешто проширени, рамно и хоризонтално засечени рабови, изработени од пречистена глина, сиво или црвено печени, потоа неколку фрагменти од хидрии, фрагмент од едно кантаровидно садче, сите црвенкасто печени, Т.VI.1-4 Вакви аналогни примери имаме на повеќе локалитети од територијата на Р. Македонија па и пошироко во главно населени со пајонска популација, а датирани во периодот на V – IV век с.е.[111] На ова време го припишуваме и фрагментот од еден кантарос премачкан со сиво-црн премаз, насликан со фигурални претстави и геометриски орнаменти изведени со беличаста ангоба во т.н. Сент Валентин стил, Т.VI.5, Ф.42. Вакви аналогни садови кои се сметаат за импорт ги има на локалитетите Бразда и Демир Капија, датирани некаде во втората половина на V век с.е.[112] Еден фрагмент од отворен сад со втисната палмета на дното, премачкан со црн фирнајз, Т.VI.6. Некаде од периодот на втората половина на IV век с.е. потекнуваат и неколкуте доста

[108] Соколовска В., 1986, стр.34-54, сл.9/1-6, сл.13/1 и 2; Соколовска В., 1991, стр.171-175, Т. 1/5, Т.4/1, Т.6/1, Карпузова С., 2005, стр.189, сл.27 c,d;

[109] Митревски Д., 2008, стр.371-373, ја дефинира како дачко-скордиска керамика; Шурбановска М., 2006, стр. 157, сл.11;

[110] За истото ќе коментираме подолу при разработката на римскиот период;

[111] Mikulčić I., 1966, str.52-56; Др. Микулчић И., Јовановић М., 1968, стр.367-369, Т.XI.27, Т.XII.85, Т.XIII.381, Т.XIV.86, 107, 111 i Т.XVI. 278,281; Anderson – Stojanović V., 1992, str.13-15, Pl.4/2 i 5; Соколовска В., 1986, стр.45-47, Сл.15/3,4,10 и 11, стр.47-48, сл.18/2 и 3; Карпузова С., 2005, стр.186 и 189, сл.7, сл.25 и 26; Атанасова И., Карпузова С., 2006, стр.119-121, Т.IV.2 и 3, Т.VI.1, Т.X.2 i Т.XI.1;

[112] Вучковић – Тодоровић Д., 1961, стр.246, сл. 32; Микулчиќ Г., 1990, стр.97, Т.I.86-32;

оштетени бронзени монети пронајдени надвор од стратиграфскиот контекст, а најверојатно припаѓаат на некој од големите македонски кралеви Филип II (359-336) или Аледсандар III (336-323), како и бронзената монета на Александар IV (323-311), T.VII.11,12 и Ф.35,36.[113] Следат фрагментите од кантароси со косо извлечени испусти на рачките, изработени во т.н. West Slope техника, премачкани со сиво-зеленикав или црвено-кафенушкав разреден фирнајз и украсени под работ од устинката со гирланди од стилизирана флорална орнаментика изведена со беличасто-розеникава ангоба, T.VI.7,8 . Од овој тип на кантароси имаме и еден скоро целосно сочуван кантарос со елегантно издолжена форма поставен на ниска прстенеста нога и со коси испусти на рачките, T.VI.9, Ф.43. Садот е премачкан со црвеникаво-кафенушкав разреден фирнајз и украсен со розеникава ангоба. Вакви аналогни кантароси со елегантно издолжена форма, но за разлика од нашиот пример поставени на висока цилиндрична нога има на пелагониските локалитети Варош - Прилеп и Хераклеа - Битола, како и на долно-македонските локалитети.[114] Според познавачите на оваа проблематика овој тип на кантароси се датира околу средината на III век с.е. и подоцна.[115] Нашиот пример поради ниската прстенеста нога би го датирале некаде помеѓу времето кога биле во употреба постарите класични форми на кантароси и споменатите аналогни примери, односно некаде во годините од првата половина на III век с.е. Од останатите видови и типови на керамички садови би ги спомenале фрагментите од обични полутопчести панички, паници со ѕвонолика форма, плитки чинии т.н. ихтии, фрагменти од амфори од т.н. македонски тип, фрагменти од стамноси, како и неколку фрагменти од калапени чаши од типот bols a godrons или long petal, T.VI.10-13 и T.VII.1-4. Сите овие садови се изработени на брзо грнчарско коло од пречистена глина, црвеникаво печени, поретко сиво, обични без премаз или истите премачкани со црвеникав или кафенушкав разреден фирнајз. Вакви аналогни примери наоѓаме на повеќе локалитети од територијата на Р. Македонија, како на пр.: Стибера, Хераклеа, Исар – Марвинци, Вардарски Рид и т.н., сите датирани во периодот на III – II век с.е.[116] Покрај овој керамички материјал би ги спомenале и наодите од неколку фрагментирани керамички светилки од т.н. македонски тип со проширени клунови, како и керамичките тегови

---

[113] Битракова Грозданова В., 1987, стр.90, T.IV.4;

[114] Mikulčić I., 1966, str. 51, T.XV, 23b; Кепески К., 1975, стр.162-163, T.I.1; Битракова Грозданова В., 1987, стр.41;

[115] Битракова Грозданова В., 1987, стр.41;

[116] Mikulčić I., 1966, str.53, T.XVII, 25 i 26; Манева Е., 1979, стр.14 и 17-20, T.II.21-23, T.V.63, T.VI.62; T.VII.71 i 77; Соколовска В., 1986, стр.80-84, T.12/2, T.17/5, T.18/5, T.24, T.25/10 и 15, T.28/3,4,5 и 6; Митревски Д., 2005, стр.15-88, сл.34a, сл.67c, d, i, n, сл.78h, i, j; Истиот, 2005, стр.229-259, сл.29a, e, g, j, k;

со астрагална форма, што претставуваат чест и вообичаен наод на локалитети од територијата на античка Македонија, Т.VII.7-10.[117] Од овој раноантички период потекнува и фрагментот од една фибула од т.н. тракиски тип, регистриран како површински наод, Т.VII.13.[118] На крајот само да потсетиме и на четирите сребрени тетрадрахми ковани во периодот меѓу 186 – 148 год. с.е., Ф.34.[119]

Вака презентираниот материјал којшто е доста редок и минимален за некоја попродлабочена анализа може да се искористи само како репер за поставување на општите хронолошки детерминанти за раноантичките слоеви на локалитетот коишто до сега беа поставени во едни доста тесни временски рамки.[120] Се надеваме дека материјалот кој потекнува од античката некропола, односно од шесте гроба со богати гробни прилози и наоди ќе допринесе во голема мера да ја збогатиме и докомплетираме сликата за раната антика на овој локалитет, а истиот ќе биде обработен нешто подолу во овој труд.

---

[117] Јакимовски А., 2006, стр.59-63; Шурбановски З., 1987, стр.71-77;

[118] Микулчиќ И., 1999, стр. 131, Сл. 84/5;

[119] Mikulčić I., 1966, str.75; Бабиќ Б., 1996, стр.296;

[120] Mikulčić I., 1966, str.75 i ponataka;

## 2.3. Римски период

Стручната, научната, а секако и поширокaта општествена јавност со мали исклъучоци скоро и да не е информирана за римскиот период на локалитетот кај селото Дебреште.[121] На ова место ќе биде обработен и презентиран материјал од раниоримскиот, односно републиканскиот период почнувајќи со падот на Македонија под римска власт 167 год. с.е. па се до Август, познат во постарата археолошка литература како хеленистичко-римски период како и материјал од раниот царски период I – III век н.е.[122]

Како во претходниот случај и на ова место археолошкиот материјал ќе биде проследен само фрагментарно, односно само во квадратите и постарите сондирања разгледувани во претходното поглавје.[123] Анализата ќе ја започниме со кв. 203, S II, каде котите 619.20/619.00/618.50 го претставуваат горниот хоризонт од срушената раноантичка фортификација, а во оваа прилика го претставува хоризонтот кога некаде во раниот римски период ќе биде од основа подигната новата фортификација изградена во цврста малтерна техника од кршен камен и варов малтер, односно во техника на opus incertum или т.н. слободен слог, Црт.2 и 2а. Имено, над остатоците од старата раноантичка тврдина, како што видовме беа претставени со слој од црвеникава глинеста земја, јасно се оцртува хоризонтот кога биле преземени одредени градежни работи, односно во таа прилика бил прокопан ров за поставување на фундаментот од новата фортификација, длабок 0.50 - 0.60 м. и широк 0.45 (0.15) м., мерено покрај ѕидот. Во југоисточниот дел од квадратот, десен дел од профилот, на кота 918.80/90 можат да се регистрираат грутки од варов малтер, Црт.2а. Дали истите претставуваат остатоци од некакви рушења на веќе изградената фортификација или се остатоци кои потекнуваат од времето кога таа била градена, во овој момент тешко е да се прецизира. Од анализата на археолошката документација како и на движниот археолошки материјал, пред се на керамичкиот, може да се

[121] Овие културни слоеви само имформативно се споменати, види: Mikulčić I., 1966, str.; Hensel W., 1978, str. ; Бабиќ Б., 1996, стр.;

[122] Mikulčić I., 1966, str. 75-87; Манева Е., 1979, стр. 21; Битракова Грозданова В., 1987, стр.; Околу употребата на постарата терминологија во нашата стручна и научна литература кажавме и нешто погоре, види Блажевска С., 2013, стр. 640;

[123] Тоа се Ископите I и II/1970, проширени во 1971 год., Сондите од I-VI поставени сса 50 м. северно од утврдената населба, ископувани во 1972 год., како и кв. 203, 309 и 311, S II и кв. 4, 12 и 31, S IV ископувани при систематските истражувања во 1974/75, 1980/81 и 1987/88 год., Пл.1 и 2;

заклучи дека во централниот дел од локалитето, кв. 311, S II и кв. 4, S IV, нивелетата од подот на овој раноримски слој се движи околу кота 618.60. Следат уште два населбински слоја кои потекнуваат некаде од раноцарскиот период. Првиот, односно во овој случај вториот слој е со подно ниво некаде на кота 618.80 и потекнува некаде од периодот на I – II век и третиот слој со подно ниво некаде околу кота 619.00 каде се регистрирани и спорадични остатоци од горење, датира некаде од II – III век, Црт.5. Во југоисточната четвртина од локалитетот, S IV, во ископите I и II, работени во 1970/71 год., ситуацијата е слична, односно нивелетата од подното ниво на овој раноримски слој се движи околу кота 918.50/60, каде е откриен систем од околу 8-9 кружни јами со пречник од 0.80–1.40 и длабочина од 0.40 – 1.80 м. кои најверојатно биле во функција на некаква занаетчиска работилница, Црт.8, 8а и Ф.6. Нивелетата на подното ниво кај источната порта, кв. 12 и 31, S IV, е нешто повисока и се движи околу кота 619.60, Црт.4. Во сите овие споменати квадрати се регистрирани остатоци од ѕидови градени од кршен камен и кал, но за жал поради фрагментарноста не би можеле да дефинираме за какви градби се работи.

Во најстариот културен слој пронајден е движен археолошки материјал пред се керамички фрагменти од различни видови и типови на садови кои според направената анализа во главно можат да се датираат во периодот од втората половина на II и I век с.е. Тоа се фрагменти од полутопчести или конусни панички со заоблени и вовлечени рабови, потоа панички со ѕвонолика форма, плитки чинии т.н. ихтии, садови со втиснати палмети, амфороидни стомни од т.н. македонски тип, грниња, стамноси, како и неколку фрагменти и една цела калапена чаша која датира некаде од средината на II век с.е., Т.VII.5,6 и Т.VIII.1-12, Ф.44, 45. Сите овие садови се изработени на брзо коло од пречистена глина понекогаш со ретки примеси од ситен кварцен песок, црвено печени, со или без премаз, односно бил користен разреден црвеникав или кафенушкав фирнајз. Садовите претставуваат еден континуитет на керамичкиот материјал со автохтони производствени традиции на овие простори опишан и презентиран во претходниот културен слој, а како аналогија го наоѓаме на македонските локалитети Стоби, Стибера, Хераклеа, Згрополци, Исар - Марвинци, Вардарски Рид и т.н.[124] Покрај овие керамички фрагменти наоѓаме и фрагменти од керамички

[124] Mikulčić I., 1966, str. 76-77, T.XXV, a,b; Манева Е., 1979, стр. 17-19, T.V.63, T.VI.62, T.VII.70-75; Соколовска В., 1986, стр. 82, Т. 18/ 5, Т.24, Т.69/14, Т.57/ 9, 13, 16 и 17; Anderson Stojanović V., 1992, str.101 i 128, Pl.87/734, 738, 739, Pl.92/783, 784, Pl.93/786, Pl.94/801 i Pl.129/1108;Станчевски И., 1997, стр.72-75, Сл. 5,6 и 17-20; Митревски

садови кои во археолошката литература се познати како малоазиски производи, односно разни видови садови од т.н. црна сјајна керамика, производи од т.н. источна terra sigillata A и т.н. Дали истите претставуваат импорт од малоазиските керамички центри, односно коина или пак се емитации произведувани во некоја, можеби и локална македонска работилница, во овој момент не би можеле да дадеме задоволителен одговор.[125] Како пример за источната terra sigillata A го презентираме фрагментот од една плитка чинија изработена од окерасто печен бисквит премачкана со густ сјаен црвен премаз. Дното од чинијата е украсено со радијално поставен орнамент изведен во техника на врежување и втиснување со помош на запчесто колце, T.VIII.13. Слични аналогни примери наоѓаме на локалитетите Стоби, Хераклеа, Исар – Марвинци, Атинска Агора во соседна Грција и т.н., сите датирани околу првата половина од I век с.е.[126] Како производ кој припаѓа на малоазиската сива керамика ја презентираме фрагментираната длабока чинија со ѕвонолика форма и ниска прстенеста нога, сиво печена, премачкана со посен сиво-црн премаз, T.VIII.14. Од внатрешната страна садот е украсен, под работ, со една концентрично врежана линија, а ѕидовите со радијално поставен мотив изведен со запчесто колце. Директна аналогија има на локалитетот Исар – Марвинци, датиранан во периодот на I век с.е.[127] Со слични формални особености, но со локални карактеристики како аналогија би го спомenале и садот од Вардарски Рид, датиран во II век с.е.[128] Уште три фрагменти би ги припишале на малоазиските работилници. Првиот пример претставува фрагментарно сочувана плитка чинија со ниска прсенеста нога и лачно извлечени ѕидови кон внатрешната страна. Садот е изработен од црвено печен бисквит, премачкана со црн сјаен премаз, лак, а дното декорирано со радијално поставен орнамент изведен во комбинација на врежување и втиснување со помош на запчест инструмент, T.IX.1. Директна аналогија има на локалитетот Стоби, датиран во I век с.е.[129] Потоа еден фрагмент од помал сад, најверојатно со затворен реципиент, изработен од пречистена глина, сиво печен премачкан со црн сјаен премаз, а надворешноста украсена со копјести, кратко втиснати мотиви,

Д., 2005, стр.243, сл.29, а, е, ј, к; За калапената чаша види: Rotroff Susan I., 1982, str. 88 i 321-322, Pl. 58-59, датирана околу средина на II век с.е.;

[125] Mikulčić I., 1966, str. 76; Манева Е., 1979, стр. 16; Битракова Грозданова В., 1987, стр. ; Соколовска В., 1986, стр. 119, Andersdon Stojanović V., 1992, str. 17-28;

[126] Mikulčić I., 1966, str. 76; Манева Е., 1979, стр. 16; Битракова Грозданова В., 1987, стр. 58-59; Соколовска В., 1986, стр. 119, T.77/1,2; Anderson Stojanović V., 1992, str. 44, Pl.27/225, 229; Robinson S.H., 1957, 10-11, Pl.60.F2;

[127] Соколовска В., 1986, стр. 119, T.77/6;

[128] Митревски Д., 2005, стр.243, сл.29h;

[129] Anderson Stojanović V., 1992, str. 25 i 101, Pl.12/63 i Pl.86/729 i 730;

Т.IX.2. Третиот фрагмент претставува дел од една поголема плитка чинија, сиво печена, премачкана со посен сиво-црн премаз, Т.IX.3. Слични примери повторно наоѓаме на локалитетот Стоби, датирани околу I век с.е.[130]

Со воспоставувањето на римската власт на македонските простори во употреба влегуваат и керамички производи од западна провиниенција. Тука пред се ќе ги споменеме т.н. тенкоѕидни садови кои се карактеристични за Италија и западните медитерански простори коишто се датираат во периодот од втората половина на II век с.е. па се до I век н.е., Т.IX.4-6.[131] Фрагментите во главно припаѓаат на помали садови, чаши и филџани изработени од пречистена глина, црвеникаво печени, без премаз и декорација или украсени со по некоја врежана хоризонтала по телото, а еден пример како декорација има премаз од зрнест кварцен раствор. Исти или слични аналогни примери наоѓаме на македонските локалитети Стоби, Хераклеа, с. Букри - Битолско, с. Габрово – Гевгелиско, но ги има и на пошироките балкански простори, датирани во приодот на I век с.е., односно I век н.е.[132] Овде имаме презентирано и постари и помлади примери. Во последните децении од I век с.е. па се до крајот на I век н.е. на нашиве македонски простори се појавува и т.н. италијанска terra sigillata, односно доцнежно аретинската керамика, Т.IX.7-9. Тоа се фрагменти од плитки чинии, во главно Drag. 17, изработени од пречистена, црвено печена глина и премачкани со темно-црвен премаз, односно лак. Вакви аналогни примери има како на македонските локалитети, така и на локалитетите од поширокиte балкански простори.[133] Од останатата импортирана керамика ќе спомeнеме еден фрагмент кој претставува дел од изливник од типот на т.н. италски амфори кои се карактеристични за северните подунавски провинции, но исто така и ако поретко ги срејќаваме и на нашиве македонски простори, Т.IX.10.[134] На овие импортирани керамички производи ќе додадеме и неколку фрагменти од обична трпезна и кујнска керамика од грниња, хидрии, бокали, стамноси и т.н., кои носат традиционални, автохтони обележја, а најверојатно биле изработувани во некоја

[130] Isto, str. 25, Pl.11/57 i 58;

[131] Манева Е., 1979, стр. 23; Brukner O., 1981, str. 36; Anderson Stojanović V., 1992, str. 35-36;

[132] Mikulčić I., 1966, str. 76, T.XXV d; Манева Е., 1979, стр.23, T.XIII.149-151; Anderson Stojanović V, 1992, PL.20/159, 161, Pl.22/180-182; Сламков Е., 2006, стр. 179-196, T.IV.2, T.VI.1 i 3; Brukner O., 1981, str.36, T.56/28 i 29;

[133] Манева Е., 1979, стр. 22-23, T.X.112, 115-117; Anderson Stojanović V., 1992, str.45-46, Pl.28/238, Pl.30/253 i 254; Brukner O., 1981, str. 18-19, T.6/26; Nikolić Đorđević S., 2000, Tip I 126;

[134] Brukner O., 1981, str.45, T.158/30, T.159/41; Nikolić Đorđević S.,2000, Tip V 3; Паровиќ Пешикан М., 1965, стр.212, датирана во II-I век;

од локалените керамички работилници, Т.IX.10-14. Најдиректни аналогии наоѓаме на локалитетот Стоби датирани во I век с.е.[135]

Во текот на раноцарски период, кој приближно може да се регистрира со подно ниво на кота 618.80, кв.4 S IV, Црт.5., односно во периодот на I - II век н.е. покрај постарите традиционални форми, како на пр.: полутопчестите панички, амфороидните стомни и стамносите, се повејќе во керамичкиот материјал ќе преовладуваат форми на садови од туѓа провиниенција коишто имаат различно потекло. Така на пример тука имаме различни производи од т.н. источна terra sigillata A и B, односно нивни емитации и деривати, црвено или сиво печени, обични без премаз или со црвен и црн премаз, Т.X.1-6 и 12.[136] На два сада од внатрешната страна на дното е втиснато името на мајсторот, односно работилницата, in planta pedis.[137] Длабоки паници од латенско потекло, Т.XI.1.[138] Помпеански тави, односно чинии, Т.XI.3-5.[139] Мортариа со црн премаз, но и обична куњска, трпезна и складишна керамика, односно разни типови на грниња, поголеми и помали паници и панички, плитки чинии, чаши, стамноси, питоси и т.н., Т.X.7-15 Т.XI.6-9. За сите овие споменати садови наоѓаме исти или слични аналогни примери како на македонските, така и на локалитетите од пошироките балкански простори.[140]

Во текот на II и III век т.н. римска провинциска керамика ќе биде збогатена со некои нови содржини од трпезната и кујнската керамика. Сега пред се ќе преовладуваат примери од т.н. доцноримска керамика со црвен премаз. Тоа се фрагменти од т.н. керамика со печатена орнаментика, Т.XII.4-7.[141] Фрагменти од импортирани садови од т.н. средно галска t.s., Т.XII.8,9.[142] Садови со елементи од т.н. terra chiara или rubra, односно садови премачкани со густ портокалов премаз, Т.XII.10-13.[143] Потоа фрагменти од садови најверојатно од домашна продукција кои припаѓаат на трпезната, куњската и складишната керамика најчесто

---

[135] Anderson Stojanović V., 1992, str.99-101; Pl.90/756, 757, str.128, Pl.129/1102, 1108, 1109, Pl.130/1120;

[136] Robinson H., 1957, str. 22-23 i 46, Pl.66,G70, Pl.67,G173, Pl.68,H4 i 5; Манева Е., 1979, стр.23-25, T.XIV; Anderson Stojanović V., 1992, str.25, Pl.13/69, str.50-51 i 109, Pl.35/306 i 307, Pl.37.315, Pl.38/321, Pl.91/769 i Pl.97/833;

[137] Манева Е., 1979, стр.16 и 25; Anderson Stojanović V., 1992, str.49, Pl.34;

[138] Brukner O., 1981, str.91, T.77/2 i 3; Nikolić Đorđević S., 2000, Tip I/19;

[139] Brukner O., 1981, str.39, T.65/1; Anderson Stojanović V., 1992, str.113, Pl.101/862;

[140] Anderson Stojanović V., 1992, str.109, Pl.99/849, Pl.105/892, Pl.107/904; Brukner O., 1981, str.36 , T.56/39 i 49, str.39-40, T.85/80; Фидановски С., 1990, стр.24, Т.19/3, Nikolić Đorđević S., 2000, Tip I 4, Tip I 49, Tip III 9 i Tip III 18; Фрагментите од питоси се датирани во контекст со останатиот материјал.

[141] Соколовска В., 1976, стр.157-165; Brukner O., 1981, str. 30-32; Најадекватни аналогни примери, види: Фиданоски С., 1990, стр.17-18, Т.4/17 и 18;

[142] Brukner O., 1981, str.20, T.12/5,9 i 12;

[143] Сад со најблиски формални карактеристики, види: Brukner O., 1981, str.39-40, T.76/92 и 93; Фидановски С., 1990, стр.24, Т.13/28, блиска;

премачкани со погуст или разреден црвен премаз или обични без премаз. Тука пред се би спомenале неколку типови од тавички, односно чинии со конична или биконична форма, потоа неколку типови од паници и панички со конична или полутопчеста форма, фрагменти од поголеми и помали хидрии, односно бокали со високо извлечени конични вратови, грниња со различно профилирани изливници, како и неколку типови од стамноидни садови и питоси, Т.XIII.1-13. За сите споменати и презентирани фрагменти наоѓаме исти или слични аналогни примери како на нашите македонски локалитети, така и на пошироките балкански простори.[144]

На овај керамичкички материјал би додале и неколку издвоени наоди кои датираат од периодот кој беше предмет на анализа. Тоа се двете керамички светилки т.н. луцерни, едната од малоазиски, а другата од ефески тип, датирани во I век с.е., односно во I век н.е., Т.XV.1,2.[145] Првиот тип на светилка е со оштетен диск, изработена едноделно, без украс. Вториот тип на светилка е изработена со помош на дводелен калап, а сочуван е горниот дел. Двата отвори, за маслото и фитилот биле споени со каналче, а работ од дискот и клунот е украсен со два реда пластично изведена зрнеста орнаментика. Потоа тука се керамичките тегови со астрагална форма, но сега се почести се теговите и со пирамидална форма, Т.XVI.1-4. Од металните наоди ќе спомeнеме две фибули. Првата припаѓа на италскиот тип фибули т.н. aucissa.[146] Втората претставува лачна, лентовидна фибула со копјеста форма и топчест звршеток на ногата, Т.XVI.8.[147] Вакви слични фибули се пронајдени во непосредна близина на овој локалитет, односно на локалитетот Остреж на планинскиот превој Барбарас, како и во најмладиот културен слој од локалитетот Вардарски Рид, Гевгелија, датирани во периодот на II - I век с.е.[148] Потоа тука се неколкуте бронзени монети кои се доста оштетени и најдени вон стратиграфски контекст, но сепак според својте формални карактеристики претставуваат едно сведоштво и потврда на времето кое беше

[144] Anderson Stojanović V., 1992, Pl.109/929, PL.110/930 i 935, Pl.112/952, Pl.117/996; Pl.118/997 i 999; Pl.123/1036 i 1039; Pl.125/162, 163; Pl.136/1175; Фидановски С., 1990, Т. 13/20 и 24, Т.18/75, Т.22/36; Brukner O., 1981, T.65/8 i 10; T.107/26; T.110/22; Ivanišević V., Nikolić Đorđević S., 1997, str. 102, sl.34/3, sl.35/10/11; Nikolić Đorđević S., 2000, Tip III/45

[145] Микулчиќ И., 1975, стр.129-132, Т.I.134 и 154 и Т.III.125; Јакимовски А., 2006, стр. 146, сл.5 и црт.5;

[146] Mikulčić I., 1966, str.78;

[147] Податоци за фибулата се вадени од теренската инвентарна книга со цртежи од посебни наоди;

[148] Лилчиќ В., 1997, стр.44-47; Митревски Д., 2005, стр.248, сл.38,h; Истиот, 2008, стр. 371-372 дефинирана како наод со келтски, односно скордиско-дачки карактер;

предмет на нашиот интерес, Т.XVI.5-7, Ф.37.[149] На крајот да го споменеме и мермерниот сончев часовник, хорологион, украсен од трите страни со врежани претстави на птици, а долната страна завршува со чеп кој служел за да се заглави во некаков постамент. Хорологионот е од типот на т.н. хелициклички или баресови часовници и може слободно да се датира некаде во раноцарскиот период.[150]

Во контекст на разгледуваниот материјал овде за прв пат ќе го споменеме и предградието од оваа утврдена населба. Во археолошката кампања 1972 год. на сса 50 м. северно од утврдената населба, кај кулата бр. 8 биле поставени шест сонди со различни димензии, обележани со римските броеви од I – VI, Пл.1 и 2, Ф. 7 и 8. Првичните сознанија за ова предградие беа дека истото потекнува некаде од периодот на доцната антика, односно од периодот IV – VI век.[151] Од анализата направена на археолошката документација и на движниот археолошки материјал, пред се на керамичкиот, може слободно да се заклучи дека најстарите керамички фрагменти од оваа локација потекнуваат некаде од раниот царски период, односно од I век н.е. и може да се следи во континуитет се до крајот на антиката, а одредени фрагменти упатуваат и на средновековниот период. Тука наоѓаме фрагменти од садови, пред се емитации од т.н. terra sigillata B, датирани според одредени блиски аналогии од локалитетот Стоби во периодот на I век н.е., Т.XIV.1-6.[152] Од подоцнежниот период потекнуваат форми на садови кои припаѓаат на т.н. римска провинциска керамика која може да се сретни на локалитетите, како од територијата на Р. Македонија, така и на пошироките балкански простори, Т.XIV.7-9.[153] Покрај овие фрагменти од трпезна и куњска керамика од ранoримските слоеви потекнуват и мноштво на фрагменти од складишна керамика, односно фрагменти од поголеми питоси што на некој начин ни кажува за функцијата и карактерот на тоа предградие, Т.XIV.10-12.[154]

Полските колеги претпоставуваат дека оваа утврдена населба пострадала некаде за време на првите варварски продори и пустошења по Македонија направени од страна на Готите и Херулите во 267 и 268/9 год. кога биле зафатени

---

[149] Од оригиналите поседуваме само еден пример кој е доста оштетен. Податоците и цртежите за овие монети се вадени од инвентарната книга за ситни и посебни наоди. Затоа нив ги определуваме во овој временски период само според нивните формални карактеристики.

[150] Кепески К., 1980, стр.69-83;

[151] Податоци вадени од годишниот извештај за таа година;

[152] Anderson Stojanović V., 1992, str.50-51 i 109, Pl.39/332, Pl.95/815, Pl.97/834 i 842, Pl.98/839 i 840;

[153] Brukner O., 1981, str. 39-40, T.89/115 i 116, T.122/137; Филипоски С., 1990, стр.28, Т.31/25; Anderson Stojanović V., 1992, str.135, Pl.138/1193;

[154] Фрагментите од питоси ги датираме во контекст со презентираниот материјал;

областите на Добер и Пелагонија.[155] Тоа го поврзуваат со остатоците од опожарените и срушени објекти откриени на просторот од источната порта во кв.11 и 12, S IV. Слојот е со подно ниво сса кота 619.85/95 и со дебелина од 0.30 – 0.50 м., Црт. 4 и 9-12. Но со оваа констатација и претпоставка не можеме да се сложиме.[156] Како што ќе видиме нешто подолу при анализата на доцноантичката стратиграфија тука се работи за два, а би можеле да зборуваме и за три последователни слоја на деструкција со остатоци од опожарени објекти, а не за еден. Во оваа прилика даваме можност долниот слој чија горна нивелета се движи околу кота 619.85/95 да се поврзи со настаните од 268/9 год., Црт.12 и 13. Одредени индикации дека пустошењата на Готите и Херулите најверојатно го зафатиле и нашиот локалитет наоѓаме и во кв. 309, S II, и кв. 4, S IV, како и во Ископот 1/71, Црт. 5, 8 и 15. Тука околу котите 619.00/18/35 регистрираме тенки слоеви со спорадични остатоци од горење што според анализата направена на движниот археолошки материјал пронајден во нив можат со поголема веројатност истите да се поврзат некаде со годините од втората половина на III век. Но дали тоа треба да му се припише на Готите и Херулите или причините за запустување на населбата биле сосема други, како на пример некоја природна катастрофа или кризата која го зафатило римскиото општество и хаосот кој настанал во римската војска, тоа сега за сега нека остане во сверата на шпекулациите.[157]

Овој преглед на римскиот период ќе го завршиме со описот на остатоците од два репрезантивни објекти, најверојатно срушени во споменатите катастрофални години. Тоа е остаток од една ѕидна конструкција откриена во Ископот 1/71, S IV, сса котите 619.67/87 со ориентација североисток – југозапад, Црт. 8. Граден е од кршени камења поврзани со кал. Заедно со субструктуралниот дел сочуван е во висина од сса 1.50 м., а внатрешното подно ниво на објектот се наоѓа некаде на кота 619.30. Има импозантна дебелина од сса 1.40 м. што секако зборува за големината и грандиозноста на објектот кој најверојатно бил од јавен карактер. На длабочина од 1.40 – 1.50 м., што одговара некаде на вредноста од нивелетата на подното ниво од објектот и слојот по рушењето, беа пронајдени два керамички фрагменти од грнења со рачки чии особености се препознатливи за римската провинциска керамичка продукција од периодот на II – III и IV век, Т.XXII.8 и

---

[155] Hensel W., 1978, str.8; Hensel W., Rauhutowa J., 1980, str.80-82;

[156] Керамичкиот и останатиот движен археолошки материјал од овие два квадрати недостасува, односно останати се само незначителен број на безлични фрагменти што не се доволни за една посериозна анализа. Претпоставка наша е дека материјалот е селектиран за анализа, а потоа зафрлен и изгубен.

[157] Машкин А.Н., 1951, стр. 481 – 484; Микулчиќ И., 1999, стр. 190; и др.

T.XXIII.6.[158] Вториот објект е откриен во кв. 29, S IV, под нивото на калдрмисаната улица која потекнува некаде од третата четвртина на V век.[159] Најверојатно објектот претставува остаток од некоја приватна градба, можеби некаков domus, граден од кршени камења и кал, а ѕидовите од внатрешната страна беа глетовани и бојадисани со сивкасти тонови, можеби и осликани. И двата објекти биле срушени и нивелиран во периодот што следи, односно при крајот на III или почетокот на IV век.

---

[158] Nikolić-Đorđević S.,2000, str.69, tip II/9; Brukner O., 1981, str.107, T.120/108; Popović M., 1999, str.94, sl.46/17; Зотовиħ Љ., Јордовиħ Ч., 1990, стр. 30, T.VII.1 i 4, T.XXIII.6, T.XLII.5 и т.н.;

[159] За овој објект зборува и Бабиќ Б., 1996, стр.294. Објектот не е документиран. За истиот имам сознанија од директни теренски опсервации направени заедно со раководителот на Проектот во текот на 1989 год.;

### 2.4. Доцноантички период

Со доцната антика IV – VI век го опфаќаме доцниот римски и раниот византиски период, по едни или само рановизантискиот период, по други учени. Периодот некаде од времето на Диоклецијан којшто направил сеопфатни реформи на римското општество, па преку Константин I Велики кој ги продолжил тие реформи и Теодосие I којшто конечно ја поделил Римската Империја на Источно и Западно Римско Царство, во нашата наука е дефиниран како рано римски период, а периодот што следи како рановизантиски.[160] Одредени научни работници сметаат дека доцниот римски период трае се до конечната пропаста на Западното Царство 476 год.[161] Но има учени кои сметаат дека рановизантискиот период почнува со појавата на раниот феудализам и основањето на новата римска престолнина Константинопол.[162] Како и да го дефинираме овој период, Источното Римско Царство, односно Византија како нов историски субјект со низа општествени промени, модификации и трансформации ќе продолжи да ги негува римските традиции уште цели илјада години по пропаста на Западното Римско Царство и ќе претставува спој меѓу Истокот и Западот во секоја смисла на зборот, а периодот од нејзиното настанување до крајот на антиката ќе се нарече рановизантиски период.

Анализата и прегледот на стратиграфијата и движниот археолошки материјал за овој период ќе ја започниме повторно од кв. 203, S II, каде кота 619.30/50 е дефинираме како горна нивелета на слојот од рушење во раноцарскиот период што го детерминиравме некаде од втора половина од III век, Црт.2 и 2а. Веќе на истата нивелета во периодот што следи биле преземени обемни градежни работи на фортификацијата, односно покрај одбранбениот ѕид бил прокопан ров длабок сса 0.40 м. и широк сса 0.70 м., мерено покрај ѕидот, време кога одбранбените ѕидови за прв пат биле обновени. По завршувањето на градежните работи на тоа место бил формиран мал земјан насип, така да нивелетата на доцноантичкиот хоризонт била подигната за нови 0.30 - 0.40 м., Црт. 2а. На околу 0.70 м., мерено од одбранбениот ѕид, во формираниот насип може да се регистрира помала јама со заоблено дно и со димензии од сса 0.20 x 0.24 м. Јамичката најверојатно била формирана од дрвениот дирек којшто стоел на тоа место, а истиот претставувал

[160] Пр.: Панов Б.М., 2013, стр.1098;
[161] Пр.: Машкин Н.А., 1951, стр. 485-528; Микулчиќ И., 1999, стр. 189-206;
[162] Пр.: Осрогорски Г., 1959, стр.48-70;

дел од некаква дрвена конструкција, претпоставуваме скалила или некаква платформа, како на пример дрвен оптход кој бил поставен околу ѕидовите. На прашањето кога се случила оваа обнова, на ова место ќе кажеме само тоа дека таа се случила одма на почетокот на доцноантичкиот период, односно некаде при крајот на III или на самиот почеток на IV век. За таквата претпоставка придонес имаат двете бронзени монети ковани од римскиот император Максимијан Херкул (286-305), пронајдени вон стратиграфскиот контекст. Една од монетите е кована во 292/3 год., ковница Siscia, Ф.38.[163]

При преземањето на овие градежни активности на фортификацијата биле преземени и одредени нивелациски и денивелациски работи во внатрешноста од утврдениот простор. Тоа најубаво се гледа во кв. 309, S II, лоциран во централниот дел од локалитетот. Тука според анализата направена на теренската документација како и на движниот археолошки материјал може слободно да се заклучи дека кота 619.30 претставува хоризонт кога на ова место е направена одредена денивелација на теренот, Црт.15. Имено хоризонтот, односно тенкиот слој со остатотоци од горење регистрирани на кота 619.17/35 е пресечен со направената денивелација. Одредени денивелациски работи најверојатно се направени и на просторот кај источната порта кв. 11, S IV. Тука слојот со остатоци на горење, односно со нагорена земја завршува некаде на кота 619.85/95, Црт. 12 и 13. По направената денивелација на теренот следуваат уште два слоја со изобилни остатоци од опожарени и срушени објекти. Првиот слој на рушење со изобилни остатоци од гар и пепел е со подно ниво некаде на кота 619.85/620.05 и најверојатно во поголема мера е нивелиран, а вториот слој со подно ниво некаде на кота 620.15/25 исто така со изобилни остатоци од опожарени и срушени објекти е со дебелина од сса 0.40 м., Црт. 11, 12 и 13. Дека се работи за најмалку два последователни слоја на рушење убаво се гледа и во кв. 12, S IV. На ова мест регистрираме како ѕидот кој лежи во западниот профил од квадратот, откриен некаде на кота 620.28/39, со својата субстукција лежи на остатоците од гар и пепел од претходниот слој со подно ниво некаде на кота 619.85/95, а потоа следи и рушење на ѕидот, односно објектот, Црт.10. Овие два, односно три слоја, како што веќе напоменавме полските колеги ги третираат како еден и го поврзуваат со првите готско - херулски продори во Македонија од 268/9 год. кога биле зафатени

---

[163] Cohen, 54, VI; RIC V (past II), 595; На ова место му благодарам на колегата Христијан Талевски за попрецизно расчитување на монетата. Монетите се пронајдени во кв. 4, S IV и кв. 137, S III. Податоци од годишниот извештај за 1980 и 1984 год.;

регионите на Добер и Пелагонија, Црт.9.[164] Иста или слична ситуација имаме и во кв. 297, 314 и 315, S II, како и на околниот простор под ранохристијанскиот комплекс. Како што можевме да констатираме од анализата на илустративната документација од квадратот 297 некаде на кота 620.20/25 е направена одредена денивелација на теренот. Одма после тоа на кота 620.25 следува тенок слој со остатоци од горење, а некаде на кота 620.35/40 следи и вториот слој со остатоци на горење, Црт. 17 и 21.[165] Вакви слоеви со остатоци од опожарени и срушени објекти настанати по споменатата нивелација, односно денивелација се регистрирани и во кв. 309, S II, кота 619.40/50 и во кв. 311, S II, кота 619.60/70, како и во ископите I и II/71, Црт. 6-8 и 16. Овие забелешки не одат во прилог на тезата на полските колеги.[166] Според нашите анализи покрај првиот слој со остатоци од горење кој е нивелриран, двата слоја на рушење пропратени со пожар би трбало да се поврзат со настаните што следат многу подоцна, односно со готските продори во Македонија од крајот на IV век и со хунските пустошења од средината на V век.[167] Проф. Микулчиќ претпоставува дека за време на готските продори и пустошења по Македонија и другите римски провинции во 379/80 и 395 – 401 год. не биле зафатени утврдените градови, туку само селата и полските имоти.[168] Но во овој случај можеби помалите утврдени населби и не биле поштедени.? За присуството на Западните Готи на овој локалитет во последните децении на IV век потврда имаме и во керамичкиот материјал. Тоа се два фрагменти од сиво печени керамички садови украсена со глачани орнаменти за коишто многу блиски аналогии наоѓаме на локалитетите од Средното Подунавије, Т.XIII. 1 и 2.[169] Во тој случај горниот слој со поинтензивни остатоци од палеж и рушење секако би го поврзале со настаните што следат, односно со 447 год. кога Хуните рушеле и палеле се пред себе во походот по Источен Илирик, а во тој контекст и по Македонија.[170] Освен стратиграфскиот контекст дека овие претпоставки се точни или неточни, поконкретни показатели и потврди немаме. Како што напоменавме од анализите направени на движниот археолошки материјал каде еден дел недостасува, а останатиот во голема мера е измешан и не потекнува од интактни

---

[164] Hensel W., Rauhutowa J., 1980, str. 80-82; Hensel W., 1978, str. 8;

[165] Датирањето на ранохристијанскиот комплекс е сложено прашање, види: Hensel W., 1987, str. 11-13; Бабиќ Б., 1978, стр. 207 и понатака; Hensel W., Rauhutowa J., 1980, str. 80 – 96;

[166] Исто, 1980, стр. 83;

[167] Острогорски Г., 1992, стр. 70-78; Микулчиќ И., 1995, стр. 243-248 и Панов М., 2013, стр. 1095-1099;

[168] Микулчиќ И., 1999, стр. 199; Поопширно за историските настани види Панов Б. М., 2013, стр. 1094-1099;

[169] Nikolić-Đorđević S., 2000, str. 80, tip II-35;

[170] Микулчиќ И., 1995, стр. 248;

слоеви, не е прикладен за датирање и не даде некои позабележителни резултати.[171] Затоа овие хипотетички решенија сега за сега ќе останат во сферата на шпекулациите, односно понатака во разработката на оваа проблематика ќе се обидеме да докажеме дека сепак овие претпоставки се точни.

Но да одиме по ред. Како најстари фрагментарни остатоци од градби во контекст на овие слоеви регистрираме како во споменатите квадрати, така и во одреден број на други квадрати истражувани до таа длабочина. Така на пример во Ископот I/71 објектот со импозана големина и дебели ѕидови од 1.40 м., најверојатно е срушен или преадаптиран и повторно ставен во функција. За тоа зборуваат новите ѕидони конструкции откриени на нешто повисока нивелета од претходно опишаниот ѕид, Црт. 6, 7 и 8. Од периодот по обновата на утврдената населб, односно некаде од IV век потекнуваат и остатоците од ѕидови откриени во кв. 312, S II, што се наоѓа во рамките на габаритот од т.н. fortalicium, Пл.3. Форталициумот претставува подоцнежна градба која главните истражувачи нејзината изградба ја определиле во периодот некаде меѓу 479 и 488 год. кога Источните Готи можеби за кратко престојувале на овој локалитет.[172] Полските колеги тука издвојуваат и постара фаза на објектот којашто ја датирале некаде во IV век.[173] Според деталната стратиграфска анализа направена на оваа ситуација од преплетот на ѕидови како најстари би ги издвоиле двата ѕида кои се солидно градени од кршени камења и варов малтер, Црт. 19, 20 и Пл. 3.[174] Дебелината на ѕидовите изнесува од 0.80 – 0.90 м. Имаат ориентација североисток - југозапад, односно северозапад - југоисток. Од анализата на археолошката документација може да се констатира и тоа дека овие два ѕида потекнуваат од две различни градежни фази на оваа градба. Постариот ѕид со ориентација североисток-југозапад лежи под западниот ѕид од форталициумот, што на некој начин ја одредува и релативната старост на сите градби откриени на овој простор, Црт. 19. Најверојатно оваа репрезентативна градба страдала за време на споменатите катастрофи, а на нејзино место подоцна во втората половина од V век никнуваат

---

[171] Материјалот од кв. 11 и 12 најверојатно претходно е селектиран, а потоа и изгубен. Ретки се ситуациите каде имаме интакти слоеви со адекватен археолошки материјал. Истиот најчесто е измешан и потекнува од различни временски периоди. За тоа најмногу придонесле честите градежни активности и густината на објектите на еден релативно мал простор поставени еден врз друг со одредени преградби и доградби, нивелации и денивелации на теренот, вкопани гробови, вкопани средновековни објекти и т.н.. За илустрација види Бабиќ Б., Hensel W., Rauhutowa J, 1976, 251-261, на повејќе места, Бабиќ Б., 1978, 205 -214, на повејќе места, Бабиќ Б., Hensel W., Rauhutowa J, 1979, 141 - 148;

[172] Hensel W., 1978, str. 14; Hensel W., Rauhutowa J., 1980, str.90 и 97; Бабиќ Б., 1996, стр. 296; За овој проблем ќе расправаме подолу;

[173] Исто;

[174] Најверојатно полските колеги кога зборуваат за постарата фаза на објектот мислат на овие ѕидови;

објекти градени од кршен камен и кал со ориентација исток-запад, север-југ, Пл. 3 и Црт. 19 и 23. Овие остатоци од ѕидови градени од кршен камен и варов малтер тешко можат да се поврзат со остатоците од ѕидови на околниот простор, односно со градбите надвор од габаритот на форталициумот. Но на просторот јужно од источната порта во кв. 50, S IV, на кота 620.25 откриени се остатоци од ѕид со ориентација североисток-југозапад, широк сса 0.80 м., граден од кршени камења и варов малтер, Пл.3. Јужно од тој ѕид на кота 620.00 се простира подно ниво изведено од поголеми камени плочи, Ф.25. Ориентацијата на ѕидот и неговата стратиграфска поставеност најверојатно оди во контекст на споменатите ѕидови од кв. 312, односно на градбите формирани по обновата на населбата од крајот на III или почетокот на IV век. Во квадратот 30, S IV, на кота 620.30/32 и во квадратот 314 S II, се откриени површини со остатоци на варов малтер, т.н. текне, место каде се мешал и припремал малтерот за некој од околните објекти градени со тоа врзивно средство, Црт. 21 и 22. Според стратиграфската анализа овие малтерни површини би трбало да се поврзат со периодот на IV и првата половина на V век, односно со опишаните ѕидни остатоци.

Како што веќе напоменавме на просторот од источната порта меѓу кв. 11 и 12, S II, на кота 620.28/39 откриени се остатоците од ѕидна конструкција градена од кршени камења и кал, Пл.3 и Ф.9. Ѕидот има ориентација север – југ и дебелина од сса 0.70 м.? Тука јасно се гледа дека фундаментот на овој ѕид лежи на остатоците од првото, односно второто опожарување на утврдената населба и дека истиот бил во употреба во периодот меѓу двете споменати катастрофи, од крајот на IV и средината на V век, Црт.10. Во овој контекст ќе ги спомениме и остатоците од градба откриена сса кота 620.60 која се наоѓа на просторот северно од портата под ранохристијанскиот комплекс од VI век, регистриран во кв. 299, 317 и 318, S II, Пл. 3 и 4. Објектот има ориентација исток-запад. Граден е од кршени камења и кал со дебелина на ѕидовите од сса 1.10 м. На просторот од оваа градба, како и на поширокиот околен простор во слојот некаде од кота 620.03 до 620.66 пронајдени се дваесетина подни керамички плочки, неколку мозаични тесери и мноштво фрагменти од рамно прозорско и витражно стакло. Керамичките плочки имаат ромбична форма со димензии: 4 пати х 7 см. и дебелина од 3 – 4 см, но има и такви со триаголна форма што најверојатно служеле за пополнување на краевите од подот, Т.XXVIII.1. Тесерите како што споменавме се доста ретки, а

меѓу неколкуте пронајдени има и такви изработени од стакловина.[175] Претпоставуваме дека се работи за остатоци од мозаични подови изработени во техника на opus sectile и opus tessellatum, но остатоци од овие подови in situ не се откриени, ниту се регистрирани некакви траги од нивните подлоги, туку како што рековме остатоците се пронајдени расфрлани по околниот простор. Сето ова несомнено говори за репрезентативноста на објектот, но за кој и каков објект точно станува збор може само да претпоставиме. Постарите истражувачи остатоците од овој објект го дефинирале како базилика бр. 1, а нејзината изградба ја детерминирале во периодот на IV, односно при крајот на IV или почетокот на V век.[176] Во прилог на оваа претпоставка дека се работи за сакрален објект ќе дадеме неколку додатни аргументи. Како прво би обратиле внимание на источниот ѕид од овој објект кој лежи со еден дел под апсидата од помладата базиликална градба и има голема можност да тој исто така претставува остаток од апсидален ѕид, Пл. 3 и 4. Како втор аргумент би го спомenале проблемот со криптата која е истражувана и датирана во рамките на помладата трибродна базилика од VI век, Пл. 4, Ф.14, Црт.39.[177] Имено криптата откриена на кота 621.35/17 во апсидалниот дел од трибродната базилика е со димензии 1.37 x 1.00 x 1.78 м. Овој објект во објект истражувачите го дефинирале како правоаголна подземна просторија со култна намена. Истиот е формиран од две комори поставени на спрат, односно од горна комора која била наменета за сместување на реликвиите и долна комора - ризница. Првата комора која е длабока сса 1.00 м. била празна, а подот бил премачкан со варов малтер. Во долната комора, со длабочина од сса 0.78 м. биле пронајдени остатоци од дрвено ковчеже кое најверојатно било украсено со железни опкови.[178] Поентата е во тоа што горното ниво од долната комора се совпаѓа со подното ниво на постарата сакрална градба, а коешто би требало да се бара некаде на кота 620.35, што на некој начин укажува на претпоставката дека се работи за постара крипта која била во функција на, условно земено, базиликата бр.1. Како трет аргумент би ги спомenале и четирите гроба обележани со теренски инв. бр. 15, 16, 37 и 40 од коишто гробовите бр. 15 и 16 се откриени покрај јужниот ѕид од објектот некаде на висина од подното ниво, односно на кота 620.36/38, а додека гробовите бр. 37

[175] Користен материјал од извештајите.

[176] Hensel W., 1978, str. 8-11; Бабиќ Б., 1978, стр. 212 – 214; Hensel W., Rauhutowa J., 1981, str. 84. На ова место со оваа датацијата на објектот (крај на IV или почеток на V в.) во потполност би се сложиле;

[177] Бабиќ Б., Hensel W., Rauhutowa J., 1976, стр. 257-258;

[178] Истото;

и 40 се наоѓаат скоро под самите темелни стопи од јужниот и западниот периметрален ѕид од помладата базиликална црква, Пл. 4, Ф.10-12 и Црт. 26а и 36б. Гробовите се од различен тип, односно три ѕидани е една камена циста, покриени со 3 до 4 поголеми масивни камени плочи. Истите тешко можат да се поврзат со хоризонтот од помладата базиликална градба од VI век, како што претпоставиле постарите истражувачи, бидејќи гробовите лежат под самата нејзина субструкција чија основа се наоќа некаде на кота 620.55/65, Црт. 26б.[179] Значи споменатите гробови треба да се поврзат со некој постар сакрален објект.[180] Дали е тоа т.н. базиликата бр.1 или припаѓаат на постарата фаза од тробродниот ранохристијански храм во овој момент не можеме со сигурност да потврдиме. Во овој контекст со голема резерва би ја спомenале и првата фаза од засведената гробница откриена во кв. 275 и 276, S II, Пл. 3, Црт.32, Ф.20-23. Гробницата има две фази на градење. Постарите истражувачи сметаат дека првата фаза од гробницата треба да се поврзи со времето на егзистенцијата на базиликата бр. 1 и дека истата била во функција некаде до средината на V век.[181] Според направената анализа на археолошката документација на мислење сме дека оваа засведена гробница најверојатно потекнува од периодот што следи, односно некаде од крајот на V или можеби од почетокот на VI век. За таквата претпоставка најмногу сведочат постарите околни ѕидови кои се оштетени со нејзината изградба, Пл.3. Но да се вратиме на проблемот со најстариот сакрален објект. Ако ги прифатиме претходно дадените аргументи, односно дека подното ниво на градбата се наоѓа некаде на кота 620.35 кога се случило и второто големо рушење проследено со палеж, а да потсетиме првото рушење е регистрирано на кота 620.25, тогаш овој објект би езистирал во периодот меѓу двете споменати катастрофи, односно условно земено, меѓу западноготските и хунските продори и пустошења, а тоа е првата половина од V век.[182] Но ако прифатиме дека големото рушење се случило за време продорите и пустошењата на Готите и Херулите во 268/9 год. како што претпоставиле полските колеги, тогаш градбата дефинирана

[179] Бабиќ Б., Hensel W., Rauhutowa J., 1976, стр. 259; Гробовите подетално ќе бидат обработени во делот, Урбани гробови;
[180] Во следниот објавен труд раководителот на проектот во однос на гробот бр. 37 се корегира, види Бабиќ Б., 1978, стр. 208, со печатни грешки.
[181] Hensel W., 1978, str. 9-10, Hensel W., Rauhutowa J., 1980, 84 – 85; Гробницата подетално ќе биде обработена во делот, Урбани гробови;
[182] И покрај досега искажаното во овој момент сепак ќе останиме воздржани околу дефинирањето на функцијата и карактерот на објектот, односно дали истиот претставувал сакрална градба или нешто друго, како на пример некоја јавна или можеби приватна градба од типот на villa urbana. Едни додатни ископувања и истражувања секако ќе дадат и дефинитивен одговор по ова прашање.

од истите како базилика бр.1 не можеме да ја третираме како сакрален објект. Зошто? Затоа што тој објект би бил во функција пред 268/9 год. или нешто потоа и тогаш не би се работело за ранохристијански објект туку за некаква друга јавена или приватна градба. Понатака ако датацијата на градбата би ја поместиле некаде во IV век, како што повторно претпоставиле полските колеги, тогаш многу тешко е да се прифати претпоставката да во една така мала утврдена населба бил подигнат христијански храм уште во „зачетоците“ на христијанската религија, единствено во случај ако не станува збор за некаков domus ecclesia.? Сепак на мислење сме дека такво нешто би требало да се бара во поголемите градски центри и епископски седишта.[183] Или пак ако ги игнорираме неколкуте аргументи дека се работи за сакрален објект и ја прифатиме опцијата да овој објект претставува некаква приватна или друга јавна градба, тогаш сите претпоставки за почетоците на раното христијаство на овој локалитет за време на Теодосие I или на Теодосие II ќе пропаднат, односно како што ќе видиме подолу во разработката на оваа теза помладите ранохристијански сакрални објекти подигнати над овој објект потекнуваат некаде од крајот на V или од почетокот на VI век и понатака.[184] По рушењето објектот не е обновен. Потврда дека тоа е така има на јужниот ѕид од градбата. Имено ѕидот е оштетен и руиниран по неговата должина, а тоа се случило при втората обнова на фортификацијата, односно при изградбата на источната порта која е со внатрешен пропугнакулум, обнова која следи одма по големата катастрофа која се случила како што рековме во 447 год. при хунските пустошења. Но да се вратиме повторно на анализата на дадениот стратиграфски контекст. Претпоставуваме дека на оваа градба можат да се припишат и ѕидовите во кв. 294 и 295, S II, со ориентација исток – запад, север – југ, градени исто така од камен и кал и со приближна дебелина како и сакралниот објект, а искористени покасно во конструкциите на други понови градби, Пл. 3. Во овој контекста припаѓа и споменатиот ѕид граден од кршени камења и кал со ориентација исток-запад откриен во габаритот од форталициумот покрај источниот профил од квадратот 312, Црт. 23, Ф.9. Вакви фрагментарни остатоци од ѕидиви и делови од градби ѕидани од кршен камен и кал, нивелирани некаде на кота 620.50/60/70 има откриено и во кв. 219, 238, 257, 259 и 273, S II, но за нив не можеме со сигурност да кажеме ништо повеќе, Пл. 3.

---

[183] За оваа проблематика види: Алексова Б., 1995, стр. 4-11, пример Стоби стр. 91-96; Suić M., 1976, str. 243 i ponataka;

[184] Hensel W., Rauhutowa J., 1980, str. 88-96;

Како што напоменавме по големото рушење проследено со пожар следи и втората обнова на фортификацијата. При овие градежни зафати биле направени и поголеми структурални промени на фортификацијата, односно сега биле изградени и двете главни порти, источната и западната. Аргументи за тоа имаме на просторот од источната порта во кв. 11, 12, 30, 31 и понатака во кв. 9, 28 и 29, S IV. Имено во овие квадрати се откриени остатоци од калдрмисана улица којашто лежи на слојот со остатоци од големото рушење. Калдрмата почнува од прагот на внатршната порта некаде сса кота 619.40 и по еден релативно мала нагорнина продолжува кон внатрешноста од населбата, односно кај западниот профил од кв. 12 и источниот профил од кв. 11 се качува некаде до кота 620.35/40, за да потоа во останатите квадрати нивелета се стабилизира сса котите 620.25/30, Црт.10, 12, 13, 14 и 27. Улицата е изграден од поголеми и помали обли и плочести кршени камења. Ориентација на улицата е исток - запад со мало отстапување кон југозапад, а широчината изнесува сса 3.00 - 4.00 м. По средината од улицата, под површината одел одводен канал за одпадните води, широк од 0.50 – 0.70 м. и длабок сса 0.15 м. Црт. 27. Каналот има мал пад кон исток, односно кон портата, од кота 620.12 до кота 619.86. Северно од патот може да се регистрира и еден поплиток одводен канал, најверојатно за собирање на атмосферските води, широк 1.50 м. и длабок 0.20 м., а меѓу калдрмата и одводниот канал регистрираме земјан тротоар, широк сса 1.00 м, Црт. 12. Податоци за оваа обнова на фортофикацијата има и во кв. 203, S II. Имено тука сса кота 620.20 можат да се регистрираат новите градежни активности на одбранбените ѕидови, Црт. 2 и 2а. Покрај одбранбениот ѕид бил прокопан ров длабок сса 0.50 м. и широк 0.30 – 0.40 м. или можеби бил направен земјен насип во кого регистрираме една помала јамичка со димензии 0.20 x 0.22 м. во којашто најверојатно бил всаден дрвен столб, претпоставуваме остаток од накаква дрвена конструкција, опход или скалила.? На ова место бележиме и поголем пад на теренот кон внатрешноста од населбата кој се движи накаде од кота 620.20 до кота 619.70/50.[185] Аргументи за оваа обнова имаме и во кв. 261, S II, кој е лоциран на просторот зад базиликата, одма до одбранбениот ѕид. Имено на кота 620.57 во ѕидното платно е регистриран четвртаст отвор со димензии 0.30 x 0.30 м., односно каналче за истек на атмосферските води,

---

[185] Доста нејасен и кломплициран податок кој во оваа фаза од истражувањата тешко може да се објасни;

Ф.26.[186] Некаде околу оваа кота, на ова место, треба да го бараме и подното ниво од внатрешниот простор на населбата.

Во внатрешноста од утврдената населба исто така настануваат одредени структурални промени. Како што напоменавме со изградбата на источната порта била проектирана калдрмисана улица којашто водела кон внатрешноста од населбата, односно кон центалното плато. Покрај улицата од двете страни никнале помали трошни градби најверојатно од стопански карактер, како на пример разни занаетчиски работилници и таверни, Пл.3. За ваквата претпоставка најмногу придонесе анализата на движниот археолошки материјал пронајден во културните слоеви на овие објекти како и на околниот простор, како на пр.: голем број на парчина од метална и стаклена згура која настанала како резултат од топилничарските и ковачките занаети, потоа разни занаетчиски алатки, чекани, секири, шила, длета, керамички тегови, вкопани питоси и т.н., Т.XXVIII.5, Т.XXX. Фрагментарни остатоци од вакви објекти се откриени од левата, јужна страна на улицата во кв. 30 и 31, S, IV каде на кота 620.72/63/40 се регистрирани остатоци од ѕидиви градени од кршен камен и кал, дебели сса 0.70 – 0.80 м., коишто формирале простории со приближни димензии од сса 4 х 4 м. Подовите од овие објекти се наоѓале приближно на нивото од улицата, односно на кота 620.25/35, Пл.3. и Црт. 28. Од десната, северна страна на улицата во кв. 294, 295 и 296, S II, исто така можат да се регистрираат вакви објекти, но на нешто повисока нивелета, односно истите се откриени на кота 621.00/11/31 со подно ниво околу кота 620.65. Овдека повторно ќе потсетиме на нивото од четвртастиот отвор за истекување на атмосферските води кој беше откриен во ѕидното платно од фортификацијата на кота 620.57. Тука има искористено и некои постари ѕидови од градбите кои биле во употреба во претходниот период, а сега вградени и адаприрани во новите објекти. На просторот под ранохристијанскиот комплекс од VI век ситуацијата е доста сложена, особено северно и североисточно од базиликата. Преплет од ѕидови од постари и помлади градби, Пл.3. Полските колеги тука ја претпоставиле и издвоиле втората по ред фаза од ранохристијанска сакрална градба, односно базилика бр. 2, со откриени ѕидови околу кота 620.20/27.[187] Со оваа констатација не се сложил раководителот на Проектот, а тешко можеме да се сложиме и ние, посебно со планот презентиран од оваа

[186] Hensel W., Rauhutowa J., 1980, str.85. Овој испуст за атмосверските води можно е да потекнува и од претходната градежна фаза, како што претпоставиле и полските колеги;
[187] Hensel W., 1978, str.10 i Hensel W., Rauhutowa J., 1980, str. 88-89, ris. 12;

базиликална градба на цртежот, Rys. 12, бидејќи фактичката состојба на теренот што ја познаваме само преку илустративната теренска документација воопшто не одговара со дадениот план на објектот, Пл. 3 и 4.[188] Полските колеги претпоставуваат дека овој објект бил во потполност срушен за време на пустошењата на Источните Готи од 479 год. кога тргнале на пат за Нов Епир со намера таму да се населат. На патот тие го ограбиле и опустошиле градот Стоби, Хераклеја ја ограбиле и запалиле, а Лихнид го запоседнале, но сепак не успеале да го заземат.[189] За овие готски пустошења по Македонија аргументи на нашиот локалитет имаме на неколку места од истражениот простор. Имено во кв. 203, S II, убаво се гледа дека одма по обновата на фортификацијата следи слој од неколку сантиметри со интензивни остатоци од палеж, Црт. 2а. Хоризонтот има пад кон внатрешноста на населбата од кота 620.20 до кота 619.70/50. Овај слој на рушење проследен со пожар убаво е обележан и на просторот од источната порта како и на просторот под ранохристијанската црква од VI век. Имено на северниот профил од кв. 12, S IV, од кота 620.33 до кота 620.63 јасно е обележан хоризонтот со остатоци од запечена, горена земја, Црт. 4 и 9. Тој податок недвосмислено говори дека оваа катастрофа се случила непосредно по изградбата на источната порта, односно по обновата на фортификацијата. Зошто? Затоа што овој хоризонт ја прати нивелетата на калдрмисаниот пат кој како што видовме настанал со изградбата на источната порта. Овој хоризонт на палеж е обележан и во кв. 297, S II, на кота 620.65, Црт. 17 и 18. На истата нивелета е откриена и вкопана кружна јама со пречник од сса 0.70 м. и длабочина од сса 0.20 м. исполнета со мноштво животински коски, Црт. 29. Ситуацијата сугерира на мобилна воена состојба кога фортификацијата била под опсада или веќе била освоена, веруваме од Источните Готи 479 год. Со ова време или можеби со периодот што следи би трбало да го поврзиме и објектот т.н. fortalicium, откриен на кота 620.33/621.08 во кв. 293, 294, 295, 311, 312, 313, S II и 7, 8, 9, S IV, Пл. 3. Граден е од кршени камења и варов малтер. Димензиите од оваа градба изнесуваат 11.00 x 11.20 м., а дебелината на ѕидовите 2.20 м. Градбата најверојатно претставува воен објект, односно мало внатрешно утврдување, една вид principia од кадешто била контролиранаа и управувана утврдената населба која во тој момент можеби и била со оштетени

[188] Бабиќ Б., 1987, 212-214; Можеби едни подетални теренски истражувања и анализи би дале и поуверливи аргументи.

[189] Hensel W., 1987, str. 11; За овие настани види и Микулчиќ И., 1995, стр. 248 – 249; Истиот, 1999, стр. 202 – 203; Со оваа констатација не можеме да се сложиме поради ред аргументи кои понатака во текстот детално ќе ги елабориреме.

фортификациски ѕидови.[190] Како што веќе споменавме оваа градба од главните истражувачи е датирана некаде за време на краткиот престој на Источните Готи по 479 год., со таа разлика што полските колеги претпоставуваат и постара фаза на оваа градба, што во некоја рака може и да се прифати.[191] Анализата на археолошката документација покажа дека јужниот ѕид од форталициумот чии фундамент се наоѓа некаде на кота 620.12 лежи на постар ѕид чија основа пак се наоѓа на сса 1.80 м. подлабоко од споменатата кота, Црт. 30. Во овој контекст секако влегуваат и двата веќе споменатите постари ѕидови откриени во самиот габарит од градбата, градени од кршени камења поврзувани со варов малтер. Западниот ѕид од форталициумот лежи преку еден од овие ѕидови, односно преку северниот ѕид со ориентација југозапад-североисток што директно укажува на релативната старост на овие два објекти, односно фази на градење, Црт.19. Од анализата на теренската документација може да се констатира и тоа дека овој објект бил набргу срушен. Тоа најдобро се следи на просторот западно од објектот во кв. 309 и 311, S II. Имено над слојот од деструкција кој е обележан со мноштво фрагментирана градежна керамика, регистриран сса кота 619.80, се наслојува тенок слој од здробен варов малтер којшто најверојатно потекнува од срушениот форталициум, Црт. 15 и 16. Сратиграфски тоа укажува на времето кога Источните Готи ја пустошеле Македонија во 479 год. Освен сратиграфскиот контекст дека оваа градба потекнува некаде од времето на последните децении на V век укажува и керамичкиот фрагмент пронајден во слојот пред да се случи оваа десртукција, а кој според одредени аналогии слободно може да се датира некаде во втората половина од V век, T.XXV.5.[192] Над срушената градба се градат објекти од кршен камен и кал, најверојатно поврзани со сакралните објекти што следат. Тоа се двата паралелни ѕидови со ориентација север-југ од кој западниот има две фази на градење, Пл.3.

Вака презентираната ситуација не оди во прилог на хипотезата на полските колеги кои сметаат дека претпоставената базилика бр. 2 била потполно срушена за време на готските пустошења, а над неа била подигната нова базилика бр.3 која страдала во некој од налетите на варварските племиња што се случиле меѓу

[190] За вакви градби зборува Микулчиќ И., 1999, стр.276;

[191] Hensel W., 1987, str. 13-14, Hensel W., Rauhutowa J., 1980, str. 97; Бабиќ Б., 1996, стр.296;

[192] За овој вид на керамички садови ќе расправаме подолу. Сега види Nikolić-Đorđević S., 2000, tip IV или Popović M., 1999, str.86-87, sl.36/3 i str.104, sl.53/2;

517 и 559 год.[193] Како што погоре напоменавме мислењата по ова прашање се поделени. Раководителот на Проектот е на мислење дека базиликите бр. 2 и 3 не постојат, односно дека на местото од најстарата сакрална градба датирана во самиот крај на IV или почетокот на V век, подоцна при крајот на VI век била подигната трибродната ранохристијанска црква со баптистериум.[194] На мислење сме дека изградбата на следниот сакрален објект, односно базиликата бр. 2 теба да се бара во годините по источноготските рушења, односно некаде во периодот од последните деценија на V или првата половина на VI век. Всушност тоа се остатоците од ѕидовите кои полските колеги ги припишале на претпоставената базилика бр. 3 кои се вкомпонирани во базиликата бр. 4.[195] Подното ниво на таа базилика највероjатно би требало да се бара некаде на кота 620.90/621.03. Имено во кв. 258/9, S II, е регистриран остаток од под изведен од толчена тула и розеникав варов малтер, Црт. 31.[196] Подот делумно е уништен со вкопувањето на гробот бр. 65 и со поставувањето на ѕидовите од правоаголната просторија која е додадена на кружната крстилница, а којашто е во склоп на ранохристијанскиот комплекс кој според постарите истражувачи е граден некаде околу средината или во втората половина на VI век, односно при крајот на VI век, Пл. 3.[197] Оваа подна површина е фланкирана со два паралелни ѕидови откриени околу котите 620.95/621.27, нивелирани некаде на висина од подното ниво, претпоставуваме на базиликата бр. 2. Како изгледал правиот тлоцрт на оваа сакрална градба тешко е да се одреди. Ѕидови нивелирани приближно на споменатите нивелети, а кои се постари од трибродната базиликална црква со баптистериум има во кв. 220, 221, 239, 240, 258, 259, 277, 278, 295, 296 и 297. Како што напоменавме на мислење сме дека дел од ѕидовите на оваа постара градба се вкомпонирани во поновата трибродна базиликална црква што најдобро се осеќа во делот на северниот брод, но и во делот од субструктукцијата на јужниот стилобатен ѕид од централниот брод, како и во остатоците под преградниот ѕид кој го дели наосот и нартексот

---

[193] Hensel W., Rauhutowa J., 1980, str. 88-89; За овие настани поопширно види: Максимовић Љ., 1972, стр. 23-40 и Микулчиќ И., 1995, стр. 249-252;

[194] Бабиќ Б., 1987, стр. 212 – 214;

[195] Hensel W., 1987, str. 11; Hensel W., Rauhutowa J., 1980, str. 88-90;

[196] Бабиќ Б., 1978, стр. 210. Подот за кој зборува авторот во оригиналната документација е изведен од океласта набиена земја и се наоѓа на кота 620.90/621.03, а ѕидот кој го сечи на кота 621.28/35;

[197] И овдека мислењата околу датирањето на овој објект се разидуваат. Полските колеги оваа сакрална градба ја обележале како базилика бр. 4 и ја датирале околу средината на VI, односно втората половина на VI век, види: Hensel W., 1987, str. 11; Hensel W., Rauhutowa J., 1980, str. 92; а Бабиќ Б., 1987, стр. 214, ја датира во крајот на VI век;

Пл.3 и 4.[198] Како што ќе видиме подолу во разработката на овој проблем и во изградбата на кружната крстилница се регистрирани две фази на градење, па најверојатно првата фаза од крстилницата би требало да се поврзи со втората сакрална градба, односно со базиликата бр. 2. Ситуација доста комплицирана која тешко може едноставно да се објасни во оваа фаза на истражувањата. Ако навистина се работи за сакрален објект, во што веруваме, истиот најверојатно пострадал во пожар, за што потврда наоѓаме во кв. 297, S II. Тука во западниот профил на кота 620.93/621.13 регистрираме хоризонт со интензивни остатоци од горење, Црт. 34. Во кв. 315, S II, за кој сметаме дека се наоѓа надвор од објектот, исто така регистрираме хоризонт со остатоци од горење, сега на кота 620.70/80, Црт. 35. На прашањето кога настанале овие рушења проследени со остатоци од пожар, секако треба да ги бараме некаде во периодот на првата половина, односно средината на VI век кога варварските продори стануваат се почести, како што забележале полските колеги некаде во периодот меѓу 517 и 559 год.[199] Покрај споменатите гробови бр. 15, 16, 37 и 40, со овој хоризонт на градби најверојатно треба да се поврзат и некои од гробовите кои се лоцирани западно од сакралниот објект, односно базиликата бр. 2.[200] Тоа се гробовите бр. 71, 77, 88 и евентуално гробот обележан како 1/88, Пл.3, Црт. 21, 36, 37, 38 и Ф.18 и 19. Сите тие припаѓаат на типот камени цисти, ѕидани или комори изведени од странично поставени поголеми и помали плочест камења, покриени со 3-4 исти такви масивни камени плочи.[201]

Набргу потоа овој сакрален објект бил обновен. Полските колеги оваа нова градба ја дефинирале како базилика бр. 4 и ја датирале околу средината на VI век, а крстилницата во втората половина на VI век.[202] Раководителот на Проектот истата оваа градба ја датирал некаде при крајот на VI век.[203] Ние како трета по ред сукцесивна градба ќе ја обележиме како базилика бр. 3. Сакралната градба, односно црквениот објект е од базиликален тип со полукружна апсида, тробродна наос, нартекс и припрата, Пл.3 и 4, Ф.13 и 16. Димензиите од градбата изнесуваат:

[198] Само едни нови детални истражувања и ископувања би можеле да дадат некакви поточни и дефинитивни одговори по ова прашање.
[199] Hensel W., Rauhutowa J., 1980, str. 90; Поопширно за овие настани види: ВИИНЈ, 1955, стр.38-84; Максимовић Љ., 1972, стр. 23-40; Микулчиќ И., 1985, стр.249-252; Истиот, 1999, str. 203-204; Панов Б. М., 2013, стр. 1105–1111;
[200] Како што напоменавме погоре во овој момент од истражувањата тешко е да се прецизира хронологијата на овие гробови, односно дали тие припаѓаат на условно земено на базиликата бр. 1 или на периодот што следи.
[201] Гробовите подетално ќе бидат обработени во делот Урбани гробови;
[202] Hensel W., 1987, str. 11-13; Hensel W., Rauhutowa J., 1980, str. 92-96;
[203] Бабиќ Б., 1987, стр.214;

должина, заедно со апсидата мерено од надвор 17.30 м., широчина 11.45 м.; широчина на апсидата, мерено од надвор 6.00 м., длабочина, заедно со ѕидот 3.60 м.; наосот, односно централниот брод, мерен внатрешно, должина 8.60 м., широчина сса 5.00 м., јужен брод, должина 9.00 м., широчина 1.80 м., северен брод, должина 8.50 м., широчина 1.50 - 2.00 м.; нартексот, широчина 9.80 м., должина од 2.80 - 3.00 м. Дебелината на ѕидовите се движи од 0.70 – 0.90 м. Коронката на ѕидовите се движи околу котите 620.99/621.45. Објектот е изграден од кршени камења и кал, а додека апсидалниот ѕид од кршени камења и варов малтер. Оваа апсида би можела да припаѓа и на претпоставената базилика бр. 2, сега искористена и адаптирана во новиот објект. Во апсидалниот дел, односно светилиштето сместена е криптата со димензии 1.30 х 1.00 х 1.78 м, Црт.39 и Ф.14. Изградена е од кршени камења и парчина од градежна керамика поврзани со варов малтер, покриена со четири подебели камени плочи фугирани со варов малтер. Плочите се наоѓаат на кота 621.12/17. Криптата како што напоменавме е двоспратна. Околу криптата се поставени два реда од по четири четвртасти столбчиња изградени од градежни тули поврзани со варов малтер. Нивелетата на столбчињата се движи околу кота 621.16/35. Овие столбчиња служеле како носачи за подот кој најверојатно бил изведен од дрвени штици. Подот во наосот и нартексот кој во потполност е уништен со вкопувањето на средновековната некропола се наоѓал некаде на кота 621.40 и најверојатно бил покриен со правоаголни керамички плочки од кои се пронајдени неколку, Т.XXVIII.2.[204] Северно од базиликалната градба во кв. 220, 221, 239, 240, 258 и 259, S II, на кота 621.36/54/28 е откриена кружната крстилница т.е. baptisterium со правоаголна помошна просторија прилепена од јужната страна, Пл.3 и 4, Ф. 15. Крстилницата е со пречник од сса 6.00 м., мерено заедно со ѕидовите, а правоаголната просторија е со димензии 6.00 х 4.50 м. Дебелината на ѕидовите изнесуваат 0.70 – 0.75 м. Кружната градба била градена од кршени камења поврзувани со варов малтер, а правоаголната градба од кршен камен и кал со ретки остатоци од варов малтер.[205] Во централниот дел од кружната градба на кота 621.41 се откриени остатоци од писцината во форма на рамнокрак крст, изградена од градежни тули и варов малтер. Должините на краците од крстот изнесуваат 2.08 и 2.13 м. Во средината се наоѓа правоаголен базен со димензии 0.71 х 0.64 м, сочуван во длабочина од

[204] За средновековната некропола и другите податоци види, Бабиќ Б., Hensel W., Rauhutowa J., 1986, стр.252-254; Бабиќ Б., 1987, стр. 206 и понатака, Hensel W., 1987, str. 19-21, Hensel W., Rauhutowa J., 1980, str. 104 i ponataka;

[205] Бабиќ Б., 1987, стр.206 и 209-210;

cca 10 см., и одводен канал со димензии 6 x 9.5 см. Како што напоменавме во габаритот што го зафаќа оваа градба откриен е и постар под на кота 621.26. Исто така и во базенот се откриени два пода. Едниот на кота 621.24, а другиот на 621.04. Најверојатно се работи за две фази на користење на овој објект, односно ако ја земиме во предвид и правоаголната градба градена од кршени камења и кал, која најверојатно била доградба на кружниот објект, тогаш јасно е дека се работи за две фази на користење на крстилницата. Во тој контекст како што веќе напоменавме треба да помислиме и на постариот сакрален објект, односно дека првата фаза од кружната крстилницата можно е да припаѓа на постариот сакрален објект, односно базиликата бр. 2. Во периодот додека базиликата бр.3 била во употреба на североисточниот дел од северниот ѕид била доградена правоаголна просторија со димензии 4.00 x 5.20 м., откриена на кота 621.47/60, Пл. 3 и 4. Ѕидовите се изградени од кршени камења и кал, а дебелината на истите изнесува cca 0.70 м. Оваа правоаголна просторија која најверјатно имала функција на капела била поврзана со северниот брод од базиликата каде накнадно бил пробиен влез со широчина од cca 1.90 м. Некаде во истиот период на северозападниот дел од базиликата бил изграден и покриен трем, т.е. припрата, која го спојувала западниот влез од базиликата со крстилницата, Пл. 3. На последната фаза од ранохристијанските градби секако припаѓа и обновената засведена гробница која сега добива и надземен дел, односно ѕидовите од гробницата биле проширени за cca 0.60 м. и надградена со еден правоаголен објект кој од предната страна имал галерија, односно отворен трем на три столба, Цтр. 32, Ф.20 - 23. Од трите столба во in situ положба зачуван е само базисот од централниот столб, изработен од бел мермер. Базисот е откриен на кота 621.52. Сега засведената гробница била претворена во една врста мавзолеј, меморија од типот supracorpus martiris.[206] Димензиите на оваа градба изнесуваат 6.90 x 5.20 м.[207] На ова време секако припаѓаат и двата гроба од типот на ѕидани цисти, откриени во кв. 259 и 278, односно гробовите бр. 65 и 66, како и трите гроба кои биле откриени во самата базиликалната градба, односно во централниот брод гробот бр. 36, во северниот брод гробот бр. 55 и во нартексот гробот бр. 70, Пл.3, Црт. 40 - 43, Ф.17.[208] На овој комплекс на градби би ги додале и спомenатите остатоци од ѕидови градени од кршени камења и кал откриени на просторот од

[206] Hensel W., 1987, str.10; Hensel W., Rauhutowa J., 1980, str. 85;

[207] Подетално за оваа гробница во делот за Урбаните гробови;

[208] Сите овие гробови ќе бидат детално обработени во делот за некрополите;

срушениот форталициум. Ѕидовите се со дебелина од cca 0.70 м., Пл. 3. Тие формираат некаква правоаголна градба која се спојува со југозападниот агол од засведената гробница. Оваа градба најверојатно била во некаков контекст на комплексот ранохристијански градби опишани претходно и најверојатно се работи за некаков објект кој припаѓал на епископиумот?[209] Постарите истражувачи се на мислење дека оваа трободна ранохристијанскi базилика со баптистериум била постепено разрушена во текот на раниот среден век и дека нема траги од насилно рушење, со што не можеме да се сложеме. Истата најверојатно настрадала во пожар. За тоа потврда имаме во кв. 299 во делот на подподното ниво од апсидалниот дел, односно под нивелетатата од криптата каде регистрираме остатоци од горење на кота 621.06/32, Црт.44. Вака поставената ситуација ни говори дека подот во апсидалниот дел од црквата бил изведен од дрвени штици што ја покривале и криеле криптата. Покрај остатоците од горење регистрирани во подподното ниво од апсидалниот дел, надворешниот простор зад апсидалниот ѕид меѓу котите 621.16/620.65 бил исто така исполнет со остатоци од горење, па дури и на самиот апсидален ѕид од надворешната страна има видливи таги од силното горење на црквениот објект, Црт. 44 и 45. Оваа катастрофа најверојатно се случила при крајот на VI или некаде на почетокот на VII век кога аварословенските пустошења по Балканот и Македонија биле така да се каже, скоро секојдневие.[210] Дали се работи за 584/6 год. кога настрадале и многу други градови и утврдени места по Македонија или станува збор за некој друг датум не можеме со сигурност да тврдиме. Со овие последни моменти од животот на оваа утврдена населба се и остатоците од кв. 30, каде споменатиот стопански објект во потполност е опожарен и срушен. Овие објекти повеќе не се обновувани, Црт. 28.

На крајот да спомениме и нешто за последната обнова на фортификацијата која се случила некаде во текот на VI век. Имено во кв. 203, S II, на кота 620.50/55 е прокопан плиток ров со длабочина од cca 0.30 м. и широчина од 0.80 – 0.90 м., хоризонт кога на фортификацијата биле преземени последните градежни работи, Црт.2 и 2а. Претпоставуваме дека при оваа обнова одбранбените ѕидови биле само надградени. Кога точно се случила оваа обнова исто така не можеме со сигурност да потврдиме, но секако ќе ја поврзиме со периодот по рушењето на базиликата бр. 2 и хуно-бугарските, антските и словенските продори и пустошења

---

[209] Тоа мислење го застапува Hensel W., 1987, str.;

[210] Баришић Ф., 1953, стр. 33-100; ВИИНЈ, 1955, стр. 108, 175-197; Максимовић Љ., 1972, стр.46 и понатака; Микулчиќ И., 1999, стр. 203-206; Панов Б. М., 2013, стр. 1111 – 1124;

по Балканот меѓу годините 517 и 559 год. кога византискиот император Јустинијан I бил приморан да обнови голем број од фортифицираните населби.[211] На ова место ќе напоменеме на уште еден факт кој се однесува на една од фазите кога била граден, односно обновувен фортификацискиот објект. Имено во 2011 год. беа преземени одредени заштитни археолошки ископувања на локалитетот. При тоа беа истражувани квадратите 88 и 107 во S II коишто се наоѓаат од надворешната страна на одбранбените ѕидови. Тука на кота 618.80/60 по целата должина на ѕидовите воширочина од cca 1.00 м. беше регистрирано малтерно текне со коритеста форма каде се мешал варовиот малтер за изградба на ѕидовите, Црт.46 и 47. Од која градежна фаза потекнува ова малтерно текне во овој момент тешко е прецизно да се одговори, но ќе напомениме дека малтерот беше залепен на одбранбениот ѕид, што укажува на фактот дека одбранвените ѕидови веќе постоеле и биле во функција. Пошироко земено тоа би бил периодот на доцната антика. Уште еден податок во контекст на овој проблем, односно во слојот кој непосредно лежеше над малтерот, формиран од црна масна земја со изобилни остатоци од силно горење, беа пронајдени неколку фагменти од керамички садови кои потекнуваат некаде од периодот на раното средновековие, најверојатно од словенска провиниенција.[212]

Паралелно со утврдената населба низ целиот доцноантички период живее и предградието на населбата. Тука во поставените сонди, како што неколку пати напоменавме, откриен е движен и недвижен археолошки материјал кој во најголема мера е компатибилен со материјалот пронајден во тврдинскиот простор кој ќе го разгледаме понатака во разработката на оваа проблематика, Пл.1 и 2, Ф.7 и 8.

* * *

Како што веќе напоменавме движниот археолошки материјал од овие доцноантички слоеви со одредени исклучоци во најголема можна мера е измешан и не е прикладен за хронолошко детерминирање на културната стратиграфија. За таа состојба секако најголем придонес имаат направените нивелациски и денивелациски работи на теренот во контекст на преземање поголеми градежни активности како на фортификацијата така и при уредувањето на внатрешниот

[211] ВИИНЈ, 1955, стр. 53-70; Максимовиħ Љ., 1972, стр. 37-40; Панов Б. М., 2013, стр. 1105 – 1110;
[212] Материјалот моментално е во фаза на обработка;

утврден простор, потоа копањето на темели за бројните архитектонски објекти кои практично на еден мал простор се испреплетени и наслоени еден врз друг, како и бројните гробни јами лоцирани на истиот тој мал простор. Во овој контекст секако ќе ги спомениме и бројните вкопани средновековни објекти, куќи т.н. полуземјанки, јами и гробови од една цела некропола чии хоризонти лежат над доцноантичките слоеви и во голема мера истите ги пореметиле.

Анализата на археолошкиот материјал и во оваа прилика ќе ја започниме со анализа на керамичкиот материјал. Тоа се пред се фрагменти од т.н. провинциска римска керамика произведена во некоја од бројните локални провинциски керамички работилници, во кои секако се вбројувале и македонските, но има и одреден број на фрагменти кои припаѓаат на импортирани производи од познатите медитерански керамички центри, како и фрагменти од садови од туѓа провиниенција што можат да се поврзат со производите на некој од заддунавските варварски народи.[213]

Керамичкиот материјал кој се датира во IV век и понатака во голема мера претставува продолжение на керамичкиот материјал од III век и тешко може да се направи некоја разлика. Тука пред се преовладува доцноримски форми на садови со црвен премаз, садови со печатена орнаментика, но и обични садови без премаз црвено или сиво печени. Од трпезната керамика производството на полутопчести панички и понатака продолжува. Најчесто се без декорација, но ги има и такви декорирани со по некоја врежана хоризонтала под работ или по ѕидот од садот, Т.XVII.1-6.[214] Потоа исто такви полутопчести паници и панички коишто имаат различна профилација на работ, односно со хоризонтално или косо извлечени рабови кои како форми се среќаваат и кај т.н. сива македонска terra sigillata, Т.XVII.7,8.[215] Плитки чинии со хоризонтално извлечен раб, Т.XVII.9,10.[216] Меѓу примерите има и неколку фрагменти од т.н. африканска црвенопечена керамика кои слободно можат да се третираат како импорт од далечните источномедитерански работилници, Т.XVII.11. Презентираниот пример датира

[213] Ончевска Тодоровска М., 2008, стр. 311-321;

[214] Фидановски С., 1990, стр. 24, Т.13/26, 27 и Т.14/29; Kuzmanov G., 1992, str.203, T.54/4; Nikolić – Đorđević S., 2000, tipI/87 gleđosana; Ончевска Тодоровска М., 2004, стр.59, Т.6/33, Т.7/36 и 37; Ciglanečki S., 2000, str.69 i 73, Sl.82/3,6, str.76, Sl.88/1, str.83, Sl.95/2 i t.n.;

[215] Ончевска Тодоровска М., 2004, Т.9/45, како форма; Истата, 2010, стр.75, Т.18/1 и 3 и Т.21/29 и 30 и Т.35/1 аналогни или слични по форми;

[216] Brukner O., 1981, str.39, T.94/168-170 i 173; Nikolić-Đorđević S., 2000, tip III/10; Ончевска Тодоровска М., 2010, стр.61/62, Т.6/51;

некаде од периодот 420-450 год.[217] Поплитки или подлабоки паници или чинии со биконусна форма, обични или оние што претставуваат продолжение на т.н. Источна terra sigillata B, T.XVII.12,13 и T.XVIII.1,3-6.[218] Неколку примери од т.н. чинии со фалта коишто исто така припаѓаат на африканската црвенопечена керамика, но за разлика од претходниот пример најверојатно се производ на некоја домашна керамичка работилница, T.XVIII.2.[219] Овдека наоѓаме и фрагменти од подлабоки паници од латенско потекло кои ги имавме како пример и во постарите културни слоеви, T. XI.1.[220] Како што можевме да видиме сите овие садови широко се распространети како по македонските простори така и по другите балкански провинции. Од трпезната керамика со затворен реципиент би ги спомнале фрагментите од амфороидни стомни коишто под работ од устинката, односно во горниот дел од вратот се канелирани со едно ребро, T.XIX. 1,3,6. Овие садови како впрочем и претходните имаат постари производствени традиции на македонските простори.[221] Потоа тука се стомните со една рачка кои како аналогии најприсутни се на тракиските локалитети, но многу блиски форми ги има и на средното подунавије и македонските простори, T.XIX.2.[222] Фрагменти од стомни, бокали или можеби грниња со една рачка со широко и високо извлечени вратови и со различно профилиран раб, T.XIX.4-12.[223] Од керамичкиот материјал најзастапени се фрагментите од грниња. Ги има од најразлични типови и варијанти: помали и поголеми; со една, две или три рачки или оние без рачки; топчести, елипсовидни со повеќе или помалку нагласени рамења, конусни, биконисни и крушковидни; со кратки или високо извлечени вратови, конични или цилиндрични, лачно или остро оформени, повеќе или помалку нагласени; и со најразлична профилација на работ од венчето, односно изливникот; со или без премаз, со или без декорација. Како што погоре напоменавме поголемиот дел од овие керамички садови имаат постари производствени традиции на пошироките балкански простори. Како прво ќе ги презентираме грнињата кои можат да бидат

---

217 Hayes J.W., 1972, str.124, form 75, fig. 21/1,3;

218 Anderson Stojanović V., 1992, str.118, Pl.110/935, str.141, Pl.145/1251; Ончевска Тодоровска М., 2010, стр.75, T.12/1 и 3; Ciglanečki S., 2000, Sl.82/9, str.76, Sl.88/2, Sl.89/12,str.88, Sl.99/11 i t.n.;

219 Онческа Тодоровска М., 2010, стр.60-61, Т.2/15 и Т.4/31;

220 Nikolić – Đorđević S., 2000, tip I/71;

221 Соколовска В., 1986, стр.123, Т.45/14; Anderson Stojanović V., 1992, str.112, Pl.100; Ончевска Тодоровска М., 2004, стр.54-55, Т.23/122 и 123; Садови со иста форма, но со поголеми дфимензии види, Nikolić-Đorđević S., 2000, tip V/22 и Кузманов Г.,1985;

222 Кузманов Г., 1985, стр.28, Т.16/16 и Т.17/26; Anderson Stojanović V., 1992, str.137, Pl.139/2201; Nikolić-Đorđević S., tip VII/7; Ончевска Тодоровска М., 2010, стр.80, Т.31/4 и 7;

223 Anderson Stojanović V., str.127, Pl.125/1062, Pl.126/1066, Pl.127/1078, 1081; Ончевска Тодоровска В., 2004, стр. 55, Т.24/129, 130 и 25; Истата, 2010, Т.30/18, Т.31/5 и 6;

со една, две или три рачки, но и без рачки. Садовите имаат сразмерно висок врат кој може да биде цилиндрично или конусовидно оформен, а работ од венчето кратко, косо или скоро хоризонтално извлечено. Според тоа колку рачки имаат, каква е формата на телото, висината и формата на вратот или профилацијата на венчето можат да се извлечат повеќе типови, варијанти и подваријанти, Т.XX.1-6. Аналогии за овој тип на садови наоѓаме како на македонските локалитети така и на пошироките балкански простори, односно подунавските провинции, но и во останатите римски провинции од внатрешноста на Балканот.[224] Како спротивност на претходно презентираните би ги издвоиле грнињата со сразмерно пократок врат, топчесто, биконусно или конусно тело со нагласени рамења и кратко, хоризонтално извлечен раб. Тоа како е моделирано телото, вратот или работ од венчето, односно изливникот можат да се извлечат повеќе типови, варијанти и подваријанти, Т.XX.7-9 и Т.XXI.1-8. Како претходните така и оваа група на грнињa е со постари производствени традиции, а во текот на IV – V и низ целиот VI век ќе биде широко распространет скоро по цел Источен Илирик.[225] Од доцниот римски период потекнуваат и грнињата со или без рачки, ребресто канелирано тело или обично без канелури, вратот кратко нагласен, а венчето лачно, конкавно формирано или со поострa профилација, Т.XXII.8-12. Овие садови исто така имаат постари производствени традиции како на македонските, така и на пошироките балкански простори. Блиски аналогии наоѓаме во подунавските провинции Долна Панонија, Горна Мезија, двете Дакии, но и на појужните балкански простори.[226] Потоа грнињa со или без рачки, краток врат помалку или повеќе лачно или оштро нагласен, а венчето помалку или повеќе косо извлечено кон надвор со вертикален, закосен или заоблен раб, телото најчесто топчесто, елипсовидно или крушковидно без декорација или украсено со снопови од врежани хоризонтали, канелирано или декорирано со чешел по целата висина, Т.

---

[224] Randомски: Ончевска Тодоровска М., 2004, стр.61-62, Т.30/181, 184 и стр.66, Т.31/189; Истата, 2010, стр.77 и 82-82, Т.42/13, Т.44/18, 19 и Т.51/85; Brukner O., 1981, str.42, T.105/11,13, T.122/135, 137, T.123/145, 151, T.124/154, 158; Nikolić Đorđević S., 2000, Tip II/15, Tip II/36, Tip II/52; Филипоски С., 1990, стр.24, Т.27/17,18 и Т.31/25; Kuzmanov G., 1992, str. 213, Typ 1, T.73/3,4,8,11,12; Baçe A., 1981, str.216, T.XIII; Lako K., 1984, str.193, T.V.6 i T.VI.2,5,6 i 12; Cerova Y., 1987, str.175, T.IV ; и т.н.

[225] За постарите примери види: Anderson-Stojanović V., 1992, Pl. 134/1158, 1159, Pl. 138/1193 i Pl.139/1196, датирани во раниот и средниот римски период и Brukner O., 1981, T.104/8,9 i T.118; За примерите од доцниот антички период види: Anderson Stojanović V, 1992, str.139, Pl.143, Pl.147/1269 i Pl.148/1271; Микулчиќ И., Никуљска Н., 1978, стр.147, сл.26; Манева Е., 1979, стр.27, Т.XXII; Јанакиевски Т., 2001, Т.II, IX, XXIII, XLII, XLVII, LI, LVII, LIX i LXXVI; Ончевска Тодоровска М., 2004, стр.68, Т.37/247; Т.39/268-270; Кузманов Г., 1985, стр.50-51, Т.30 и Т.31/46; Brukner O., 1981, str.42, T.118/97 i T.122/132, 133;

[226] Brukner O., 1981, str.42, T.120/109 i T.121/120; Nikolić-Đorđević S., 2000, tip II/1, TipII/2 i TipII/9; Кузманов Г., 1985, стр.47, Т.28/10, 13 и Т.29/20,24, датирани во V-VI век; Филипоски С., 1990, стр.28, Т.29/6, Т.30/19; Ончевска Тодоровска М., 2004, стр.67, Т.35/231, 232; Baçe A., 1981, str.216, T.XIV.5,9,10;

XXII.1-7, T.XXIII.3-9 и T.XXIV.1-11. Според тоа дали се со рачки, како е моделирано венчето, вратот или телото од садот можат да се изведат повеќе типови, варијанти и вариетети. Блиски аналогии наоѓаме како на македонските локалитети така и на локалитетите од пошироките балкански простори.[227] Овој преглед од грнења кои припаѓаат на периодот од IV па некаде до средината на V век, а одредени форми и до крајот на антиката ќе го завршиме со два фрагменти од керамички садови кои ги поврзуваме со готското присуство на нашиот локалитет од крајот на IV век, T.XXIII.1 и 2.[228] Грнињата се изработени од пречистена сивопечена глина, украсени со глачани орнаменти.

Некаде од почетокот, а особено од средината на V век квалитетот на керамичките производство постепено опаѓа што се должи на општите состојби и трендови што ја зафаќаат Римската Империја, односно сите оние промени и трансформации кои настанале во општественото, економското, стопанското и културното живеење на овие простори, особено по се зачестените продори и пустошења на варварските народи од север, а ќе кулминира со пропаста на Западното Римско Царство.[229] Се повеќе во употреба се керамички садови кои имаат локални, регионални обележја, но сепак истите се темелат на особеностите од доцно римското провинциско грнчарство. Тоа убаво се гледа на грнињата без рачки и паничките кои сега се украсени со разни врежани орнаменти по телото од садот, но формите со помали видоизмени и понатака продолжуваат да егзистираат во текот на V – VI век, T.XXIII, T.XXV и T.XXVI.[230] Како поблиски аналогии за нашиот керамички материјал од македонските и пошироките балкански простори би ги спомениле наодите од Хераклеа и Скупи, како и некои наоди од Епир, Дарданија, Норикум.[231] На крајот би ги споменале и садовите за складирање и чување на храна, односно питосите и поголемите грнци т.н. ќупови

---

[227] Ончевска Тодоровска М., 2004, стр. T.32/197, 198, T.33/214, T.35/227, T.37250,252; Brukner O., 1981, str.42, T.117/ 88, 89, 92, 94, T.119/102, 103, T.124/163,164; Nikolić Đorđević S., 2000, Tip II/4; Tip II/18, Tip II/20; Ciglanečki S., 2000, str.78, Sl.78/2 i 4 i ponataka Sl.81/2, Sl.87/4, 6, Sl.89/2, Sl.100/2,7, Sl.109/6,8,12,13, Sl.113/4,5,6,10,11, T.14/10,11, T.15/5 T.16/2, 5, T.17/1,3,10-14; Popović M., 1999, str. 81 – 86, Sl.32/1, 2, Sl.33/4,7, Sl.36/3, 5, Sl.46/13; Kuzmanov G., 1992, str.213, T.84/9 i dr;

[228] Nikolić Đorđević S., 2000, tip II/35;

[229] Курбатов А.Г., 1971, стр.38;

[230] Како пример ќе ги наброиме разните типови на грнења од Подунавјето кои во главно се датирани до почетокот на V век и можат да ја објаснат оваа ситуација, Nikolić – Đorđević S., 2000, tip II/1, Tip II/2, Tip II/3, Tip II/4, Tip II/20, Tip II/41; Brukner O., 1981, T.117/85, 88, 89, 91-94, T.119, T.120/109,111, 114, 116; Kuzmanov G., 1992, str.213-214, typ 2, T.81/11, T.82/3,4, T.83/8, T.87/3 i 5, T.88/7, T. 89/5, 6, 9, 10, 12, T.90/1;

[231] Јанакиевски Т., 2001, T.V, VI, VII, XI, XIV, XV, XVII, XXI, XXVI, XXVII, XLVI, LX и др.; Ристески Б., 2002, стр. 80-81, сл. 5-7; Ончевска Тодоровска М., 2004, стр.65-69, T.32/200, 202, 205, 206, T.33/210, 211, T.36/237; Popović M., 1999, str.89-90, 41/5, str.94-95, 46/16; Ciglanečki S., 2000, Sl.82/1, Sl.91/4, 5, 20, Sl.100/3-8, Sl.109/10,15, Sl.123/3, 4, 14, Sl.124/1 i dr.; Lako K., 1984, str.195, T.V/2;

кои во постарите културни слоеви ги познававме како стамноси. Нивните форми можат да се следат од времето на постариот римски период, но во доцната антика се јавуваат и некои нови форми на садови, Т.XXVII.[232] Како аналогии ги наоѓаме како на македонските, така и на пошироките балкански простори.[233]

Како посебна врста на керамички материјал би требало да ја спомeнеме и градежната керамика, но за жал од неа не поседуваме некои порепрезентативни примери бедејќи истата не била собирана и депониран во надлежната институција со останатиот керамички материјал, а исто така и не била оформена и некакаква техничка документација.

Од останатиот движен археолошки материјал би споменале поголем број на ситни фрагменти од стаклени садови во главно од панички и чаши, потоа фрагменти од рамно прозорско и витражно стакло и т.н., истите најчесто наоѓани на просторот од сакралните објекти, а поретко на останатиот истражен простор, Т.XXVIII.3,4. Потоа разни метални предмети со утилитарна примена како на пр. разни видови и типови на шајки и клинови, спојки и алки, опкови и кланфи кои биле дел од куќната архитектура, Т.XXIX.1,3, Т.XXX. 1-10. Потоа разни видови алатки кои служеле во домаќинството, занаетчиството и замјоделието, како на пр.: чекани, ножеви, коскени рачки за ножевите и другите алатки, длета, шила, игли, дикел или копач и т.н., Т.XXXI. 1-11, Т.XXXI. 1, керамички тегови и разни типови пршлени изработени од глина или камен, Т.XXXII. 1-11. Тука наоѓаме и неколку предмети кои служеле за игра и забава, како на пример глинена коцка, жетон, глинени скокалина, ашик и т.н., Т.XXXII. 12-15. Сите овие предмети немаат некоја посебна хронолошка вредност, но анализирани од еден социо-археолошки аспект сепак претставуваат значајња компонента во проучувањето и решавањето на бројните социо-економски проблеми од периодот на доцната антика.[234] На ова место би ги споменале и бројните наоди од метална згура која секако претставува еден вид сведоштво за бројните работилници кои се занимавале со ковачките и металопреработувачките занаети каде се користеле готови полуфабрикати од железна руда за производство на финалните производи, Т.XXVIII.5.

---

[232] Овде може да се направи споредба со питосите од постарите културни слоеви.
[233] Essay Ончевска М., 2004, стр. 65, Т. 26; Popović M., 1999, str. 106, sl.1, 3 i 5;
[234] Popović M., 1999, str. 108-109 i 113-123;

Малиот број на наоди од оружје кој се состои во главно од неколку врвови од стрели најмногу зборува за карактерот на оваа утврдена населба, односно дека истата немала некаква директна воена функција, Т.XXXI.2-6.[235]

На крајот ќе ги спомeнеме и неколкуте бронзени монети од римските цареви, августи и цезари, Максимилијан, Константин I, Крисп, Констанциј II, Јулијан или Валенс, како и една монета од византискиот император Јустинијан, Ф.38-41.[236] Сите овие монети во главно се пронајдени надвор од стратиграфскиот контекст и немаат некои битни хронолошки вредности за попрецизно дефинирање на културните слоеви.[237]

[235] Исто;
[236] Cohen, 54, VI; Ric, V, 595; Ric, VII, 187, 169; Ric, VIII, 89; Податоци за монетата од Јустинијан се извадени од извештајнте трудови;
[237] Според теренските инвентарни книги дел од монетите недостасуваат во збирките со посебни наоди и во двете надлежни институции за чување на овие предмети;

## 3. Урбани елементи на утврдената населба

### 3.1. Фортификациски елементи

Уште во далечната 1928 год. познатиот белградски археолог и проф. Н. Вулиќ констатирал дека се работи за извесен фортификациски објект.[238] Триесет и шест години подоцна во 1964 год. при изградбата на браната за вештачкото езеро биле преземени обемни заштитни ископувања кога скоро во целост биле откриени периметралните ѕидови од овој фортификациски објект. Истиот е дефиниран и детерминиран како рановизантиски каструм, Пл.1 и Ф.1.[239] Во наредниот период, односно некаде од 1968, па се до завршувањето на систематските археолошки истражувања во 1985 година перманентно се работело на фортификациските остатоци, односно на нивната консолидација, конзервација, како и делумна реставрација и адаптација на поедини делови, како на пр. Кула бр.2, Ф.27.[240]

Од целокупната површина што ја зафаќа овој археолошки локалитет која е проценета на cca 3 ha, фортификацијата зафаќа простор од cca 1.7 ha. Денешната фактичката состојба, односно остатоците од последната фаза на фортификацијата кога истата за последен пат била во употреба би ги опишале на следниот начин. Фортификацијата има неправилна полигонална форма, девет кули и два влеза, односно порти, по една на источната и западната страна, Пл.1. Градена е од кршен камен и варов малтер во техника на incertum со одредени елементи на opus mixtum, т.е. лицето од ѕидното платно е изведено од покрупни и поситни кршени камења ѕидани во т.н. ирегуларен или слободен слог, а на секој 1 м. височина има поставени либажни слоеви, а јадрото е исполнето со крш од поситни и покрупни камења залеани со варов малтер, Црт.48 и Ф.33. Техника на opus mixtum и ако до крај не е доследно изведена регистрираме на источната порта како и на двете пентагонални кули каде има неизменични појаси изведени од кршен камен и појаси од градежни тули, Црт. 49 и 50, Ф. 28 и 29. Дебелината на обѕидието варира од 1.60/1.80 - 2.20/2.40 м., а просечната дебелина на ѕидовите се движи cca 2.00 м. Оваа нерамномерност на дебелината од ѕидното платно се објаснува со одбранбените карактеристики што ја имала фортификацијата и

---

[238] Вулић Н., 1931, 150-151;

[239] Babić B., 1965, str. 63;

[240] Програми и извештаи за извршените работи депонирани во архивите на Институтот. Кулата бр.2 делумно е реставрирана и адаптирана како работна просторија;

нејзината местоположба.[241] Таа лежи во мочурлив терен и најверојатно зависно од природната заштитеност и изложеноста од нападите, така биле проектирани и ѕидовите. Како што напоменавме на источната и западната страна биле поставени влезовите во утврдената населба. Главните истражувачи според терминологијата употребувана за одредени елементи од римските градителски системи и воените логори источниот влез го означиле како Порта Principalis, а западниот како Порта Decumana Пл.1 и 3, Ф.27 и 31.[242] Двата влеза претставуваат двојни порти, dipiloni, одделени т.е. споени со мал меѓупростор т.н. propugnaculum, поставен од внатрешната страна на бранетата линија. Источниот влез бил фланкиран со две петтоаголни кули, т.н. пентагони со неправилна и нешто поизместена основа, оддалечени една од друга сса 8.00 м. Ѕидовите од кулите во споредба со одбранбените ѕидови се нешто потанки, со дебелина од сса 1.20 м. Кулата бр.1, односно северната кула има димензии мерено со ѕидовите 4.10 x 4.30 x 4.50 x 3.70 м., максимална широчина 6.50 м. и максимална должина во темето 7.20 м., Пл. 3, Ф.28 и 29. Кулата бр. 2, односно јужната кула има димензии 7.30 x 4.90 x 5.10 x 7.00 м., максимална широчина 7.00 м. и должина во темето 8.70 м. Истите на сутеренот имале по една функционална просторија со влез широк 1.00 м., а најверојатно истото го имале и на спратот, Пл.3 и Ф.27. Предната, надворешна порта којашто е во линија на одбранбениот ѕид има широчина од 4.10 м., односно 3.80 м., а внатрешната 3.25 м, Ф.27 Како што напоменавме двете порти се оддвоени, односно споени со еден мал трапезоиден пропугнакулум со димензии 10.10 x 7.40 x 8.70 x 9.20 м. мерено заедно со ѕидовите чија дебелина изнесува сса 2.50 м., Пл.3 Западниот влез исто така претставува двојна порта со трапезоиден пропугнакулум со димензии 17.00 x 12.60 x 14.00 x 7.50 м., мерено со ѕидовите, Ф.30 и 31. Предната порта е широка 8.50 м. Истата најверојатно била двојно заштитена со дрвена двокрилна врата и железна катаракта, Пл.3.[243] Внатрешната порта е доста потесна, широка само 3.00 м. Западниот влез исто така бил заштитен со две кули. Јужната кула бр. 6 е пентагонална со димензии 4.25 x 6.25 x 5.50 x 3.25 м., максимална широчина 7.20 м. и должина во темето 8.25 м. Северно од портата на оддалеченост од сса 14.50 м. стои кружната кула бр. 7 со пречник од сса 9.50 м., мерено заедно со ѕидовите. Од останатите пет кули три се распоредени на јужната половина, а две на северната, Пл.3. Кулата

---

[241] Бабиќ Б., 1996, стр. 295;
[242] За тоа види: Suić M., 1976, str. 92-93;
[243] Вакви примери на порти види Иванов Т., 1980, стр. 42, 66 и 126;

бр.3 се наоѓа на југоисточниот агол од фортификацијата на оддалеченост од 52.50 м. од кулата бр. 2. Има кружна форма со прчник од сса 8.00 м. Кулата бр. 4 се наоѓа во средишниот дел од јужниот одбранбен ѕид на оддалеченост од 55.00 м. од кулата бр. 3. Има кружна форма со пречник од сса 8.00 м. Кулата бр. 5 се наоѓа на југозападниот агол од објектот на оддалеченост од сса 67.00 м. од кулата бр. 4, а на сса 66.00 м. од кулата бр.6 поставена кај западната порта. Истата има нешто помали димензии, односно пречник од сса 5.00 м., мерено заедно со ѕидовите. Кулата бр. 8 се наоѓа на северниот, односно северозападниот одбранбен ѕид на оддалеченост од 85.00 м. од северозападниот агол на објектот, односно на оддалеченост од сса 88.00 м од кулата бр. 7. Истата има четвртаста форма со димензии 3.75 x 3.75 x 3.75 x 4.15 м., мерено заедно со ѕидовите. Кулата бр. 9 со печник од сса 9.00 м. се наоѓа скоро на североисточниот агол од објектот на оддалеченост од 52.00 м. од кула бр. 8 и сса 72.50 м. од кула бр. 1.

### 3.1.1. За најстарите фортификациски остатоци

Како што веќе видовме при разработката на културната стратиграфија најстарите фортификациски остатоци на овој локалитет потекнуваат од раниот антички период. Такви остатоци регистриравме на две места на истражениот простор, во кулата бр. 1 ископувана во 1970 год. и во кв. 203, S II, ископуван во годините 1987/88. Остатоците во кв. 203 беа регистрирани меѓу котите 618.45/619.00 и беа изразени во форма на слој од црвеникава глинеста земја со широчина од cca 2.50 м. и дебелина од cca 0.50 м. Во овој слој се вкопани и поставени подоцнежните фортификациски ѕидови градени од кршен камен и варов малтер, Црт. 2 и 2а. На просторот под кулата бр.1 исто така беа откриени остатоци од најстарата фортификација, но сега во форма на четири последователни слоја од срушени и стопени плитари изработени од исто таква црвеникава глинеста земја, Црт. 3. Дека постојат постари фортификациски остатоци се посомневал и проф. И. Микулчиќ уште при првите сондажни ископувања преземени во 1964 год.[244] Овие раноантички фортификации во долниот дел или пак целосно биле градени од поголеми и помали кршени камења коишто го формирале лицето од бедемот, а јадрото било формирано од земјан набој мешан со помали кршени камења.[245] Во нашиов случај горниот дел, најверојатно бил надграден со плитар, непечена тула, за што потврда имаме во слоевите на рушење под кулата бр.1. Слично или исто бил граден и бедемот од акрополата на градот од Вардарски Рид датиран некаде во IV век с.е.[246] Од фортификациските елементи ќе споменеме уште тоа дека пред бедемот во втората и четвртата фаза постоеле заштитни ров, fossa, кој најверојатно биле исполнети со вода и биле во функција за нејзина подобра заштита, Црт. 3. Од кога датираат овие фортификациски остатоци може само да претпоставуваме. Постарите истражувачи истата е датирале некаде во доцниот III век с.е.[247] Како што видовме од анализата на движниот археолошки материјал кој е доста скуден, најстарите артефакти од раноантичкиот период слободно можат да се датираат некаде во V-IV век с.е.[248] Од историските извори познато е дека Филип II за време на своето владеење околу 349 год. с.е. и пред тоа ги утврдувал градовите кон

[244] Mikulčić I., 1966, str. 81-82;
[245] За оваа проблематика види: Микулчиќ И., 1999, стр. 19-188, на повеќе места, на пр. стр.128;
[246] Митревски Д., 2005, стр.38-39; Блажевска С., 2005, стр. 222-225;
[247] Mikulčić I., 1966, str. 83; Бабиќ Б., 1996, стр. 296;
[248] Во прилог на датирањето ќе биде и материјалот од античката некропола кој ќе биде обработен во контекст на оваа дисертација.

Илирите.[249] Дали и оваа населба била утврдена во тој период останува енигма, пред се поради ред нерешени прашања во науката, како на пример дали овие области од Северна Пелагонија влегуваат во рамките на македонското кралство уште од времето на Филип II или истите биле освоени и припоени нешто подоцна, можеби исто така од Филип II или од неговиот син Алексадар, прашањето останува отворено. Како што напоменавме населбата, односно фортификацијата во овој период страдала 3 - 4 пати. Кога се случиле тие настани повторно можеме само да шпекулираме, бидејќи конкретни стратиграфски податоци нема.[250] Првата опасност што надвиснала над Македонија се галските продори и пустошења по Балканот од 278/9 год. с.е. кога истите стасале се до Делфи.[251] Некаде од средината на III век с.е. започнала и експанзионистичката политика на Дарданците кон Трибалите и Пајонија, а од триесетите години на истиот век зачестиле и илиро - дарданските напади на Македонија.[252] Од 217 год. с.е. познат е настанот кога илирскиот крал Скердилаида навлегол во Пелагонија и ги опустошил пограничните места од македонското кралство. Во оваа прилика било освоено и гратчето Πισσαιον кое било од рангот на πολισμα.[253] Проф. И. Микулчиќ претпоставува дека се работи токму за овој локалитет.[254] Следува втората римско – македонска војна од 200/199 год. с.е. која се одиграла во Пелагонија, односно кога младиот Персеј бил испратан од неговиот татко Филип V да ги чува северните граници од нападите на римските сојузници Илирите и Дарданците.[255] Најверојатно во оваа прилика утврдената населба не пострадала.? Но педесетина години подоцна по третата римско – македонска војна од 167 год,, односно по востанието на лажниот Филип т.е Андрикс и конечниот пад на Македонија под римска влас во 149/8 год. с.е. утврдената населба сигурно пострадала.[256] За тоа имаме и конкретни стратиграфски и материјални показатели уште од првите сондажни ископувања во 1964 год. Во опожарена и срушена куќа пронајдени се четири сребрени тетрадрахми ковани во периодот меѓу 186 и 148 год. с.е., Ф.34.[257] Но дали ова е се? Од анализата на движниот археолошки материјал дознаваме

---

[249] Папазоглу Ф., 1957, стр. 188;
[250] За овие настани зборува и Бабиќ Б., 1996, стр. 296;
[251] Istata, 1969, str. 107-110 и 209;
[252] Isto, str. 111-119;
[253] Истата, 1957, стр. 201 i 211;
[254] Микулчиќ И., 1999, стр.93;
[255] За овие настани доста е пишувано, види Вулић Н., 1926, стр. 21-38; Папазоглу Ф., 1954, стр.328-329; Истата, 1957, стр.202; Istata, 1969, 119-120; Mikulčić I., 1966, str. 81-82; Истиот, 1982а, стр.142; Истиот, 1999, 119-120; Лилчиќ В., 1997, стр. 31-51;
[256] Папазоглу Ф., 1957, стр.45-55-57;
[257] Mikulčić I., 1966, str.75; Истиот, 1999, стр.94-95;

дека животот во населбата и понатака трае и во периодот по средината на II век с.е. Тоа е период на војни и пустошења кога Македонија станува база за понатамошните римски освојувања на Балканот, но и мета на напади на околните централнобалкански племиња, како на пример: Дарданците, Медите, Бесите, Скордисците, Денталетите, понтскот крал Митридат.[258] Околу средината на I век с.е. се случуваат и граѓанските војни во Рим.[259] Дали во овие бурни времиња пострадал и нашиот локалитет, односно дали и понатака била во функција старата раноантичка фортификација или на тоа место била изградена новата фортификација во цврста малтерна техника од римските освојувачи би трбало да покажат некои следни, многу пообемни и посуптилни истражувања.

[258] Papazoglu F., 1969, str. 133-137, 140-142, 224-233, 241; Проева Н., 1997, стр. 252-253;
[259] Проева Н., 1994, стр.122; Истата, 1997, стр. 254-255;

### 3.1.2. Ранoримска фаза

Кога е во прашање хронолошката детерминација на најстарите остатоци од фортификацијата градена од кршен камен и варов малтер, мислењата од главните истражувачи на Проектот се поделени, непрецизни или недоволно дефинирани, односно полските колеги некако индиректно ги датираат пред готските пустошења од 268/9 год., а д-р Бошко Бабиќ за истиот проблем се изјаснил доста недефинирано.[260] Од директните истражувачи на теренот има обид да овие најстари остатоци ги датираат и многу порано, односно некаде во III век с.е.[261] Еден од познавачите и експертите по оваа проблематика проф. И. Микулчиќ, најстарите остатоци од оваа фортификација градена во цврста малтерна техника ги датира некаде во периодот на раниот IV век н.е.[262] Тоа е сосема разбирливо ако сѐ има во предвид со какви информации и со каква теренска документација располагал. Но како што можевме да видиме од анализата на културната стратиграфија во кв. 203, S II, некаде околу котите 619.10/618.90/618.45 беше регистриран хоризонтот кога за прв пат по рушењето на старата раноантичка тврдина бил прокопан ров за фундирање на темелите од новата градба, Црт. 2 и 2а. Од анализата направена на движниот археолошки материјал кој потекнува од внатрешноста на локалитетот некаде од под кота 618.60/50, но и од погорниот културен слој, истата може слободно да се датира некаде во периодот од втората половина на II - I век с.е., односно некаде во републиканскиот период. Како потврда дека во ова време се граделе и обновувале фортификации е податокот од пишаните извори кои се поврзуваат со нападите на Денталетите, кога жителите на Солун, односно Θεσσαλωνικη, пред опасноста биле приморани да подигнат околу градот заштитни ѕидови.[263] За какви ѕидови точно се работело може само да претпоставуваме. Но еден податок од анализата на теренската документација на некој начин се коси со овие претпоставки. На западниот дел од јужниот профил од кв. 203 околу кота 619.80 регистрираме остатоци од варов малтер. Ова можеби и укажува на времето кога била подигната оваа фортификација, а тоа би било времето некаде на почетокот од раноцарскиот период. Во прилог на оваа претпоставка би додал уште еден аргумент, а тоа е најстариот археолошки материјал пронајден на просторот од

---

[260] Hensel W., 1987, str. 8-9; Hensel W., 1981, str.82; Бабиќ Б., 1996, стр.295-296;
[261] Годишен извештај за 1988 и Трогодишен извештај за 1986-1988 год., стр. 42;
[262] Микулчиќ И., 1996, стр. 255; Микулчиќ И., 1999, стр. 340;
[263] Papazoglu F., 1969, str. 142; Проева Н., 1997, стр. 254;

предградието кој слободно може да се датира во I век н.е. За тоа дека во овој период оваа населб била повеќе од некаква обична отворена населба, од типот на обичен vicus или pagus, зборува и репрезентативноста на керамичкиот материјал во кој се сретнуваат фрагменти од импортирани керамички садови од малоазиските и италските керамички центри.[264] Ако гледаме историски предност би имала првата претпоставка. Како што веќе споменавме претходно на неколку пати пред се тука се бројните напади на околните централнобалкански племиња, но дали во тој контекст била користена старата раноантичка фортификација или била изградена нова во овој момент прашањето останува отворено. Следат граѓанските војни во Рим кога во Македонија биле стационирани дваесетина римски легии, па можно е да некој помал воен одред бил сместен и овдека.[265] Има и еден таков историски податок кој кажува дека за време на Цезар во Македонија се формира и некаква територијална одбрана.[266] Потребата од една ваква фортификација е повеќе од очигледна. Пелагонија во овие времиња, односно нејзиниот северен раб ја претставува границата меѓу римската провинција Македонија и варварскиот свет. Нашиот локалитет е прв на удар на непријателот. Превојот Барбарас бил бранат и од дуги помали фортификациски објекти, кастели и стражи, разместени на околните ридови каде е пронајден и археолошки материјал од ова време, но бранети се и останатите североисточни премини и патиштата кои воделе кон Пелагонија и Македонија.[267] Условно земено ако оваа фортификација потекнува од овој период тоа би било времето пред да бидат освоени дарданските територии 13 – 11 год. с.е., односно пред да биде формирана провинциа Мезија во 15 год н.е.[268] Но како што видовме анализата на археолошката документација на некој начин како да не го дозволува тоа. Со одредени мали исклучоци многу малку знаеме и имаме прецизни податоци како од пишаните извори така и од археолошките ископувања за тоа кога настанале првите фортификациски објекти на нашиве македонски простори, градени во цврста малтерна техника од римските освојувачи.[269] Тука како пример би ја споменале најстарата фаза од градските ѕидови од Хераклеа Линкестидска кои најверојатно потекнуваат некаде од републиканскиот период и градските ѕидови

---

[264] За поимите vicus и pagus види Suić M., 1976, str.48-49;
[265] Проева Н., 1997, стр. 254;
[266] Исто;
[267] Микулчиќ И., 1982a, стр. 131-141; Лилчиќ В., 1984, стр.98-109; Истиот, 1997, стр.31-51;
[268] Микулчиќ И., 1999, стр. 133;
[269] Овие проблеми скоро и да не се допрени во домашната археолошка наука;

од Стоби и Скупи во соседна Дарданија кои датираат некаде од почетокот на раноцарскиот период.[270]

Од оваа прва градежна фаза најверојатно потекнуваат и одбранбените кули бр. 5 и бр. 8. Зошто? Ако ги споредиме овие две кули со останатите кружни, па и аголни кули тие имаат многу помали димензии, односно наспроти стандардните димензии на кружните кули чии дијаметар изнесува cca 8.00 м., дијаметарот на кулата бр. 5 изнесува само 5.00 м., а кулата бр. 8 која има четвртаста форма и димензии од 3.75 x 3.75 x 3.75 м. е во некаков идеален сооднос со кулата бр. 5, Пл. 3. Вакви четвртасти и кружни кули се градени во времето на раниот римски период, за што зборува Витувије, а аналогии наоѓаме уште од времето на Август и Клавдије во далечната Галија.[271] Во овој контекст секако треба да ги спомeнеме и четвртастите кули од источниот и западниот раноримски ѕид во Стоби.[272] Овдека повторно ќе го спомениме проф. Микулчиќ кој и ако зборува за првата фаза од фортификацијата градена некаде во раниот IV век, претпоставил дека оваа фортификација имала две порти коишто биле распоредени по една на северниот и јужниот одбранбен ѕид. Северната порта ја поставил кај четвртастата кула бр. 8, а јужната кај кула бр. 4. Во овој момент со ова би се сложиле со таа разлика што сметаме дека овие порти би припаѓале на оваа постара раноримска градежна фаза.[273] Сето ова на некој начин индиректно беше потврдено на просторот од источната порта во кв. 12, S IV, каде се откриени остатоци од градби кои датираат некаде од времето на раноцарскиот и доцноримскиот период што истите не дозволуваат да претпоставиме дека на ова место во ова време постоела порта, Црт. 51, Ф.9. Дали овие наши анализи и размисли без некои јаки додатни аргумент ќе бидат потврдени или отфрлени ќе покажат некои идни посеопфатни истражувања и ископувања.

Во текот на I – III век Римската Империја е стабилна и во подем (pax romana), а Македонија е далеку од римскиот лимес. Фортификацијата ја губи примарната и основна функција, односно нејзината заштитна и одбранбена улога. Ѕидовите се занемарени и оставени на забот од времето постепено да пропаѓаат. Ова исто се случувало и во внатрешноста на пошироките балкански простори. Околу средината на III век римското општество е во криза. Избиваат големи социјални

[270] Микулчиќ И., 1999, стр. 41 и 327, 133-134, 163-164 и 24; Шурбановска М., Санев Г., Јакимовски А., 2008, стр. 277-278;
[271] Иванов Т., 1980, стр. 153-154, обр. 174;
[272] Микулчиќ И., 1999, стр. 163-164, сл. 108 и стр. 241, сл.151;
[273] Микулчиќ И., 1999, стр. 340, сл. 217;

немири, а римската војска е во хаос. Тоа придонесува да бројните варварски племиња стационирани од другата страна на римскиот лимес да почнат со рушење, палење и пљачкосување по римските провинции.[274] Еден таков продор на македонските простори е регистриран во 267 и 268/9 год. кога Готите и Херулите по опседата на градовите Тесалоника и Касандреа и судирот со римскиот император Галиен ги ограбиле и разрушиле регионите на Добер и Пелагонија.[275] Дали во ова прилика страдал и нашиот локалитет како градовите Добер, Стоби, Хераклеа, Стибера, не можеме со сигурност да потврдиме.[276] Главните истражувачи во главно се сложуваат по ова прашање, но како што видовме при разработката на стратиграфијата проблемот е доста комплициран и бара додатни истражувања и ископувања за да се потврдат и прецизираат овие претпоставки. Само да потсетиме, на тоа место во тоа време источната порта не постоела и мноштвото наоди од големи железни клинци не потекнуваат од дрвените порти туку од срушениот и опожарен објект кој настрадал многу подоцна при хунските пустошења.[277] Објектот дефиниран како базилика бр.1 кој треба да се поврзи со овие рушења не може да се датира во III или IV век и т.н. Значи причините за спорадичните остатоци од горење регистрирани на кота 619.00/18/35 во кв.309, S II и сса кота 619.00/10 во кв.4, S IV, како и во Ископот 1/71, S IV, на кота 619.30, би можеле да бидат и од друга природа, односно предизвикани од некоја природна катастрофа или од причините поврзани со општата криза и состојбите што ја зафатиле Римската Империја околу средината на III век, а во тој контекст и провинцијата Македонија.?

[274] Suić M., 1976, str. 227 i ponataka;
[275] За овие настани види Папазоглу Ф., 1957, стр. 208 и 251 и Микулчиќ И., 1999, стр.194-195;
[276] Микулчиќ И., 1999, стр.195;
[277] Hensel W., 1978, str. 8;

### 3.1.3. Доцноримска фаза

Како што можевме да видиме од разработката на културната стратиграфија во кв. 203, S II, сса кота 619.50 биле преземени обемни градежни работи на фортификацијата. Тука покрај стариот одбранбен ѕид бил прокопан ров длабок сса 0.40 м. и широк сса 0.70 м., Црт. 2 и 2а. Потоа над ровот е направен мал насип во висина од сса 0.30 – 0.40 м. каде на кота 619.80 е регистриран мал укоп за дрвен столб кој најверојатно бил дел од некаква дрвена конструкција, опход или скали. Ѕидовите од првата раноримска фаза биле сочувани во висина од 1.40 – 1.80 м., мерено од основата на темелните стопи, а висината мерена од нивелетата на тогашниот користен внатрешен простор изнесувала само 0.30 – 0.70 м. Истите тие ѕидови биле градени од покрупни кршени полуобработени камења. Во оваа прилика како прво биле пополнети нерамнините од ѕидното платно со поситни кршени камења и поголема количина од варов малтер, а потоа надѕидокот продолжиле да го градат со покрупни и средно кршени камења, така да осетни се разлики во опусот на градењето меѓу првата и втората фаза. Сето тоа убаво може да се види од приложениот цртеж каде хоризонтот на постарата раноримска фаза и надградбата се движи сса котите 619.85/620.00/620.30, Црт.52.

Обемни градежни активности се преземени и во внатрешноста од утврдената населба, односно од анализата на движниот и недвижниот археолошки материјал, како и на илустративната документација може да се констатира дека се направени поголеми нивелациски и денивелациски работи на теренот. Која била вистинската причина да се направи такво нешто, односно дали тоа било направено заради некаква моментална промена на функцијата на утврдениот простор или теренот бил постепено припреман за нови градби во овој момент не би можеле прецизно да одговориме. Проф. И. Микулчиќ и покрај превидот кој го направил во однос на постоењето на постара фаза од фортификацијата, како што нагласивме „оправдано", претпоставил дека оваа фортификација датира некаде од времето на раниот IV век, односно дека истата е подигната некаде за време на големиот конфликт кој настанал меѓу римските цареви Константин и Ликиниј меѓу 315 и 324 год. кога на овие простори била натрупана голема војска од двете страни на границата, користена најверојатно како воен логор.[278] На оваа претпоставка во прилог одат и двете бронзени монети ковани од римскиот цар Максимилијан, до

[278] Микулчиќ И., 1999, стр. 195-196;

колку се има во предвид да истите биле во оптег и за времето на Константин и Ликиние или пак обновата можеби датира некаде од крајот на III или самиот почеток на IV век.?[279] На ова место повторно ќе потсетиме на планот кој го дал проф. Микулчиќ и на двете порти кои ги претпоставил на северниот и јужниот одбранбен ѕид за кои на некој начин се потрудивме да докажиме дека истите тие најверојатно потекнуваат од првата градежна фаза. Во овој период северната и јужната порта и понатака се во употреба. Тоа јасно го видовме и докажавме од анализата на културната стратиграфија. На просторот од источната порта во кв. 12, S IV во овој период и понатака се обновуваат и градат нови објекти. Логично, доколку на тоа место портата би била во функција овие објекти не би требало да постојат. Од ова градежна фаза најверојатно потекнуваат и кружните кули бр. 3, 4, 7 и 9. Вакви кружни кули се вообочаени за ова време и би споменале неколку примери од нашиве македонски простори, како на пр.: кружните кули од аглите на кастелот Никеја кај Доленци, постарата фаза на кружната кула од Скопско Кале, кружните кули од Кале с. Лешок и т.н.[280] Бројни се примерите и од останатите балкански провинции, како на пр.: кружните кули од аглите на градот Скампа во провинција Епир, потоа кастелите Бононија и Кастра Мартис, како и многу други кастели и каструми од провинциите Мезија и Тракија, односно Крајбрежна Дакија, Долна Мезија, Мала Скитија. Овие фортификации и кули во главно датираат од периодот на втората половина или последните децении на III и IV век.[281]

---

[279] Како што напоменавме истите се пронајдени вон стратигравкиот контекст;

[280] Микулчиќ И., 1999, стр. 242, 330, 353 и 384;

[281] Иванов Т., 1980, стр. 176 – 177, обр.203, стр. 183 -191 и понатака, обр. 210 – 213, 218, 229, 234, 238. За постарите примери види, Истиот, стр.161-166, обр. 185, 187-189;

### 3.1.4. Рановизантиски фази

Од овој период потекнуваат две градежни фази на фортификацијата. Како што видовме од анализата на културната стратиграфија, повторно од кв. 203, S II, првата градежна фаза, односно трета по ред, се случила некаде околу кота 620.30/35. На сса 0.70 м. мерено од одбранбениот ѕид регистриравма мала јамичка каде бил всаден дрвен дирек кој најверојатно бил дел од некаква конструкција, опход или скали, поставен за сса 0.35 – 0.40 м. повисоко од претходниот, Црт.2а. Во таа прилика теренот покрај ѕидот бил подигнат за нови 0.30 – 0.40 м., а истиот има пад кон внатрешноста од локалитетот од кота 620.15 до 619.70/55. Набргу по оваа обнова на фортификацијата се случил и огромен пожар пропратен со рушење на одреден број објекти во внатрешноста од населбата. Истата ситуација ја имаме и кај источната порта во кв. 12, S IV. Тука откако била изградена источната порта набргу потоа се случило и опжарување на утврдената населба. За тоа потврда имавме на северниот профил од квадратот каде на кота 620.33/63 јасно е потенциран хоризонтот од горена земја кој фактички го прати нагибот од калдрмисаната улица која била изградена истовремено со портата, Црт. 4. Значи при оваа обнова настанале крупни структурални промени на самата фортификацијата, односно покрај тоа што биле надградени ѕидовите биле проектирани и двете порти, источната и западната, а двете постари порти, северната и јужната најверојатно биле заѕидани. Како што видовме од анализата на културната стратиграфија каде детално и опширно го елабориравме ова прашање, оваа градежна фаза од фортификацијата би ја датирале некаде меѓу двата варварски напади, хунските и источноготските, односно меѓу годините 447 и 479. Со оваа фаза, односно со источната и западната порта се поврзуваат и трите петтоаголни кули бр. 1, 2 и 6, Пл. 3. Карактеристично за оваа фаза на градење, односно за источната пота и за кулите бр. 1 и 2 е тоа што при градењето е употребена техника на opus mixtum за што веќе напоменавме дека не е доследно изведена, Црт.49 и 50, Ф.28 и 29. Прашањето околу датирањето на овие кули, односно кога почнале да се градат вакви аголни кули во доцноантичката и рановизантиската воена одбранбена архитектура на мислење сме дека во науката не е даден прецизен и задоволителен одговор. Проф. Микулчиќ кој е експерт по овие прашања е на мислење дека овие аголни кули почнале да се користат некаде во времето на Анастазие при крајот на V и почетокот на VI век, а многу помасовно за време на царувањето на Јустинијан I кога биле подигнати и

обновени голем број на фортификации по целиот Источен Илирик.[282] Но ако ги имаме во предвид и постарите проучувања на овие аголни кули од страна на бугарските колеги истите би можеле да ги датираме и пред предложените датуми од страна на проф. Микулчиќ, односно подлабоко во V век. Како пример би ги споменале тригоните од градските ѕидови на Сердика градени во времето на Лав I и пентагоните од градските порти на Месамврија.[283]

До крајот на антиката следи уште една обнова на фортификацијата. Таа е регистрирана само во кв. 203, S II, на кота 620.55, Црт. 2 и 2а. На таа нивелета е прокопан плиток ров покрај одбранбениот ѕид, широк сса 0.70 и длабок сса 0.30 м. Во таа прилика најверојатно било надградено само обѕидието. Кога точно се случила оваа обнова не можеме прецизно да одговориме, но најверојатно некаде околу средината на VI век по некој од бројните варварски походи по Илирик и Македонија.[284]

---

[282] За проблемот и аналогните примери од територијата на Р.Македонија види: Микулчиќ И., 1999, стр. 292-295, 325-326, 363-366

[283] Бобчев С., 1966, стр. 115-117; Велков В.,1977, стр. 185;

[284]Микулчиќ И., 1985, стр.243-248; Истиот, 1999, стр. 203-206; ВИИНЈ, 1955, стр.38-84; Максимовић Љ, 1972; Панов Б. М., стр. 1105 – 1111;

### 3.2. За останатите урбани елементи

Локалитетот Градиште кај с. Дебреште процентуално е многу малку истражен, односно според една слободна проценка околу 20-25% од целокупниот простор. Ако тука ја додадеме и различната нивелета до која се ископувани квадратите, ни останува многу малку да кажеме или да издвоиме некоја целина која би дала една појасна слика за урбанистичките решенија во различните периоди на егзистенција на оваа утврдена населба.

За периодот од предисторијата, односно за пред и протоурбаниот период скоро и да немаме некои посериозни податоци освен тоа дека се работи за повеќеслојна населба од типот на тумби каде во доцниот неолит биле подигани куќи кои биле градени од плет премачкан со кал и подови изведени од црвеникава глинеста земја.[285]

Од периодот на раната антика исто така имаме само мали фрагментарни остатоци од стамбени објекти кои во субструктуралниот дел биле градени од кршен камен и кал, во горниот дел надградени со плитар, додека покривите биле покриени со органска материја, најверојатно слама.[286] „Куќата“ со димензии 5.00 x 3.00 м. откриена 1964 г. во долгиот контролен ров со должина од сса 50.00 м., најверојатно претставува некој дел од поголем стамбен објект или некој придружен објект со ориентација североисток – југозапад, Пл.1. Проф. Микулчиќ смета дека се работи за населба која била организирана во еден правилен ортогонален систем. На основа овие сепак минимални показатели на мислење сме дека не би требало или прерано е да се даваат некакви посериозни претпоставки за тоа како бил организиран внатрешниот простор од утврдената населба, Пл.3.[287] Како изгледала планиметријата на една населба од овој период како пример би ги посочиле градчињата од Вардарски Рид и донекаде од Исар – Марвинци, што не значи дека и останатите населби биле од истиот тип, особено оние кои биле плански проектирани или се наоѓале на рамен терен, како впрочем и оваа населба.[288]

---

[285] Види во делот за предисторискиот период;

[286] Mikulčić I., 1966, str. 81-82; Истиот, 1999, стр. 94-95 и заб. 53; Бабиќ Б., 1996, стр. 294;

[287] Исто;

[288] За Вардарски Рид види: Митревски Д., 2005, стр.; Соколовска В., 1986; И ако не претставуваат адекватен пример што се однесува до големината и значењето што ја имале низа плански проектирани македонски градови со ортогонална улична мрежа види: Turatsoglou I., 2000, str. 61 I ponataka. За проблемот види и Suić M., 1976, str.83-88. На мислење сме дека многу поблизок и поадекватен пример по ова прашање би било градчето Персеида, кое до сега не е ископувано, види: Микулчиќ И., 1999, стр.77-78;

Од ранoримскиот период откриени се исто така минимални и фрагментарни остатоци. Тоа што со сигурност може да се каже за овој период е дека некаде во текот на I век од н.е. на северната и северозападната страна од фортификацијата почнало да се развива предградието на утврдената населба. Вакви предградија обично се формирале околу поголемите воени логори каде живеело локалното население, разни занаетчии, трговци и се друго што било потребно да се обслужува војската.[289] Во нашиов случај предградието најверојатно почнало да се развива откако војската ја напуштила фортификацијата.? Да се потсетиме, најстарите археолошки наоди од предградието потекнуваат некаде од периодот на I век н.е. Од истиот тој период потекнуваат и 8-9 помали и поголеми вкопани јами откриени во југоисточната четвртина од утврдената населба, Ископ 1/71, S IV, најверојатно во функција на некаква металопреработувачка работилница, Црт.8, 8а и Ф.6.? Во периодот што следи се градат објекти во главно од кршен камен и кал со основна ориентација на ѕидовите североисток – југозапад, односно северозапад – југоисток, но има и такви кои се градени од кршен камен и варов малтер, најверојатно згради од јавен карактер. Како што напоменавме откриени се само фрагментарни делови во кв. 311, S II, кв. 4, 9, 12, S IV, Пл.3. Од Ископ 1/71, S IV, потекнува и фрагментот од ѕид со импозантна дебелина од сса 1.40 м., граден од кршен камен и кал, најверојатно остаток од некаква поголема јавна градба, Црт.8 и 8а. Според анализата на археолошката документација и археолошкиот материјал ѕидот датира некаде од III век. Од истиот тој период потекнуваат и фрагментарните остатоци откриени во кв. 29, S IV, од слојот под калдрмисаната улица изградена некаде во третата четвртина на V век. Најверојатно се работи за остатоци од некоја приватна градба, можеби некаков domus, граден од кршен камен и кал, но со фино малтерисани, бојадисани ѕидови.[290]

Како што погоре неколку пати напоменавме некаде во втората половина од III век утврдената населба настрадала. Дали причините за тоа биле херуло-готските пустошења од 268/9 год. или во прашање е нешто сосема друго, во овој момент тешко може да се даде прецизен одговор. Во оваа фаза на истражувањата тешко е да се прецизира и да се одговори на прашањето кога точно била обновена фортификацијата. Дали тоа се случило за време на владеењето на Диоклецијан кога започнале и реформите во државата или нешто подоцна за време на големиот конфликт кој настанал меѓу римските цареви Константин и Ликиние,

[289] Микулчиќ И., 1982, стр.37;
[290] За истото зборува и Бабиќ Б., 1996, стр.296;

прашањето останува отворено. Во тој период внатрешниот простор бил нивелиран.[291] Потоа почнуваат да никнуваат нови градби градени од кршени камења поврзувани со варов малтер. Пример за тоа имавме во кв. 312, S II и кв. 50, S IV. Претпоставуваме дека се работи за остатоци од некакви јавни градби, можеби од некоја principia?, додека приватните градби по се изгледа биле градени од кршени камења поврзуван со кал, кв. 309 и 311, S II и кв. 4 и Ископите 1 и 2 од 1970/71, S IV, Пл.3.? Ориентацијата на градбите, односно на ѕидовите и понатака е североисток - југозапад и северозапад - југоисток. Од периодот по готските пустошења од крајот на IV век или од почетокот на V век потекнуваат и фрагментарните остатоци од една репрезентативна градба, лоцирана во источниот дел од утврдената населба, односно северно од подоцнежната источна порта, кв. 316, 317 и 318, S II, Пл.3 и 4. Градена е од кршени камења поврзувани со кал. Ѕидовите се дебели сса 1.10 м. со ориентација исток-запад. Дали на овој објект припаѓаат и ѕидовите откриени јужно и западно од овој објект кои имаат приближно иста дебелина и ориентација, а подоцна биле вкомпонирани во поновите градби, прашањето останува отворено. Исто така дали се работи за некаква приватна градба од типот на villa urbana, односно некаков domus ecclesiae или била јавна градба од типот на првите ранохристијански базилики, во овој момент и по ова прашање тешко е прецизно да се одговори.[292] Како што веќе напоменавме постарите истражувачи се изјасниле дека се работи за првиот ранохристијански објект, односно базилика бр. 1. Во прилог на таа претпоставка дадовме и неколку додатни аргументи, особено кога се работи околу прашањето и објаснувањето на двоспратната крипта. На почетокот од овој дел го напоменавме и тоа дека доцната антика започнува со низа реформи направени во областа на административното уредување, стопанството, економијата, фискалната политика, војската, духовното живеење.[293] Овие суштински промени во општественото и политичкото живеење на Римската Империја истовремено донесле и низа промени од формален карактер особено во планирањето на градовите и помалите утврдени места со што започнала и постепената трансформација на античкиот град во т.н. мал рановизантиски град.[294] Со издавањето на миланскиот едикт во 313 год. христијанското учење и верување станало рамноправно со останатите пагански култови и верувања, а за време на

[291] За овој проблем зборувавме и погоре на неколку пати;
[292] За оваа проблематика види: Алексова Б., 1997, стр.31-38 и понатака; Suić M., 1976, str. 244-245;
[293] Острогорски Г., 1959 (1969), стр. 48-70; Машкин А.Н., 1951, стр. 488 – 501;
[294] Курбатов А.Г., 1971, Глава I и II; Suić M., 1976., str. 227 – 251; Микулчиќ И., 1982, стр. 48;

Теодосие I тоа било прогласено и за единствена државна религија. Во тој период никнуваат и првите јавни градби со христијански карактеристики.[295] Од формален аспект тоа довело до низа структурални промени и до нови урбанистички решенија во градовите и помалите утврдени населби. Во текот на IV век старите антички храмови и култни места постепено се напуштаат и го губат своето значење, а на нивно место се градат новите христијански објекти, но не на истите локации туку на нови, подалеку од старите.[296] Базиликата бр.1 не е долго во употреба. Таа е срушена за време на новите варварски, односно хунски пустошења по Илирик и Македонија околу средината на V век.[297] После овие настани настануваат и нови структурални промени на урбанистички план. Како што видовме од анализата на културната стратиграфија, после овие рушења се градат новите порти, источната и западната, додека старите биле заѕидани. Се проектира новата калдрмисана улица, principalis или decumana, којашто ги спојувала двете порти одејќи низ центарот на населбата, а лево и десно на улицата биле наредени помали занаетчиски работилници и таверни, трошно градени од кршен камен и кал. Но и тоа не трае долго, следат источно-готските продори и пустошења од последните децении на V век.[298] Од овој период или од периодот што следи датира и т.н. fortalicium, изграден од кршен камен и варов малтер со дебелина на ѕидовите колку и одбранбените. Најверојатно се работи за објект од воен карактер, една врста principia, подигнат во периодот на готското присуство или после тоа кога фортификацијата можеби била оставена во рушевини или оштетена, а градбата функционирала се до нејзината повторна обнова.[299] Некаде по источно-готските пустошења над т.н. базилика бр.1 се подига нова базилика бр. 2, најверојатно трободна со кружна крстилница лоцирана на нејзиниот северозападен дел. Вакви аналогни примери на базиликални цркви, едноставни со или без анекси на западната или источната страна има на голем број локалитети од територијата на Р. Македонија. Тоа е период кога скоро секоја помала или поголема утврдена населба има своја црква и кога целокупната цивилна власт е во рацете на епископот или неговиот суфраган.[300] Градбата

---

[295] Алексова Б., 1997, стр. 21-30 и понатака;

[296] Suić M., 1976, str. 242-243 i ponataka; Истото важи и за нашите македонски градови Хераклеа, Стоби и т.н. За тоа види: Алексова Б., 1997 и Микулчиќ И., 1999, стр. 247 и понатака;

[297] ВИИНЈ, 1955, стр. 9-15; Микулчиќ И., 1995, стр.248;

[298] Микулчиќ И., 1995, стр.; Истиот, 1999, стр.202-203;

[299] Градби со функција на принципиа од овој период се претпоставени и регистрирани и во многу други утврдени населби од територијата на Р. Македонија, види: Микулчиќ И., 1999, стр. 276;

[300] Микулчиќ И., 1999, стр. 322-323, 325; Лилчиќ В., 2001,

најверојатно пострадала во некој од хуно-бугарските или словенските напади од првата половина или средината на VI век.[301] Набргу потоа трибродната базилика скоро од основа била обновена, а на кружната крстилница била додадена една помала четвртаста градба која најверојатно служела за припрема на верниците при крштевањето. Покасно овие два објекти биле споени со отворен трем, а на северниот ѕид од базиликата била доѕидана помала капела. Во дворот на црквата се наоѓала и една засведена гробница од типот на supra corpus martyris која како и трибродната базилика со крстилницата има две фази на градење, односно постарата засведена гробница во втората фаза била надградена со една едикула т.е. капела со галерија на три мермерни столбови, поставена од предната страна.[302] Јужно од гробницата над рушевините од т.н. форталициум се наоѓала уште една градба која најверојатно го затворала и заокружувала црквениот двор формирајќи на тој начин еден помал епископиум, Пл.. Ваков сличен пример, но далеку порепрезентативен, поставен од левата страна на градските порти, наоѓаме на археолошкиот локалитет Баргала, кој секако бил од рангот на епископско седиште.[303] Со новите аваро-словенски напади и пустошења од последните децении на VI век или почетокот на VII век базиликакта како и повеќето градби биле опожарени и срушени и истите понатака не се обновуваат.[304] На тоа место во текот на раниот среден век ќе се развие средновековната населба која е од рурален карактер, а некаде во периодот на X – XI век овој простор ќе се користи и како место каде ќе бидат погребувани умрените.[305]

---

[301] ВИИНЈ, 1955, стр. 48-50 и 77-80; Максимовић Љ., 1972, стр. 23-40; Микулчиќ И., 1995, стр. 249-252; Истиот, 1999, стр. 204; Панов М., 2013, стр. 1105-1111;

[302] Hensel W., 1978, str.10 i Hensel W., 1980, str. 85. Околу оваа проблематика види: Алексова Б., 1997, стр. 8-12, Лилчиќ В., 2002, стр. 463-465, Истиот, 2003, стр. 130;

[303] Алексова Б., 1989, стр. 41-69;

[304] Баришић Ф., 1953, стр. 32-80; Микулчиќ И., 1995, стр. 252-253; Панов М., 2013, стр. 1111-1117;

[305] Hensel W., Rauhutowa J., 1980, str. 103 i ponataka; Бабиќ Б., Hensel W., Rauhutowa J., 1976, стр.251-254;

## 4. За карактерот, функцијата и улогата на утврдената населба

Како што веќе напоменавме утврдената населба е лоцирана на рамен терен некаде на северниот раб од пелагониската рамница во непосредна близина на планинскиот превој Барбарас кој во долгиот период на човековото живеење на овие простори претставувал значајна точка во однос на комуникацијата со внатрешноста на пошироките балканските простори.[306]

Во предисториските времиња како што напоменавме локалитетот претставува обична отворена населба од типот на т.н. тумби или телови, природно заштитена од сите страни, поставена среде мочурливиот терен. Овој тип на населби го претствува и основниот вид на населени места широко распространети како на македонските, така и на пошироките балкански и европски простори.

Како што претходно видовме од анализата на археолошкиот материјал, оваа населба од отворен тип најверојатно со одредени поголеми или помали хијатуси егзистирала и во бронзеното и железното време, како и на почетокот од раната антика. Кога точно населбата ги добила првите фортификациски ѕидови тешко е прецизно да се одговори. Во овој момент се наметнуваат два одговори по ова прашање, а тоа е времето околу средината на IV век с.е. кога на власт бил македонскиот крал Филип II или нешто подоцна за време на владеењето на Александар III Велики. За првиот момент дознаваме од пишаните историски извори дека околу средината на IV век с.е. Илирите ги нападнале и опустошиле северо-западните пограничните области од македонското кралство, а Филип бил приморан истите да ги брани и заштити со тоа што некој од населбите кои имале позначајни стратешки позиции ги утврдил со ѕидови.[307] Дали во оваа прилика била утврдена и оваа населба како што рековме не можеме со сигурност да потврдиме. За вториот момент претпоставуваме само на основа анализата на движниот археолошки материјал дека тоа се случило можеби и за време на неговиот син Александар III во периодот пред да замине на големиот поход во Азија, а се со цел да ги обезбеди северните и северо-западните граници на кралството.[308] Дека ова било така на индиректен начин аргументи наоѓаме и во војничкиот гроб во кој е пронајден археолошки материјал кој слободно може да се датира некаде во

[306] Види во воведниот дел;

[307] Папазоглу Ф., 1957, стр.188;

[308] Александар пред да замине на Исток за да ги обезбеди северните граници на Македонија презел голем поход против Трачаните, Трибалите, Илирите и другите централнобалкански племиња па во тој контекст можеби ги утврдил и пограничните места на овај дел од кралството, види Папазоглу Ф., 1972, стр.77-79;

третата третина од IV век с.е.[309] Без разлика кога точно оваа населба била фортифицирана и во двата случајеви таа претставува пограничен пункт на македонското кралство која вршела значајна улога во одбраната на границата, планинскиот премин и на патот кој водел кон териториите на Пенестите и другите илирските племиња. Планинскиот премин истовремено бил бранет уште од два пункта поставени високо од двете страни над кланецот, Кале и Остреж.[310] Значи да резимираме, населбата која некаде на почетокот од раната антика била од отворен тип, најверојатно во склоп на некоја непозната племенска организација или можеби на познатите Деуриопи или Пелагонците, некаде во втората половина на IV век с.е, претпоставуваме, била утврдена и станува еден важен воено-стратешки пункт во северо-западните погранични области од македонското кралство.[311] Во наредниот период утврдената населба добива се повеќе во важност. Тука живееле и значајни личности од повисоката аристократска класа. За тоа ни зборуваат и богатите гробни наоди каде се пронајдени делови од златен накит, фрагменти од дијадема, чифт обетки, мноштво од керамички производи и т.н. Најверојатно утврдената населба постепено добива карактер на мало утврдено градче со сите свои атрибути. Да потсетиме проф. Микулчиќ претпоставува дека се работи за градчето Πισσαιον, кое најверојатно било од рангот на една помала πολισμα која пострадала за време на илирските напади од 217 год. с.е.[312] Неговата стратешка позиција е потврдена и за време на втората римско-македонска војна кога во 199 год. с.е. македонскиот крал Филип V за да го обезбеди северниот влез во Пелагонија од илиро-дарданските напади го испратил својт малолетен син Персеј да го чува овој планински превој.[313] Според римскиот историчар Ливие, проф. Микулчиќ го споменува и фактот што по третата римско-македонска војна 168 год. с.е. и поделбата на Македонија на четири мериди, Римјаните на Македонците им дозволиле на границите према варварите да постават свои воени посади, т.н. praesidia armada.[314] Значи можеме да претпоставиме дека во овој период утврдената населба се уште била во функција. Можеби нешто потоа кога Андрикс, односно лажниот Филип дига востание против Римјаните, градчето најверојатно пострадало. За тоа на некој начин сведочат и

---

[309] Види во делот за некрополите;
[310] Лилчиќ В., 1997, стр. 46-50;
[311] На оваа место повторно да потсетиме на војничкиот гроб;
[312] Микулчиќ И., 1999, стр. 93; спореди и Папазоглу Ф., 1957, стр. 211;
[313] Вулиħ Н., 1926, стр. 21-28; Папазоглу Ф., 1957, стр. 202; Istata, 1969, str.119-123; Mikulčić I., 1966, str. 82; Истиот, 1982а, стр.142; Истиот, 1999, стр.95; Лилчиќ В., 1997, стр. 31-51;
[314] Микулчиќ И., 1982а, стр.142;

четирите сребрени тетрадрахми ковани меѓу 186 и 148 год. с.е., а пронајдени во опожарената и срушена куќа.[315]

За раниот римски, односно за републиканскиот период исто така немаме некои прецизни стратиграфски податоци, но движниот археолошки материјал кажува дека утврдената населба и понатака живее во овој период. На прашањето дали во овие бурни и немирни времиња исполнети со војни и пустошења била во употреба старата фортификација или некаде од втората половина на II - I век с.е. за својте воени потреби истата била обновена од римските освојувачи со нови ѕидови градени од кршен камен и варов малтер, во овој момент тешко би можеле да прецизираме.[316] Исто така без некои поцврсти аргументи не би можеле со сигурност да говориме ни за функцијата на оваа утврдена населба. Дали таа го задржала воено-цивилниот карактер како во претходните времиња или станала чисто воен објект, односно еден помал војнички логор од типот kastra, односно kasteli или помал kastrum каде според големината на утврдениот простор од сса 1.7 h би можела да се смести една помала воена единица, односно една до две centurii или можеби една cohorta или ala, во оваа фаза од истражувањата тешко е да се прецизира.[317] Сепак репрезентативноста на керамичкиот материјал, односно мноштвото од фрагменти на импортирана керамика од малоазиските и италските работилници, како и двете војнички фибули ни укажуваат на воениот карактер на утврдената населба. Значи во овој период таа најверојатно ја задржала примарната функција на одбранбен пункт кој бил сместен на северниот раб од Пелагонија, а која воедно претставувала и погранична област на новата римска провинција Македонија и северна порта која водела кон сеуште слободните и непокорени балкански племиња.[318] Како што погоре напоменавме приодот кон провинција Македонија на овој потез бил бранет и со поголем број кастра распоредени по другите северни и североисточни планински превои, речни долинки и по патиштата од овој пограничен појас.[319] Да не заборавиме во овие времиња градот, civitas Pelagonia, кој бил најверојатно од муниципален карактер, бил и главен град на четвртата македонска мерида, па во тој контекст

---

[315] Mikulčić I., 1966, str. 75, 81-82; Истиот, 1999, стр. 94-95. За истото и Бабиќ Б., 1996, стр.294;

[316] За овој проблем опширно елабориравме во делот на анализата на стратиграфијата и археолошкиот материјал и фортификацијата;

[317] За типологизацијата на овие фортификации види: Микулчиќ И., 1982, стр.59;

[318] За ова говоревме и во претходните поглавја, види: Папазоглу Ф., 1957, стр. 74-86; Istata, 1969, str. 133-142 i 220-241; Микулчиќ И., 1982а, стр 141-142; и Проева Н., 1997, стр. 78-79 и 242-243;

[319] Микулчиќ И., 1982а, стр. 132-142; Лилчиќ В., 1997, стр. 31-51;

обезбедувањето на градот и регионот секако било организирано на еден повисок степен.[320]

По освојувањето на Дарданија, Мезија и Тракија, некаде на почетокот од I век н.е. римските легии биле префрлени во новоосвоените територии.[321] Дали во оваа војничка фортификација останал некој помал воен контингент и понатака да го контролира овој планински премин и поширокиот регион или истата била целосно препуштена на цивилното население, прашањето останува отворено. Некаде во текот на I век н.е. на северната и северо-западната страна од фортификацијата постепено се формирало и предградието од утврдената населба. Следи мирен период на развој, просперитет и благосостојба, Pax Romana. Утврдената населба сега заедно со предградието можеби стигнува до рангот на еден помал oppidum кој најверојатно бил во рамките на некој поголем регионален центар, можеби во рамките на civitas Pelagonia или некој друг.?[322] Сместена на работ од пелагониската рамница на влезот, односно излезот од тешко проодните планински предели, во овој момент помислуваме и на тоа да оваа утврдена населба можеби ја имала и улогата на една попатна станица која меѓу другото служела и за одмар на бројните трговски каравани и за преморените патници кои го користеле овој пократок пат што ги поврзувал градовите Скупи и Пелагонија, односно патот што ги поврзувал полошко - кичевскиот и пелагонискиот регион.[323] Исто така археолошките ископувања не дале и некои посериозни аргументи по прашањето дали тука доминирал некој домашен, македонски или инороден, римски етнички елемент.[324] Сепак, ако тоа е мерило, повторно би се повикале на движниот археолошки материјал каде покрај одредени автохтони елементи регистрираме и репрезенти од импортирани керамички производи како на пример фрагментите од аретинската t.s., од т.н. t.s. B, галска t.s., печатената керамика, како и производи од друга туѓа провиниенција што укажуваат на фактот дека сепак тука и понатака бил присутен римскиот фактор.[325]

---

[320] Папазоглу Ф., 1957, стр. 203-208; Милулчиќ И., 1999, стр. 81; За поимите civitas и municipium види Suić M., 1976, str. 29-34; Околу проблемот на убикацијата на градот Пелагонија види: Лилчиќ В., Кебакоски Д., 2005, стр. 22-28 со цит. лит.;

[321] Микулчиќ И., 1982, стр. 36-38; Истиот, 1999, стр. 133;

[322] За терминот и поимот oppidum види Suić M., 1976, str. 47-53; и Микулчиќ И., 1982, стр. 60-63;

[323] За патната мрежа види: Лилчиќ В., 1997, стр. ; Микулчиќ И., 1999, стр. 234 и сл. 149;

[324] Археолошките ископувања на античката некропола се уште е во една почетна фаза и сега за сега не можат да се извлечат некои посериозни заклучоци по ова прашање;

[325] За ова види во делот каде е анализирана културната стратиграфија и движниот археолошки материјал од римскиот период;

Некаде во втората половина од III век утврдената населба настрадала. Дали тоа се случило за време на првите варварски продори на македонските простори во 267 или 268/9 год. кога од страна на Готите и Херулите биле опустошени регионите на Добер и Пелагонија или како што веќе на неколку пати споменавме причините биле сосема други, во овој момент не можеме со сигурност да потврдиме.[326] Археолошките траги од овие настани на македонските простори се повеќе од евидентни. Голем број од утврдените населби и поголемите градови засекогаш ќе бидат уништени или во најмала рака ќе го изгубат некогашниот сјај и функцијата која ја имале.[327] Големиот муниципален центар civitas Pelagonia претпоставуваме бил уништен, а во тој контекст и градот Стибера.[328] Сега неговата улога најверојатно ќе ја преземат помалите регионални управни, економски и стопански центри кои брзо биле обновени и вратени во живот. Кризата која го зафатила римското општество во текот на III век ќе заврши 384 год. со доаѓањето на власт на Диоклецијан, големиот реформатор и реставратор на Римската Империја.[329] Дали запустената населба и фортификацијата биле обновени во овој период или нешто подоцна за време на големиот конфликт кој настанал меѓу римските цареви Константин и Ликиние околу поделбата на царството, односно спорот кој настанал околу превласта над дијацезите Дакија и Македонија, прашањето останува отворено.[330] За време на конфликтот од двете страни на границата била натрупана огромна војска. Според истражувањата на проф. Микулчиќ, од овој период датираат и голем број на кастра, кастели и каструми, како на пример Баргала кај Г. Козјак, Никеја кај Доленци и многу други воени објекти кои биле изградедени во тоа време за потребите на војската.[331] Ако ја прифатиме оваа опција, односно да во овој период била обновена и фортификацијата кај с. Дебреште, тоа би значело и повторно враќање на чисто воениот карактер на оваа утврдена населба. Но таа состојба не траела долго. Конфликтот завршил во 324 год. со победа на Константин, а војската повторно била распоредена по лимесот и важните воено-стратешки позиции во внатрешноста на Империјата. Во овој период биле обновени и некои поголеми

[326] Папазоглу Ф., 1957, стр. 208; Микулчиќ И., 1995, стр.; Истиот, 1999, стр. 194-195;

[327] Исто така во овој налет настрадал и градовите Стоби, Хераклеа, како и многу други. За тоа види Микулчиќ И., 1995, стр.140-142; Истиот, 1999, стр. 247 и 254;

[328] За досегашните истражувања околу проблемот и убикацијата на градот Пелагонија види: Лилчиќ В., Кебакоски Д., 2005, стр. 22-28 со сета цит. лит; За Стибера види: Микулчиќ И., 1999, стр. 58-59;

[329] Машкин А.Н., 1951, стр.485-495 и понатака; Острогорски Г., 1969 стр. 48-70; Микулчиќ И., 1999, стр. 190;

[330] Микулчиќ И., 1999, стр. 195-196; Панов М., 2013, стр.1087-1090;

[331] Микулчиќ И., 1999, стр. 264, 273 и 330;

градови oppidumi кои настрадале во периодот на големата општествена-економска криза од III век, особено во годините по првите варварски налети и пустошења по Македонија, но сега со намалени градски периметри и со нови урбани шеми.[332] За разлика од нив оваа мала утврдена наслба ја задржала константата од претходниот период, најверојатно со нешто поизменети урбани решенија наметнати со новите реформи и новонастанатите услови во римското општество. Во текот на IV век утврдената населба најверојатно повторно го вратила цивилниот карактер на населбата и била претворена во еден помал регионален административено - економски и стопански центар во северниот дел од Пелагонија. Да резимираме. По големата општествена и економска криза од III век, особено по првите варварски продори почнала и пропаста на античките градови во Македонија. Во наредниот период муниципалниот систем постепено се разградува и пропаѓа, а на нивно место се јавуват поголеми и помали регионални административно-економски, стопански и трговски центри. Најбогатите граѓани ги напуштаат разрушените градови барајќи поголема сигурност и заштита во поголемите и силно утврдени градови, а во обновените регионални центри, сега со видно намален обем останале средно богатите земјопоседници, администратори, трговци и занаетчии. Наспроти декаденцијата на градовите сега селските општини постепено напредуваат и стануваат главни стопански чинители во Империјата. Како што напоменавме нашиот локалитет во овој период најверојатно ја има улогата на еден помал регионален центар во северниот дел од пелагониската рамница. За ваквиот тип помали утврдени населби Г.А. Курбатов според пишаните историски извори ги употребил поимите πολιχνη - градче и κομοπολυς град-село.[333]

При крајот на IV или почетокот на V век, по признавањето на христијанството и официјално за единствена државна религија, во утврдената населба се гради и првиот христијански објект. Населбата како регионален центар добива во значење и станува едно од епархиските црковни седишта на овие пелагониски простори. Но тоа не траело долго. Околу средината на V век во налетот на Хуните населбата била опожарена, а црквата разрушена. Како што запишале современиците од тоа време во тој контекст настрадале не помалку од 70 градови

[332] Микулчиќ И., 1974, стр. 347-368; Истиот, 1999, глава XII;

[333] За сите овие општествено-историски и социо-економски процеси и промрни кои го зафатиле помалите населби и помалите и големите утврдени градови и градчиња во источниот дел од Римската Империја, односно Византија, види: Курбатов, 1971, особено стр. 31-59 каде го допира нашиот проблем;

по целиот Источен Илирик.[334] Условно кажано тоа бил и конечниот крај на античкиот град.[335] Некои од разрушените градови и понатака ќе се обновуваат, но тие засекогаш ќе ја изгубат градската урбана шема и се повеќе ќе се рустифицираат за да на крајот од антиката голем број од нив и во потполност исчезнат како градови.[336] Некои од нив така видоизменети ќе го продолжат својот долг историски пат и во раното средновековие за да некаде во периодот на IX – X век и понатака повторно ги сретниме како средновековни градски центри, но со нови имиња.[337] За истото зборуваат и други учени и познавачи на оваа проблематика за нашиве балкански простори и пошироко.[338] Но да се вратиме на нашиот проблем. Наспроти овие стари антички градови кои така да се каже се на издишување во овој период се јавува еден нов квалитет, малиот рановизантиски град, т.н. град-тврдина. Тоа се оние поголеми кастра подигани од војската и цивилното население на планинските ридови и потешко пристапните места, користени за подобра заштита на населението од се почестите пљачкашки походи на варварските племиња кои биле стационирани од другата страна на лимесот.[339] Тие со време добиваат втор и трет одбранбен појас на ѕидови, а во поголемиот број од нив се регистрирани црквени објекти што претставува и една од основните белези и карактеристики за поимот град од тоа време.[340] Во периодот на VI век целокупната власт е во рацете на епископот и нивните суфрагани. Со градовите управува црквата.[341] Како што веќе видовма од анализата на археолошкиот материјал и археолошката документација, утврдената населба кај с. Дебреште благодарение на местоположбата и јаките фортификациски ѕидови и во овие тешки времиња исполнети со бројни варварски упади и понатака опстојува без да го смени тежиштето и локацијата. Таа и по хунските пустошења се обновува и станува еден регионален економски, земјоделски и стопански центар каде егзистираат разни видови занаети и занаетчии, како на пр.: грнчари, дрводелци,

---

[334] Микулчиќ И., 1999, стр. 201;

[335] Микулчиќ И., 1982, стр. 47-48;

[336] Таков е примерот со Скупи, Стоби, Хераклеа, Баргала и многу др. За тоа види: Микулчиќ И., 1999, глава XIX;

[337] Како пример би ги спомenале градовите: Запара – Равен, Тивериопол – Струмица, Лихнид – Охрид, Керамие – Прилеп и т.н. За тоа види: Микулчиќ И., 1997. За жал досегашните истражувања на раното средновековие во Р. Македонија така да се каже е се уште во една почетна фаза и немаме некои позабележителни резултати по овие прашања, односно што се случувало со овие градови во раниот среден век се уште претставува одредена енигма.

[338] Како пример би ги цитирал: Велков В., 1959, на повеќе места; Курбатов А.Г., 1971, на повеќе места; Suić M., 1976, VI i VII del;

[339] За сета оваа проблематика види: Курбатов А.Г., 1971, стр.46-74; За истото Микулчиќ И., 1982, стр.47-48, Истиот, 1999, 325-326;

[340] Курбатов А.Г., 1971, стр.61 и понатака; Микулчиќ И., 1999, стр. 322 -325, и понатака глава XIX и XX;

[341] Исто;

ткајачи, кожувари, самарџии, особено се практицира ковачкиот занает и преработката на метални производи за што сведочат и бројните наоди од железна згура. По продорот и пустошењата на Источните Готи се обновува и црквата, а со тоа и црквената власт така да сега оваа утврдена населба ги поседува сите атрибути на еден мал рановизантиски град кој ќе живее се до крајот на антиката кога ќе биде за последен пат спален и разрушен во налетот на аваро-словенските племиња. Како што веќе напоменавме во времето на раниот среден век на тоа место ќе егзистира населба од рурален тип.

## 5. Античка некропола и урбани гробови

### 5.1 Античка некропола

На просторот од т.н. микролокација Бачила која се простира покрај самиот регионален асфалтен пат Прилеп-Брод-Кичево, односно на околу стотина метри североисточно од фортифицираната населба во две одделни археолошки кампањи, 1970 и 1972 год. беше откриен еден дел од античката некропола, Пл.1, ф. 3-5. Вкупно биле откопани и истражени 20 гробови, од нив шест биле датирани во хеленистичкиот и хеленистичко-римскиот период, пет во IV век, односно во доцноримскиот период, а останатите се нотирани како неопределени.[342]

Од раниот антички период потекнуваат гробовите со теренски инв.бр. 1, 2, 7, 8, 9 и 20.[343]

Гроб бр.1

Податоци за гробната конструкција и гробната содржина не поседуваме.[344] Од гробот потекнуваат девет предмети. Осум керамички садови и една керамичка светилка, Т.XXXIII и Т.XXXIV.1,2, Ф.4 Керамичките садови се претставени со еден стамноиден, односно скифосоиден сад изработен од црвено печена глина, со висок и широк цилиндричен врат украсен со плитко врежана орнаментика од една брановидна линија поставена меѓу две хоризонтали.[345] Еден стамнос изработен од црвеникаво печена глина. Еден стамнос – пиксида со капак, црвено печен, украсен со една врежана искршена брановидна линија по рамото и со по две брадавичести додатоци покрај коренот од рачките, а површината премачкана со темнокафенушкав разреден фирнајз.[346] Едно бокалче, кана, односно олпа, црвено печена, премачкана со темнокафенушкав разреден фирнајз, по рамото украсена со една брановидна линија и брадавичести додатоци, а мевот со една врежана хоризонтала.[347] Едено мешлесто бокалче, налик на декантарос, изработено од

---

[342] Koletyn T., 1972, str. 82-87. Овдека се обработени само гробовите откопани и истражени во 1972 год.

[343] Од овие археолошки ископувања не поседуваме теренска документација освен одреден број на фотографии, а од кабинетската обработка на материјалот сочувани се цртежи, фотографии и предметни картони од гробните наоди. Поголемиот дел од наодите се депонирани во керамичкото депо при Институтот, еден дел недостасуваат, односно претпоставуваме дека се наоѓаат во некој од музејските збирки во Прилеп и Скопје;

[344] Гробот е копан и истражуван во археолошката кампања 1970 год.

[345] Во археолошката литература ги сретнуваме и како хидрии, Види: Соколовска В., 1993, стр. 144, сл.7;

[346] Соколовска В.,, 1980, стр.66, кат.бр. 351;

[347] Истата, 1980, стр.66, кат.бр.350;

црвено печена глина. Една плитка чинија изработена од пречистена глина, црвено печена со остатоци од темнокафеав разблежен фирнајз. Една паничка со полутопчеста – конусна форма и нешто привовлечен обод, изработена од сиво печена глина. Поконкретни податоци за керамичката светилка нема. Од цртежот може да се констатира дека се работи за светилка со кружен биконичен диск со нашто поширок отвор кој е потенциран со едно пластично ребро, брадавичеста дршка и долг нагласен клун. Од една постара фотографија може да се види дека поголемите садови како стамносот, стамноидниот т.е. скифосоидниот сад и стамнос-пиксидата биле покриени со поклопчина, односно полутопчестата паничка и плитката чинија послужиле како поклопчиња за големите садови, сл.. Ова укажува на фактот дека истите можеби биле во функција на урни, а не како гробни прилози.? Како што ќе видиме нешто подолу во гробот бр. 9 покрај скелетните остатоци исто така е пронајдена една урна во фрагменти со остатоци од спален покојник.[348]

Гроб бр.2

Како за гробот бр.1 така и за гробот бр. 2 немаме теренски податоци. Во гробот се пронајдени дваесетина цели и фрагментирани керамички садови, неколку фрагменти од една златна дијадема, пар златни обетки, еден фрагмент од коскена игла, една метална светилка, еден железен нож во фрагменти и две волути од печена глина, Т.XXXIV.3-6, Т.XXXV, Т.XXXVI, XXXVII.1 Од керамичките садови присутни се еден стамноиден т.е. скифосоиден сад, сличен на оној од гробот бр.1, со нешто пократок врат, изработен од кафенушкаво печена глина. Два стамноси, црвеникаво печени. Една стамнос-пиксида, најверојатно со капак кој е премачкан со посен црвен разреден финајз. Две амфороидни стомни, црвено печени од коишто едната е украсена со две хоризонтално врежани паралелни канелури по рамото, а другата со три паралели по долниот дел од мевот. Еден кантаровиден сад, црвено печен со остатоци од темноцрвен премаз. Еден бокал, ојнохое, со дволистен изливник. Три мешлести бокалчиња. Едниот од садовите по рамото е украсен со три паралелни хоризонтали и премачкан со сивоцрн премаз. Една полусферична паничка со вовлечен обод, црвено печена со црвен премаз. Пет плитки чинии од коишто три се црвено печени со црвен премаз, една црвено печена со сив премаз, една сиво печена со темносив премаз. Две чаши со купаста форма и нешто позарамнето дно, слични на калапените чаши, но овие без

[348] Koletyn T., 1972, str. 85;

декорација, црвено печени со црвен премаз. Два вретенасти флакони, светло кафенушкаво печени. Златната дијадемата е претставена со еден помал и еден поголем фрагмент од лента украсена со бршленови ливчиња, изработена во техника на исчукување.[349] Двете златни обетки се идентични, изработени во техника на исчукување и филигран, односно алчето и деветлисната розета се изработени од тенка тордирана филигранска жичка.[350] Металната светилка, најверојатно изработена од бронза во техника на леење, има кружен диск со прстенеста нога и капаче за широкиот отвор прицврстено на шарнир украсено со мало фигуринче од животинска претстава, куче или слично. Клунот е издолжен, има проширен отвор, исто така заштитен со полусферично капаче прицврстено со шарнир. Од задната страна има поголема лентеста кружна дршка, а од левата и десната страна на мевот од дискот има по едно кружно уше за кое било прицврстено синџирче на коешто висела светилката. Фрагментот од коскена игла?, најверојатно укосница?, има полусферичен пресек, украсена по должината со наизменично поставени снопчина од по три попречно врежани хоризонтали. На крајот неколкуте фрагменти од нож со кружна рачка?, најверојатно бил изработен од железо.

Гроб бр.7

Гробот е откриен на длабочина од сса 0.60 м. Гробната конструкција претставува правоаголна циста со димензии од 1.45 x 0.95 x 0.40 м., изведена од подебели камени плочи и покриена со исти такви. Ориентација запад – исток. Од остеолошкиот материјал биле сочувани само остатоци од коските на нозете. Од гробните наоди пронајден е еден керамички флакон, еден фрагментиран керамички сад и една фрагментирана бронзена алка, Т.XXXVII.2.[351]

Гроб бр.8

Гробот е откриен на длабочина од сса 0.60 м. Правоаголна гробна циста со димензии од 1.10 x 0.72 x 0.35 м., изведена од подебели камени плочи. Ориентација исток – запад. Гробот најверојатно бил оштетен. Во него биле пронајдени иструлени скелетни остатоци од возрасен маж. Како гробен прилог пронајдени се два керамички сада и еднен неидентификуван бронзен предмет. Од крамичките садови едниот претставува бокалче од типот олпи, а другиот е една полутопчеста паничка со нешто поизвлечен раб и прстенеста нога, црвено печена

[349] Соколовска В., 1980, стр. 68, кат. бр.366;
[350] Истата, 1980, стр. 68, кат. бр.367;
[351] Koletyn T. 1972, str. 85;

со темносив премаз, а под работ по целата висина од садот е украсена со гирланда од врежана и боена вегетабилна орнаментика, T.XXXVII.3,4.[352]

Гроб бр.9

Гробот е откриен на длабочина од 0.90 м. Истиот претставува поголема правоаголна циста со димензии: покривот 4.00 x 2.50 м., а гробната комора 3.05 x 1.10 x 0.60 м. Комората е изградена од помали и поголеми хоризонтално поставени плочести камења поврзувани со кал, а покривот од големи, масивни камени плочи, Ф.3.[353] Ориентација запад – исток. Остеолошкиот материјал којшто припаѓал на возрасен маж бил растурен по подот од гробот. Во гробот биле пронајдени делови од една керамичка урна со остатоци од спален покојник, најверојатно постар или помлад секундарен погреб. Од гробните наоди пронајдени се: една голема амфора со чепест завршеток, една керамичка светилка премачкана со густ црн фирнајз, еден цел и еден фрагментиран флакон исто така со премаз од црн густ фирнајз, еден железен шлем, еден железна махаира, два подолги фрагментирани ножа и еден пократок исто така во фрагменти, како и две железни копја, TXXXVII,5-11, T.XXXVIII, Ф.46-49.[354]

Гроб бр.20

Гробот бил откриен на длабочина 1.20 м. од површината на теренот. Тој претставува приближно правоаголна циста со димензии од 1.85 x 1.02 (0.92) x 0.55 м. Ѕидовите како кај гробот бр. 9 биле изработени од помали плочести камења поврзани со кал, а покривот најверојатно недостасувал или бил оштетен. Ориентација запад–исток. Во гробот биле пронајдени остатоци од иструлени коски на поодрастено дете. Од гробните наоди биле пронајдени: фрагменти од керамички сад со две дршки, еден бронзен прстен, еден железен нож и една теракотна фигурина со форма на птица или слично.[355]

Според погоре презентираното може да се заклучи следното. На некрополата во главно се застапени камени цисти каде комората е изведен од поголеми и помали вертикално поставени подебели камени плочи или се ѕидани со плочести

---

[352] Istio;

[353] Најверојатно со слични димензии биле и гробовите бр.1 и 2?;

[354] Kaletyn T., стр. 85, T.XXX.1,2 и 3; Од една постара снимка, цртеж – фотографија, можат да се констатираат повеќе пропусти и недоследности. Имено од махаирата ни трага, а се работи за еден мал закривен нож. Двата фрагменти од подолг нож најверојатно се делови од канија, односно ножница. Потоа во презентираните наоди кај авторот недостасуваат: еден фрагмент, најверојатно од хламида, три цели и две фрагментирани помали и поголеми метални карики, најверојатно носени како обетки и прстени, една фрагментирана купаста чаша и еден фрагмент од керамичка фигурина. За ова види Babić B., 1965 и Атанасоски Б., 2012;

[355] Исто;

камења и кал, како примерот со гробовите бр. 9 и 20, додека покривачот бил изведен од неколку поголеми масивни камени плочи.[356] Проф. Микулчиќ нагласил дека тие само на прв поглед се слични со постарите камени цисти од железнодопскиот и архајскиот период.[357] Во доцниот архајски и класичниот период се појавува нов сепулкрални обичај со нови гробни форми и спалени покојници и т.н.[358] Некаде во втората половина на IV век с.е. има повторно враќање на стариот сепулкрален обичај на погребувања со инхумирани покојници. Проф. Микулчиќ смета дека оваа нова појавај се ширела од југоисток, односно од Мала Азија и Блискиот Исток. Без да навлегуваме подлабоко во оваа проблематика, без потребната анализа, поткрепа и аргументација сепак сме на мислење дека покрај надворешните влијаниеја се работи за враќање на традиционалните вредности на овие простори од постарите периоди.?[359] Проблематика доста сложена и комплексна, особено што се однесува на нивната генеза, потекло и развој. Гробовите се ориентирани во правецот исток-запад. Некои од нив, како на пр.: гробот бр. 9, а најверојатно и бр.1 и 2 имале киклопски димензии, за што сметаме дека повторно се работи за одредени реликти од доцноархајскиот и класичниот период.[360] Како што можевме да видиме во истите гробови се пронајдени и секундарни остатоци од постари или можеби помлади погребувања, односно урни со спалени покојници, најверојатно реликти од традициите на постариот класичен период.[361] Но овој начин на погребување со инхумирани покојници нема да трае долго. Кремацијата повторно ќе доминира во наредниот раноримски, односно републиканскиот период, II-I век с.е.[362] Исто така комплексна и комплицирана проблематика која заслужува многу поголемо внимание и работа за да се разрешат овие прашања во нашата наука.

Како најстари елементи од оваа некропола би ги издвоиле наодите од гробот бр.9 во кого се пронајдени: една керамичка светилка со премаз од густ црн фирнајз, како и двата флакони од кои едниот фрагментиран исто така премачкани со густ црн фирнајз, со здепаста форма, односно ниска нога, проширено топчесто

---

[356] Погрбувањето во камени цисти со инхумирани покојници на нашиве пелагониски и македонски простори е познат од периодот на преодот од брнзеното во железното доба, низ целиот железнодопски и архајскиот период, како во рамните некрополи, така и во тумуларните погребувања. Овде ќе го цитирам проф. Микулчиќ само како пример за нивните формални карактеристики: Mikulčić I., 1966, str. 7-13 i 34-35; За истото Митревски Д., 1997, стр.35–40, стр.81-82, стр.96-100;

[357] Mikulčić I., 1966, str. 34;

[358] Istiot, 1966, str. 60 – 62; Митревски Д., 1997, стр. 146 – 156;

[359] На ова место ќе го споменам Јовановић А., 1984, стр.130-133, кој дава свое видување на оваа проблематика.

[360] За истото види: Mikulčić I., 1966, str. 62;

[361] Istiot, 1966, str. 62; Соколовска В., 1986, стр. 70-71;

[362] Mikulčić I., 1966, str.79-80;

тело и краток врат, Ф.47-49.[363] Според одредени аналогни примери од пошироките македонски и балкански простори овие светилки и флакони се датираат во периодот на последната четвртина од IV век и почетокот на III век с.е.[364] Во истиот гроб е пронајдена и една амфора, најверојатно како производ од тасоските работилници, којашто исто така се датира во периодот на IV – III век с.е.[365] Па според тоа останатите гробни наоди, односно целокупната војничка опрема, шлемот и оружјето би го датирале во истиот период. Погрешен е обидот на некои од колегите железниот шлем да го датираат во периодот на првата половина од II век с.е.[366] Трагајќи по аналогии најблиски примери за шлемот наоѓаме на т.н. „хомеровски" калапени чаши со фигурални претстави и на кованите монети од Александар IV и Деметрие I Полиоркет што исто така припаѓаат на овој временски период.[367] Во тој контекст гробот бр.9 претставува уште една потврда за повисоката хронологија на раноантичките културни слоеви предложена од постарите истражувачи.[368]

Останатиот археолошки материјал од другите гробови би го сместиле во периодот на III до средината на II век с.е., односно до падот на Македонија под римска власт. Тоа се стамносите и стамноидните, односно скифосоидните садови, амфороидните стомни од македонски тип, кантаровидните садови, ојнохоето, олпите, разните мешлести бокалчиња, плитките чинии т.н. ихтии, подлабоките панички со полутопчеста – конусна и ѕвонолика форма, вретенестите флакони и т.н., најчесто премачкани и украсени со разреден фирнајз или обични без премаз црвенкасто или сивкасто печени. За поголемиот број од овие садови имаме директни аналогии од повеќе локалитети, како од пелагонискиот регион, така и од пошироките македонски и балкански простори.[369] Истото важи и за керамичката

---

[363] За употребата на заситениот црн фирнајз на керамичките садови види: Mikulčić I., 1966, str. 49-51 и понатака; Битракова Грозданова В., 1987, стр. 155; Манева Е., 1979, стр. 13;

[364] Mikulčić I., 1966, str. 51, T. XVI d; Битракова Грозданова В., 1987, стр.42, T.IV.3 и 4; Чичкова М., 1984, стр.78, T.XXI, III.92; Howland H.R., 1958, str.94-99, Pl. 41, 409, 416 i 424, type 29a, 29b и 31;Edwards R.G., 1975, str.98-99, Pl.58, br.584;

[365] Mikulčić I., 1966, str.51, XV c; Чичкова М., 1984, стр.133-134, Обр.11. 21а,б;

[366] Juhel P., , 2008, стр. 89-102;

[367] Соколовска В., 1986, стр.81, Т.69/6; Лилчиќ В., 1997, стр.18;

[368] Овдека сепак би го издвоил мислењето на Бабиќ Б., 1996, стр.294, кој кога се работи за најстарите културни слоеви од овој период, истите ги датира на преминот од IV во III век с.е. Но да потсетиме при разработката на културната стратиграфија беше презентиран и постар движен археолошки материјал од периодот на V-IV век;

[369] Mikulčić I., 1966, str. 53, T.XVII.25 i str. 76-77, T.XXVII/35a,b,g; Кепески К., 1975, стр. 155, Т.I.4; Манева Е., 1979, стр.19; Соколовска В., 1986, стр. 47, сл.15/5, стр. 80, Т.2/1, скифосоиден сад, урна од IV век, Т.12/2 и 3, Т.29/3, стр. 82, Т.28/5-8, Т.57/11-17 и Т.72/1 и 2, стр. 83, Т.18/5, Т.58/10 и Т.74/1-4 и стр.84, Т.2/5, Т.3/12, Т.6/1, 16/4, Т.58/7, 9 и 11, дефинирани како погребни садови; Битракова Грозданова В., 1987, стр. 43. стр. 49, стр. 50-51, T.VI. 6 и 7 и T.XIV.3, стр. 58 и стр. 60, T.XVI.5; Јанакиевски Т., 1993, стр. 152-153, сл.3 и 4; Хусеников Б., Спасовска Димитриоска Г., 1999, стр. 169, T.XI.1; Митревски Д., 2005а, стр. 47, сл.28b, стр. 50-52 и 72, сл.34а и 67с, стр. 57,

светилка од гробот бр.1.[370] Гледано од формален па и суштински аспект поголемиот број на садови имаат архаични форми познати уште од постарите предисториски времиња почнувајќи од неолитот и енеолитот па преку бронзенодопскиот и железнодопскиот период се до периодот на раната антика како на пр.: полутопчестите панички и кантаровидните садови, стамносите и стамнос-пиксидите, стамноидните, односно скифосоидните садови, ѕвоноликите панички, олпите, ојнохоите и т.н., коишто се сретнуваат како на пошироките егејски и источно-медитерански простори, така и на македонските, но сега нешто помодифицирани, одомаќени и прилагодени на потребите на новото време. Од друга страна има појава и на нови форми од садози како на пр.: плитките чинии, амфороидните стомни од т.н. „македонски тип", флаконите, калапените чаши, керамичките светилки и т.н., коишто се производ на поновото време.[371] Со одредени исклучоци, целокупниот споменат керамички материјал од некрополата како и керамичкиот материјал од култрните слоеви според својте основни карактеристики, наверојатно потекнува од локалните пелагониски и македонски керамички центри и работилници. Од останатиот гробен инвентар единствено само металната ламба која е доста редок пример како на македонските, така и на пошироките балкански простори ќе ја третираме како импорт, најверојатно од некој познат производен центар од поширокиот источно медитерански басен.[372] Овдека би го нагласиле и значењето на податокот од гробот бр.2, односно на богатството керамички и други наоди меѓу кои и остатоците од златната дијадема. Познавачите на оваа проблематика овие златни дијадеми пронајдени во гробовите ги поврзуваат со погребниот ритус којшто бил распространет по цела Егеја и црноморските градови во периодот на III – II век с.е.[373] Истите тие наоди укажуваат и на високиот аристрократски сталеж на којшто припаѓала оваа покојничка, најверојатно жител од ова периферно градче во северозападната погранична област од македонското кралство, секако значаен одбранбен пункт и регионален центар кој бил прв на удар на непријателот.!

---

сл.45f, стр.62, сл.54к, стр.72, сл.67c,i, стр.76, сл.70n и стр.80, сл.78d,h,i,j; Истиот, 2005б, стр.243, сл.29a,c,d,e,g,i,j,к,m,p; Блажевска С., 2005, 217, сл.12е,h; Темелкоски Д., Жуел П., 2007, стр.16;

[370] Микулчиќ Г., Карапетков Г., 1996, стр. 71, заб. 8, датирана во периодот крај на III – II век с.е.;

[371] Проблематика која бара многу поширок простор и многу поширока елаборација. Примерите се бројни, а на ова место апсурдно е сите нив да ги набројуваме.

[372] Јеличић Б., 1959, стр. 74-76, T.I, 1 и 2, T.II, 5; Димитрова А., 1971, стр. 41-43; Соколовска В., 1975, стр. 190; За оваа проблематика види и Ристов К., 2011, стр. 255 – 261;

[373] Соколовска В., 1986, стр. 75;

На крајот само да спомeнеме дека од оваа некропола потекнуваат и двете надгробни стели.[374] Првата стела е од типот со надгробна гозба, а втората од типот дексиосис и наискос со претстава во средината од фронтот на дванаесетлистен цвет. Двете стели според тоа како се изработени се третираат како локални изработки, некаде од времето на доцниот хеленистички период.[375]

На **раниот римски прериод** со сигурност ги припишуваме гробовите бр.11 и бр.14.

Гроб бр.11

Гробот е откриен на длабочина од 0.60 м. Истиот претставува правоаголна циста со страници изведени од тегули, најверојатно без покрив. Димензии на основата 0.67 x 0.53 x 0.33 м. Ориентација запад-исток. Во гробот се откриени остатоци од кремирани човечки коски. Без наоди.[376]

Гроб бр.14

Гробот е откриен на длабочина од 0.60 м. Истиот претставува правоаголна циста со страници изведени од камени плочи, најверојатно без покрив. Димензии на основата 0.80 x 0.54 x 0.29 м. Ориентација запад – истик. Во гробот се откриени скелетни остатоци на дете, Inf.I. Според раководителот на теренските ископувања во гробот не биле пронајдени никакви наоди, но од керамичкото депо во Институтот потекнува еден керамички сад со метрички податоци од гробот бр.14, Т.XXXIX.2.[377] Садот е од типот на амфороидни стомни со две лентовидни рачки, високо профилиран врат во горниот дел украсен со две хоризонтални канелури, конично до топчесто тело и рамно дно. Изработен е на ножно коло од пречистена глина со примеси од ситен кварцен песок, бледо црвеникаво печен. Според одредени аналогии од поширокитe балкански простори истите садови се датирани во периодот на I - II век н.е.[378]

На истиот период ќе припишиме уште еден наод од керамичкото депо, а кој припаѓа на оваа некропола. Тоа е еден керамички унгвентариум со бомбаста форма кој носи метрика од гроб бр.8, Т.XXXIX.1. Како што веќе видовме како гробни наоди од гробот бр.8 беа презентирани една полутопчеста паничка и еден

---

[374] Директни податоци за годината и местото на наоѓање нема. Најверојатно стелите се откриени уште во почетните години на ископувањата на просторот од источната порта во која можеби биле секундарно употребени како сполии при нејзината изградба.
[375] Поопширно за овие наоди види: Битракова Грозданова В., 1987, стр.118 и 120;
[376] Koletyn T., 1972, str.85;
[377] Istiot, 1972, str.86
[378] Robinson H., 1957, str. 10-11, Pl.2/73;

унгвентариум – флакон со вретенаста форма.[379] Дали и овој наод потекнува од истиот гроб или е со погрешна метрика, останува прашањето отворено. Вакви унгвентариуми се карактеристични за периодот од I век с.е и I век н.е., а како директна аналогија ги имаме на локалитетот Стоби.[380]

Според погоре искажаното можеме да го заклучиме следното. Како што веќе претходно напоменавме, инхумацијата како еден од начините на погребување во хеленистичкиот, односно македонскиот период, пред се на овие пелагониски простори кратко ќе трае. Во наредниот раноримски период кремацијата повторно ќе доминира.[381] Гробот бр. 11 и ако без гробни наоди го детерминиравме во раниот римски период.[382] Тегулата како градежен материјал за изработка на гробните конструкции започнува масовно да се користи пред се во раноримскиот период.[383] Ваков тип на гробови како аналигија ги има на широките балкански простори па и пошироко. На територијата од Р. Македонија најстарите гробови се датирани во времето на Август, па се до некаде почетокот на III век, а во некои римски провинции и во периодот на IV – V век.[384] Гробот бр. 14 според гробниот наод го датиравме во периодот на I - II век. Во раноримскиот период инхумацијата како сепулкрална форма исто така е доста присутна. Обично познавачите на оваа проблематика овој погребен ритус во периодот на I – III век во главно го поврзуваат со бројните доселеници од Истокот.[385] Но што се однесува до гробните конструкции, односно т.н. камени цисти изработени од полуобработени плочи, сепак сме на мислење дека нивната понатамошна уптреба повторно би требало да ја поврземе со традицијата која се практицирала на овие пелагониски и македонски простори.[386]

Според гробните форми на овој или на следниот период би ги припишале и гробовите бр. 12 и 13

Гроб бр. 12

Откриен е на длабочина од 0.60 м. Гробот претставува четвртаста циста со димензии 0.57 x 0.53 x 0.33 м. Страниците изведени од камени плочи, без покров.

---

[379] Види погоре, Koletyn T., 1972, str.85;

[380] Anderson Stojanović V., 1992, str.81, Pl.70/583-585;

[381] Mikulčić I., 1966, str.79-80; За истото Јовановић А., 1984, стр. 130-133;

[382] Јовановић А., 1984, стр. 138. Тука покрај другите е споменат и гробот од локалитетот Градиште кај с. Дебреште;

[383] Овдека како исклучок би ги спомενале гробовите од доцноархајскиот период кој се изработени од тегули од т.н. лаконски тип, што исто така се поврзува со влијанија од Исток, види Митревски Д., 1997, стр. 155;

[384] Јовановић А., 1984, стр. 101 и понатака. Овие гробови според авторот се дефинирани како тип Мала Копашница – Саса I;

[385] Микулчић И., 1975, стр. 98 – 99; Јовановић А., 1984, стр. 126;

[386] Како што напоменавме проблематика која бара многу подлабоки и подетални истражувања;

Во гробот се пронајдени остатоци од детски скелет во згрчена положба, Inf. I. Без наоди.[387]

Гроб бр. 13

Откриен е на длабочина од 0.60 м. Гробот претставува правоаголна циста со димензии 0.66 x 0.44 x 0.32 м. Страниците изведени од камени плочи, без покров. Во гробот се откриени траги од скелетни остатоци од дете, Inf.I. Без наоди.[388]

**На доцнот римски период,** односно доцноантичкиот период со сигурност ги припишуваме гробовите бр. 15, 17, 18 и 19.

Гроб бр.15

Откриен е на длабочина од 0.80 м. Гробот претставува трапезоидна циста со димензии 2.25 x 1.10/0.85 x 0.48 м. со страници изведени од масивни камени плочи, без покров. Ориентација запад-исток. Во гробот бил погребан возрасен маж, а од скелетни остатоци откриени се само коски од нозете. Од гробните наоди пронајдени се: еден керамички сад од видот грниња со две дршки, еден керамички сад од видот стомни со една дршка, една керамичка светилка, една бронзена белезица една железна белезица во фрагменти и три бронзени монети од Констанције II (337 – 361 год.), T.XXXIX.3,4, XL.1.[389]

Гроб бр. 17

Откриен е на длабочина од 0.60 м. Гробот претставува правоаголна циста со страници изведени од камени плочи, без покрив. Димензии 2.20 x 0.93 x 0.47 м. Ориентација запад – исток. Во гробот се откриени незначителни скелетни остатоци од возрасен маж. Од гробните наоди пронајдени се: еден керамички сад од видот на стомни или бокалчиња со една рачка, осум бронзени монети од Констанције II (337-361 год.) и Јулие Апостата (361-363 год.), T.XL.3.[390]

Гроб бр.18

Гробот е откриен на длабочина од 0.70 м. Обична гробна јама длабока 0.35 м., покриена со три камени плочи. Димензии на покровот 1.50 x 0.95 м. Ориентација запад – исток. Во гробот се откриени иструлени скелетни остатоци од дете, Inf I. Од гробните наоди откриен е еден керамички сад со рачка.[391]

---

[387] Koletyn T., str. 85;
[388] Исто;
[389] Koletyn T., 1972, str.86;
[390] Исто;
[391] Исто. За жал за наодот од овој гроб не поседуваме никаква техничка документација;

Гроб бр.19

Гробот е откриен на длабочина од 0.80 м. Обична гробна јама длабока 0.34 м., покриена со четири камени плочи. Димензии на покровот 2.00 x 0.87 м. Ориентација запад – исток. Во гробот се откриени добро сочувани скелетни остатоци од одрастено дете положено на грб со рацете испружени покрај телото. Од гробните наоди е пронајден еден керамички сад од видот чаши со една рачка, Т.XL.4.[392]

Од оваа античка некропола потекнува и еден керамички сад, бокал со крушковидна форма и вовлечено дно со т.н. умб, карактеристика на керамичките садови од доцноантичкиот период, XL.2. Садот е со метричко ливче кое упатува на гроб бр. 7 во кого беше пронајден еден вретенест унгвентариум.[393] Дали овој гроб теба да се припише на раноантичкиот или на доцноримскиот период, прашањето во овој момент останува отворено и неразјаснето.[394]

Во 1986 год. при поставување на цевки за регионалниот водовод „Студенчица" кон градот Крушево, источно и североисточно од утврдената населба, покрај самиот одбранбен ѕид беа откриени уште три гроба коишто најверојатно се дел од оваа античка некропола па затоа во продолжение редоследно ќе ги прикажеме како гробови бр. 21, 22 и 23.[395]

Гроб бр. 21

Гробот е откриен на кота 616.44/34. Истиот претставува камена циста изведена од подебели и потенки камени плочи. Покривот бил дислоциран, изведен од исти такви плочи. Димензии на гробната конструкција 2.06 x 0.60 x 0.31 м. Во гробот се откриени скелетни остатоци од возрасна индивидуа во должина сса 1.60 м., релативно добро сочувани. Ориентација запад – исток. Без наоди.

Гроб бр. 22

Гробот е откриен на кота 616.27. Западната дел од гробот бил оштетен со градежните работи. Гробната конструкција е од типот на камени цисти со страници изведени од подебели и потенки плочести камења, покриен со неколку исти такви плочи. Димензии на сочуваниот дел 1.60 x 0.50 м. Во гробот се

---

[392] Исто;

[393] Види гроб бр.7;

[394] За истото ќе коментираме подолу;

[395] Гробовите се обележани со теренски инвентарен број од 1 -3;

откриени дислоцирани скелетни остатоци од дете. Ориентација запад – исток. Без наоди.

Гроб бр. 23

Откриен е на кота 616.21. Гробната конструкција е од типот на камени цисти, со страници изведени од подебели и потанки, поголеми и помали камени плочи. Во источниот дел покриен со еден поголем плочест камен и неколку други крчени камења. Димензии на гробната конструкција 2.03 x 0.75 x 0.50 м. Во гробот била погребана возрасна индивидуа. Ориентација запад – исток. Скелетните остатоци откриени на кота 615.78/68, делумно биле девастирани. Целосно биле сочувани само коските од нозете. Без наоди.

Од погоре изложеното слободно може да се заклучи следното. Инхумацијата како сепулкрален обичај кој цело време беше присутн во раниот римски период, сега некаде по првите децении од III век во потполност ќе ја потисне кремацијата како начин на погребување. Познавачите на оваа проблема овој процес го поврзуваат со општиот тренд што владеел во целата Римска Империја.[396] Во овој период на оваа некропола разликуваме два типа на гробни конструкции. Првиот тип се обичните гробни јами вкопани во земјата покриени со неколку камени плочи, а вториот тип се камените цисти. Слободните укопи ги има скоро на сите раноримски некрополи како на македонска територија, така и на пошироките балкански простори.[397] Што се однесува до гробовите од типот на камени цисти, како што напоменавме, на оваа некропола тие се познати уште од раноантичкиот период, па преку раниот римски, истите се користат и во доцната антика. Од територијата од Р. Македонија познати се повеќе некрополи со овој тип на гробови, датирани во периодот на IV – VI век. Како пример би ги спомenale некрополите Билибајци – Бабунци / Опила, Задна Река–Витолиште, Рајчиница–Брод, Подградец– Здуње, Срчек–Мавер с. Паралово и т.н.[398]

Наведените гобови во главно прецизно се датирани. За тоа во голема мера придонесле пред се монетарните наоди од императорите Констанције II и Јулиан Апостата, па според тоа и останатите гробни наоди ќе ги датираме во истиот период, односно околу средината на IV век. Од гробот бр. 15 потекнуваат два керамички сада и една керамичка светилка. Првиот сад е од видот на грнија со

---

[396] Микулчиќ И., 1976, стр. 128;

[397] Микулчић И., 1975, стр. 96-99, Јовановић А., 1984, стр. 126 – 127. Овдека наместо камени плочи најчесто се користени тегули, но идејата или принципот е еден и единствен. Сите тие припаѓаат на истиот тип гробови;

[398] За ова види Атанасоски Б., 1997, стр. 79; Ивановски М., 1988, стр. 55-57; Кепеска Л., Кепески К., 1989, стр. 218-222; Крстевски Ц., Ивановски М., 1989, стр. 174-175; Симоска Д., 1989, стр. 196-197;

две лентести рачки, топчесто тело и рамно дно, Т.XXXIX.3.[399] Овој тип грниња широко се распространети како на македонските локалитети, така и на пошироките балкански простори.[400] Вториот сад е од видот на стомни со една лентовидна рачка, инкаст изливник профилиран со едно ребро, тесен врат, крушковидно тело и дно кое нешто поовлечено со едно петличесто задебелување во средината т.н. умб, Т.XXXIX.4. Како најблиски аналогии овие садови пред се ги наоѓаме на локалитетите од римските провинции Долна Мезија и Тракија.[401] Во контекст на овие наоди би ја спомeнале и керамичката светилка која според својте формални особености припаѓа на групата рељефни ламби од грчко потекло, датирани во периодот на II - III век, а најверојатно користени и понатака во периодот на IV век, Т.XL.1.[402] Оваа светилка има биконичен диск, краток клун со карактеристичната трапезна изведба при коренот од отворот за фитилот, а рачето мало и најверојатно налепено на дискот. Рамото е украсено со осум рељефно изведени спирални орнаменти, а на средината од дискот во медаљон е втисната рељефна претстава на јагне, христијански мотив. На дното е втиснат жигот од работилницата во форма на срцевиден лист.[403] Како најблиски аналогии би ги спомeнале светилките од локалитетот Ирар –Марвинци, датирани во периодот од IV век.[404] Садот од гроб бр.17 исто така припаѓа на видот стомни, тип бокалчиња со една лентовидна рачка, изливникот широк, благо инкасо закосен и канелиран со неколку плитки хоризонтали, телото топчесто до мешлесто, а дното рамно со т.н. умб во средината, Т.XL.3. Како најблиски аналогии, во голема мера слични, би ги посочиле садовите од Претор и Марвинци, датирани околу средината на IV век.[405] Од гробот бр. 19 потекнува еден керамички сад од видот чаши со една рачка, косо извлечен раб, мешлесто тело и нешто позаоблен газер, Т.XL.4. Овој вид на садови во различни варијанти и варијетети широко се распространети по балканските провинции уште од I век.[406]

---

[399] Садот е изгубен или е даден за потребите на друга институција;
[400] Манева Е., 1988, стр. 182, сл. 8.В; Кепески Л и К., 1990, стр. 185, сл. 4; Anderson Stojanović V., 1992, str.139-140, Pl.143/1231-1235; Ончевска Тодоровска М., 2004, стр.65-67; Т.34/222 Т.35/227, Т.37/247; Brukner O., 1981, str. 41, T.107/21, 22; Бьотгер Б., 1978, стр.26-27, Обр. 1.б,ж,з; Кузманов Г., 1985, стр. 50, Т. 30; Anamali S., 1980, str.238, T.XVIII. 9, 13; Lako K., 1984, str. 193, T. VI. 2, 5; и др.
[401] Кузманов Г., 1985, стр. 28, Т.16/К-13, 16, 23;
[402] Микулчиќ И., 1975, стр. 141 – 142, Т.VI. 140 и 74;
[403] Описот на луцерната е правен според цртежот. Предметот најверојатно е изгубен или се наоѓа во некоја од надлежните Институции;
[404] Соколовска В., 1986, стр. 124, Т.46/10,11 и 14,15, Т.48/8 и др.;
[405] Битракова Грозданова В., 1988, стр. 189, сл. 2; Соколовска В., 1986, стр.123, Т.46/17 и Т.85/7;
[406] Примерите се бројни. Апсурдно е да се наведуваат.

Најадекватни аналогии за садот од Дебреште на нашиве простори наоѓаме во примерите од Претор, Стоби, Пештерица кај Прилеп и т.н.[407]

На ова место ќе споменеме уште еден сад од керамичкото депо кој според метриката потекнува од гробот бр. 7, Т.XL.2. Садот е од типот на бокали со мешлеста форма со рачка која недостасува. Работ од устинката кратко и косо извлечн кон надвор. Дното рамно, а во средината со карактеристичниот т.н. умб. Вратот, односно рамото од садот е украсено со две паралелни, плитко врежани хоризонтали. Изработен е на ножно грнчарско коло од пречистена глина промешана со ситно дробен кварцен песок, црвеникаво печена. Како поблиска аналогија би ги споменале садовите од Стоби.[408] Гробот бр. 7 според вретенастиот унгвентариум го датиравме некаде во периодот на III – II век с.е., но во истиот гроб бил откриен уште еден керамички сад во фрагменти, според постарите цртежи со мешлеста форма, без газер. Најверојатно откако бил целосно слепен и реконструиран ја добил конечната форма. Вакви слични садови со мешлеста форма беа откриени и во гробовите бр. 1 и 2 коишто според останатиот гробен инвентар и според наведените аналогии со сигурност ги детерминиравме некаде во полниот хеленистички, односно македонскиот периодот, III век с.е.[409] Овој сад со карактеристичното петличесто задебелување во центарот од газерот, со т.н. умб секако ги носи карактеристиките на доцноримската керамичка продукција. Според погоре искажаното би заклучиле дека гробот бр. 7 или бил искористен за некакво секундарено погребување во периодот на доцната антика или со вкопувањето на новиот гроб бил уништен постариот, а унгвентариумот бил ставен како прилог во новиот гроб.? Можеби би било пресмело во овој момент, но претпоставуваме заради реткоста на овие бокали во инвентарот на садови за секојдневна употреба како и поради големата сличност со раноантичките садови, дека истите би трбало да се третираат како гробишна керамика поврзана со враќање на одредени традиционалните вредност на овие македонски простори, особено по големата економска и целосната општествена криза која ја зафатила Римската Империја во периодот на III век.

На нешто подоцнежниот рановизантиски период, односно на V – VI век би ги припишале споменатите гробови од бр. 21-23, истражувани во кампањата 1986

---

[407] Битракова Грозданова В., 1988, стр. 189, сл. 2; Anderson Stojanović V., 1992, str.139, Pl. 142/1227 i 149/12.78. Садот од Пештерица не е објавен, но е скоро идентичен со овој од Дебреште. За останатите наоди од Пештериц и нивното датирање види: Кепески К., 1976, стр. 143 – 155 и 205 - 217;

[408] Андерсон Stojanović V., 1992, str.142 i 149, Pl. 142/1224 i Pl.149/1278, датирани во IV-VI, односно VI век;

[409] Види погоре;

год., бидејќи истите ги следиме како доста разредени и оддалечени од јадрото на постарите гробови.

## 5.2 Урбани гробови

Со воведувањето на христијанството за државна религија, во градовите и во помалите населени места се отпочнало со изградба на христијански светилишта. Со време од различни причини и во различни околности во и околу тие објекти постепено почнале да се погребуваат одредени видни и заслужни личности кои биле на некој начин поврзани со некој важен историски настан или биле поврзани со црквата и црковната власт.[410]

Урбаните гробови во оваа утврдена населба се распоредени во и околу ранохристијанскиот базиликален храм на кого беа регистрирани неколку градежни фази. Вкупно биле откриени тринесете гробови.

Гроб бр. 15

Гробот е откриен сса кота 620.32/36 покрај јужниот ѕид од базиликата бр.3 на преминот од кв. бр. 316 и 317 во S II. Ориентација запад – исток со мал отклон кон југоисток. Димензии на гробната јама изнесуваат 2.65 x 0.82 x 0.97 м., а покривачот кој бил изведен најваројатно од четири до пет масивни камени плочи бил со димензии сса 3.00 x 1.40 м. Гробот е од типот на ѕидани цисти при што биле искористени ѕидови од постари градби. Ѕидовите и подот биле премачкани со варов малтер. Скелетните остатоци откриени во должина од 1.95 м., мерено без коските од стапалата, релативно се добро сочувани, особено коските од долните екстремитети. Без наоди, Црт.25, Ф.10 и 12.

Гроб бр. 16

Гробот е откриен во кв. бр. 316, S II, покрај јужниот ѕид од базиликата бр.3 на релативно иста длабочина како и гробот бр. 15. Ориентација запад – исток со мал отклон кон југоисток. Гробот како и претходниот е од типот на обични гробни јами или ѕидани цисти при што биле искористени ѕидови од постари градби. Ѕидовите во горниот дел биле малтерисани, а за разлика од претходниот подот кај овој бил од земја без малтер. Покровот недостасува, односно јамата најверојатно била покриена со пет поголеми масивни камени плочи што може да се види од отпечатоците што ги оставиле плочите што биле всадени во свежиот варов

---

[410] Бројни се примерите каде првите ранохристијански храмови се подигани на постари култни места, постари гробови или над гробови од христијански маченици, за тоа види: Aleksova B., 1966, str. 21; Алексова Б., 1995, стр. 8-12 и понатака;

малтер со којшто бил формиран горниот дел од гробот. Димензии на гробната конструкција изнесуваат 1.53 x 0.63 x 1.35 м. Без остеолошки материјал и без наоди, Црт. 24, Ф.11,12.

Гроб 36

Гробот е откриен во квадратот бр. 298, S II, на кота 621.38/42 од десната страна пред олрарниот простор во централниот брод од базиликалната градба. Гробот е од типот на ѕидани цисти покриен со четири масивни камени плочи споени со варов малтер. Ориентација запад – исток. Димензиите на гробната јама изнесуваат 2.30 x 1.00 x 1.00 м. Ѕидовите од внатрешната страна биле внимателно малтерисани со варов малтер. Во гробот биле погребани три индивидуи. Двете биле пронајдени во регуларна позиција, главите на запад, со испружени нозе, а рацете свиткани на градите. Третата индивидуа претставена секундарен погреб, најверојатно коски од постар гроб, собрани во југоисточниот агол. Без наоди, односно во долниот дел од гробот е пронајдена испупчена бронзена плочка со крст во средината. Приметени се траги од отворање на гробот и изместување на черепите од покојниците, што најверојатно укажува на пљачка, Црт. 42, 42а, Ф.17.[411]

Гроб бр. 37

Гробот е откриен во кв. бр. 315 на длабочина cca 620.57/45 покрај јужниот ѕид од базиликата бр. 3. Ориентација запад – исток. Гробната конструкција како и гробовите бр.15 и 16претходните два е од типот на ѕидани цисти со правоаголна форма каде за изградба на гробот се искористени постари ѕидни остатоци градени од кршени камења и парчина градежна керамика поврзувани со кал.[412] Димензии на гробната комора 1.70 x 0.70 x 0.77 м. Комората била покриена со четири масивни камени плочи. Во гробот се откриени слабо сочувани скелетни остатоци. Без наоди, Црт.26,26а, 26б.

Гроб бр. 40

Гробот е откриен на длабочина cca 620.38 во северозападниот агол од кв. 315, S II, одма покрај западниот ѕид од базиликата бр.3. Ориентација запад - исток. Гробот е од типот на помали камени цисти. Гробната комора е формирана од

---

[411] Бабиќ Б., Hensel W., Rauhutowa J.,1976, стр. 254;
[412] Бабиќ Б., Hensel W., Rauhutowa J., 1976, str. 259;

помали странично поставени плочести камења, а западниот дел од гробот во должина од две третини е покриен со една поголема масивна камена плоча со димензии 1.20 x 0.98 м. Ширина на гробната комора cca 0.70 м. Најверојатно се работи за детски гроб, Пл.3. Без наоди.[413]

Гроб бр. 55

Гробот е откриен на кота 621.17 во северниот брод од базиликалната градба. Тој во горниот дел бил уништен со вкопувањето на помлад средновековен гроб. Ориентација запад – исток. Гробот е од типот на ѕидани цисти, без гробен покривач. Димензии 1.93 x 0.76 x 0.82 м. Скелетните остатоци биле испревртени. Пронајдени се коски од нозете и вилицата. Без наоди.[414]

Гроб бр. 65

Гробот е откриен на кота 621.04 од надворешната страна на северниот ѕид од трокорадната базилика на пресекот од квадратите 259 и 278, S II. Ориентација запад – исток. Најверојатно бил покриен со четири камени плочи кои недостасуваат. Грбот е од типот на ѕидани цисти, граден од кршени камења и парчина градежни тули поврзани со варов малтер со димензии 2.46 x 1.00 x 1.00 м. Ѕидовите од внатрешната страна биле малтерисани со варов малтер, а подот формиран од две поголеми камени плочи поставени една во западниот, а другара во источниот дел од гробот. Во земјаниот насип од гробната јама пронајдени се неколку ситни делови од човечки коски, фрагменти од керамички и стаклени садов, фрагменти од прозорско стакло, како и две мали бронзени топчиња и два предмети од злато, најверојатно делови или украси од опремата, односно облеката на покојникот, Т.XL.5. Првиот предмет најверојатно претставува дел од игла, односно глава од игла со полиедарска форма, а другиот предмет е составен од два поврзани идентични делови со паралелопипедна форма, Црт. 40.[415]

Гроб бр.66

Гробот е откриен во квадратот 277, S II, на кота 621.33/04 одма до северозападниот агол од трокорадната базилика. Ориентација запад – исток. Гробот е од типот на обични гробни цисте направен од странично поставени

[413] Податоците за овој гроб се вадени од досието за 1975 год, односно од цртеж, додека во теренскиот дневник е регистриран само како гроб бр. 40, без потребната дескрипција.
[414] Бабиќ Б., Hensel W., Rauhutova J., 1978, стр.207;
[415] Исто, стр. 208-209, сл.1 и 2;

градежни тегули, покриен со два подебели плочести камења. Димензии на гробната комора 0.74 x 0.40 x 0.34 м. Скелетот добро сочува. Во гробот било погребано дете, infans II, положено на грб со рацете прекрстени на карлицата. Под камената плоча која го формирала подот од гробот бил пронајден златен прстен, најверојатно како дар од родителот. Прстенот е масивен со елипсовидна глава и проширени рамена. На плочката има гравиран монограм, т.е. буквата **М**. Аналогни примери можат да се најдат како на локалитетите од територијата на Р. Македонија така и на пошироките балкански простори датирани во периодот на доцната антика, Т.XL.6.[416]

Гроб бр. 70

Гробот е откриен на кота 621.18/06 во јужниот дел од нартексот на рано христијанскиот базиликален храм, квадрат 315/316, S II. Ориентација запад – исток. Во западниот дел гробот бил покриен со слој од кршени камења, фрагменти од градежна керамика и здробен варов малтер, најверојатно остатоци од субсрукцијата на подот од црквениот објект. Под овој слој се откриени две поголеми масивни камени плочи со кои била покриена гробната комора. Источната камена плоча била перфорирана, а од внатрешната страна бил врежан рамнокрак крст. Комората со правоаголна форма има димензии 1.80 x 0.50 x 0.40 м., формирана од пет реда градежни тули поврзани со варов малтер. Во гробот се пронајдени добро сочувани скелетни остатоци од возрасна индивидуа. Покојникот бил обезглавен, положен на грб, обезглавен, со рацете положени ка карлицата. На десната рака се регистрирани повреди. Без наоди, Црт.43.[417]

Гроб бр.71

Гробот е откриен на кота 620.67/62 на преминот од квадратите 294/295, S II, западно од базиликата. Оринтација запад – исток. Гробот е од типот на ѕидани цисти. Изграден од кршени камења и фрагменти од градежна керамика во техника на сувоѕи, покриен со четири масивни камени плочи од кои двете средни биле напукнати. Димензии на гробната комора 2.50 x 1.27 (1.20) x 0.90 м. Скелетните остатоци биле измешани и испревртени, најверојатно од пљачкашите на гробот.

[416] И с т о , с т р . 211, сл.4; Davidson R. G., 1952, str. 229, type G, Pl.103/1861-1863;
[417] Бабиќ Б., Хензел В., Раухут J., 1979, str.145;

Во земјениот насип покрај черепот биле пронајдени златни нишки, најверојатно како дел од облеката на покојникот, црт.36, Ф.18.[418]

Гроб бр. 77

Гробот е откриен на кота 620.64 во центалниот дел од квадратот 294, S II. Ориентација запад – исток. Гробната циста има трапезовидна форма формирана од поголеми делкани квадери и плочести камења странично поставени, дополнети со фрагменти од градежна керамика. Димензиите на цистата се 1.05 x 0.45 (0.37) м. Во гробот било погребано дете infans II. Скелетните остатоци слабо сочувани. Покојникот положен на грб. Без наоди, Црт.37.

Гроб бр.88

Гробот е откриен на кота 620.60/57 покрај северниот профил од квадратот 314, S II. Ориентација исток – запад. Истиот припаѓа на типот ѕидани цисти. Покриен е со три поголеми масивни плочи, а гробната комора била изградена од помали плочести камења во техника на сувоѕид. Скелетните остатоци од возрасна индивидуа, испревртени и слабо сочувани. Без наоди, Ф.19.

Гроб 1/88

Гробот е откриен на кота 620.64/45 на преминот од квадратите 313 и 314, S II. Ориентација исток – запад. Гробот е од типот на камени цисти, формиран од странично поставени подебели и потанки камени плочи. Димензиите на гробната комора изнесуваат cca 1.05 x 0.65 (0.55) x 0.60 м. Во гробот погребано дете infans II. Од скелетните остатоци сочувани неколку фрагменти од коските на главата. Без наоди, Црт.38.

Како што можеме да видеме од претходно направенате дескрипција на урбаните гробови можеме да заклучиме дека тие скоро сите уште одамна биле отворени и ограбени.[419] Ако го одземеме златниот прстен од гробот бр. 66 кој според одредени блиски аналогии од пошироките балкански простори би можеле слободно да го датираме некаде во периодот на VI век, останатите неколку наоди изработени од злато претставуваат дел од облеката или опремата од покојниците

---

[418] Исто, стр. 143-144;

[419] Тука мислиме на големите варварски продори кои се случиле во периодот на V – VI век.

и се раритети и атипични за хронолошка детрминација, T.XL.5,6.[420] Па затоа за некаква поодредена хронолошка детерминација повторно ќе се потпреме на анализата од културната стратиграфија. Од сите презентирани и опишани гобови како најстари би ги издвоиле гробовите бр. 15, 16, 37 и 40. Зошто? Како што веќе напоменавме тие се откриени некаде на нивото од претпоставената базилика бр.1 кота 620.35, но ако овде ја додадеме и висината на покривните камени плочи кои недостасуваа на гробовите бр. 15 и 16 нивелетата ќе се покачи за нови 10 – 15, а можеби и за сса 20 см. и така ќе се израмни со нивелетата од гробот бр. 37, откриен на кота сса 620.55/56, Црт.26б. Во тој случај нивелетата од гробовите ќе ја надвишат нивелетата од слојот на рушење проследено со изобилни остатоци од горење кој го поврзавме со Хунските пустошења од 447 год. што фактички значи дека овие гробови би трбало да се датираат по тие настани, Црт.17. Но овие гробови како што напоменавме не можат да се поврзат ни со базиликалниот храм од VI век, бидејќи истите лежат под нивелетата од субструкцијата на јужниот ѕид од базиликата бр. 3, Црт.26а. Останува опцијата да овие гробови се поврзат со претпоставената базилика бр.2 или периодот некаде пред таа да се подигне, т.е. втората половина на V век. Следат гробовите бр. 71, 77,88 и 1/88, коишто можат да се поврзат со времето од егзистенцијата на претпоставената базилика бр.2. Со последната трободна базиликална градба со сигурност ќе ги поврзиме гробовите бр. 36, 55 и 70 бидејќе истите беа откриени во внатрешноста од објектот некаде на нивелета која кореспондира со подното ниво, како и гробовите бр. 65 и 66 кои лежеа покрај северниот ѕид од базиликата бр.3.

Што се однесува до гробните форми и конструкции овдека можеме да издвоиме четири типа. Првиот тип на гробови се претставени со обични гробни цисти формирани од странично поставени плочести камења во комбинација со покрупни и поситни кршени камења, покриени со камени плочи како на пример гробовите бр. 40, 77 и 1/88. Вториот тип исто така претставува обична гробна циста формирана од парчиња градежни тули во комбинација со покров од камени плочи, пример гроб бр. 66. Третиот тип е презентиран со гробот бр. 70 кој претставува ѕидана циста од градежни тули поврзувани со варов малтер во комбинација со покров од камени плочи. Четвртиот тип исто така претставува тип на ѕидани цисти изработени од кршени камења понекогаш во комбинација со парчиња од градежна керамика поврзувани со варов малтер, во главно

[420] Слични, блиски аналогни форми на прстени види: Davidson R. G., 1952, str. 229, type G, Pl.103/1861-1863;

внатршните ѕидови биле малтерисани или пак биле формирани во техника на сувоѕид. Сите тие биле покриени со по неколку масивни камени плочи, пример гробовите бр. 15, 16, 36, 37, 55, 65, 77 и 88.

Првиот тип на гробови како што можевме да видиме го имавме и на античката некропола надвор од ѕидините и претставува најраспространет тип на гробни форми кои својата генеза ја влечат многу одамна уште од предисториските времиња па преку раната антика и римскиот период се до доцната антика и понатака во средниот век.[421] Вториот тип на гробови се познати од раноцарскиот периодот кај гробовите со спалени покојници, па преку гробовите со инхумирани покојници од III век н.е. и доцниот римски период, сега ги гледаме и во рановизантискиот период, односно се до крајот на антиката.[422] Исто така и третиот тип на гробови, ѕидани цисти изработени од хоризонтално поставени тули поврзувани со варов малтер во комбинација со покров од камени плочи потекнуваат од раноцарскиот период, а како форма се користат се до крајот на антиката.[423] Четвртиот тип на гробови во главно се поврзуваат со повторната појава на инхумацијата како нов начин на погребување некаде околу средината на III век н.е.[424] На нашиве македонски простори овој тип на гробови најчесто се поврзуваат со ранохристијанскиот период и се поврзани со просторот од црковните објекти какде се покопуваат видни личност на христијанската вера.[425]

На оваа проблематика директно се поврзува и прашањето со засведената гробница која е лоцирана западно, односно северозападно од трободната базилика во квадратите 256, 257, 275 и 276 S II, Пл.3, Црт. 32-33, Ф.20-23. Гробницата била празна и опљачкана исполнета со земјан насип помешан со движен археолошки материјал, на пр.: фрагмент од керамички сад, грне со рачка, Т. XXI.8. Нивелетите од ѕидните остатоци на гробницата се движат од 621.52/47 до 620.82/62. Гробницата целосно е изградена од поситни и покрупни кршени камења поврзувани со варов малтер. Остатоци од малтер по ѕидовите не се регистирани. Засведениот дел од гробницата е срушен. Дали истиот бил изведен од градежни тули како останатите засведени гробници од територијата на Р. Македонија и пошироко, прашањето останува отворено бидејќи на короната од

---

[421] За аналогни гробни конструкции од доцноантичкиот период види заб.398;
[422] Јовановић А., 1984, стр. 101 и понатака; Микулчиќ И., 1974, стр. 126-128;
[423] Јовановић А., 1984, стр. 126-127; Микулчиќ И., 1974, стр. 112-113;
[424] Це078мановић-Кузмановић А., Велимировић-Жижић О., Срејовић Д., 1975, стр. 26-27;
[425] Аналогни примери има на локалитетот Црквиште кај Демир Капија, види Алексова Б., 1966, стр. 20-27;

ѕидовите не се откриени никакви остатоци од тули.[426] Како што веќе напоменавме при анализата на културната стратиграфија на гробницата се регистрирани две градежни фази. Постарата градба бил едноставн правоаголен објект со димензии cca 3.60 x 3.40 м., а внатрешноста т.е. комората 2.80 x 2.60 м., ѕидови дебели cca 0.80 м. Подот се наоѓа на кота 619.71/74 и бил поплочен со помали и поголеми камени плочи поврзани со варов малтер, Црт.33 и Ф.20,23. На источната страна се наоѓал влезот во гробницата, широк 1.0 м. Во гробницата најверојатно биле погребани најмалку две индивидуи, видни граѓани или црковни лица кои можеби загинале во одбраната на христовата вера пред варварските напади од средината и втората половина на V или првата половина на VI век. Според комплетната анализа на целокупниот стратиграфски склоп оваа засведена гробница би требало да се поврзи некаде со егзистенцијата на претпоставената базилика бр.2. која како што видовме пострадала во пожар, односно била целосно срушена. Набргу ранохристијанскиот објект бил обновен скоро од основа, базилика бр. 3. Во таа прилика била обновена и засведена гробница, односно гробницата била проширена и надградена со надземна просторија. Сега димензиите на објектот изнесувале 6.0 x 5.20 м. мерено од надворешната страна, значи ѕидовите биле проширени за cca 0.60 м. Надземната градба, од типот на едикул, од предната источна страна имала отворен трем, галерија на три столба од која е сочуван базисот од средниот столб, Ф.21 и 22. Ширината на интерколумните изнесувала cca 1.00 м. Градбата најверојатно имала функција на некаква капела од типот на celle-memoriae или како што забележале постарите истражувачи од типот на supra corpus martiris.[427]

[426] За оваа проблематика види: Лилчиќ В., 1983, стр. 95-108; Истиот, 1987, стр.143-151;
[427] Hensel W., 1978, стр. 10; За оваа проблематика види Алексова Б., 1966, стр.23; Алексова Б., 1995, стр. 8-12 и понатака; Лилчиќ В., 2001, стр.

## 6. РЕЗИМЕ

Археолошкиот локалитет Градиште кај с. Дебреште се наоѓа на 26-от км. од левата страна на регионалниот пат Прилеп-Брод-Кичево, односно околу 1 км. југоисточно од селото, одма под планинскиот премин Барбарас. За прв пат локалитетот за стручната и научната јавност е откриен во далечната 1928 год. од белградскиот археолог и професор Н.Вулиќ. Во 1964 год. на тоа место била започната изградба на брана за една помала хидроакумулација. При преземените градежни работи еден голем дел од локалитетот бил оштетен, особено неговите горни средновековни културни слоеви. Од страна на тогашниот Народен Музеј од Прилеп во со работка со Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата веднаш биле преземени заштитни археолошки мерки и градежните работи биле стопирани. Во периодот од 1964 год. до 1972 год. во главно биле преземани помали или поголеми сондажни ископувања и конзерваторски работи на откриените објекти. Од 1974 год. новоформираниот Центар за истражување на старословенската култура при Народниот Музеј од Прилеп, од 1980 год. Институт за истражување на старословенската култура, во соработка со Институтот за материјална култура од Варшава при ПАН од Р.Полска, изготвува меѓународен проект со наслов „Првите словенски населби на Балканскиот Полуостов во светлината на археолошките истражувања на локалитетот Градиште кај с. Дебреште“, раководители од македонска страна Б. Бабиќ, а од полска страна Д-р Ј. Раухутова, научен консултант Академик В. Хенсел. Бил изготвен десетогодишен план и програма по кој ќе се одвиваат работите. Археолошките ископувања за тоа време биле водени по сите тогаш познати светски стандарди и методиологии на истражувањата. Била изработена нова геодетска подлога со фиксни репери и нова квадратна мрежа. Локалитетот бил поделен на сектори, а секторите на квадрати 5.00 x 5.00 м, односно 4.00 x 4.00 м. со контролни профили од 1.00 м. Во текот на ископувањата била формирана обемна теренска, техничка документација. За секоја година се формирало досие кое содржело: теренски дневник, инвентар со теренски цртежи во боја, инвентар со цртежи на ситни наоди, фото дневник, инвентар со скици и планови и разни други инвентари и записници и на крајот годишен извештај за извршените работи. Следела и одредена кабинетска обработка на материјалот и документацијата. Движниот археолошки материјал, како на пр.: посебните наоди, студискиот и керамичкиот

материјал се чувале во посебни депоа во надлежната институција. За резултатите од овој проект и овие археолошки истражувања преку разни промоции, стручни и научни списанија, редовно била информиракa како стручната и научната, така и пошироката општествена јавност. По завршувањето на овој заеднички полско-југословенски (македонски) проект работите и понатака течат и си имаат свој континуитет се до 1988/89 год. кога истражувањата беа прекинати од познатите политички настани кои се случија во дрежавата.

Сепак објавените трудови кои се поврзани со проблематиката што ја зафаќа овој локалитет во главно претставуваат прелиминарни извештајни резултати од ископувањата честопати презентирани без доволна поткрепа и аргументација и истите се однесуваат на проблемите од погорните, средновековни и доцноантички културни слоеви и не даваа комплетна слика за локалитетот. Како прво намерата со оваа докторска дисертација беше да се даде една многу покомплетна слика на археолошкиот локалитет, особено за постарите периоди за кои скоро и ништо не се знаеме. Преку деталната разработка на културната статиграфија и анализата направена на археолошката документација и на движниот археолошки материјал се дојде до многу нови, попрецизни и аргументирани сознанија за ред прашања поврзани со културното и историското мината на населбата, проследено со сите промени и трансформации што се случувале низ времето од најдлабоката предисторија па се до крајот на антиката и сето тоа ставено во контекст на пошироките пелагониски, македонски, па и балкански простори.

Како што веќе нагласивме археолошкиот локалитет Градиште кај с. Дебреште со одредени помали или поголеми хијатуси зафаќа еден огромен временски распон од најдлабоката предисторија се до доцниот среден век. Предисториските времиња се допрени само преку една сонда т.е. Ископ I/71, S IV, направенаи уште во далечната 1970/71 год. и истражувањата во квадратот 203, S II, работен во 1987/88 год. Во кв. 203 се регистрирани три последоватилни предисториски стратуми од коишто двата најдолни потекнуваат од времето на доцниот неолитски период, а третиот од енеолитскиот период. Најдолниот слој беше презентиран со остатоци од стамбен објект и под изведен од набиена замја, а ѕидовите градени од дрвен плет премачкани со кал. Од анализата на ретките керамички фрагменти од двете локации заклучуваме дека се работи за доцниот неолитски период кој кореспондира со времето на последната фаза од велушко-породинската културна група, односно со последната фаза од локалитетот Чука – Тополчани во пелагонискиот регион, потоа со Зелениково II - скопско, Амзибегово – Вршник IV -

штипско, Ангелци кај Струмица. На керамичките фрагменти покрај автохтониот елемент кој е доминантен се осеќааат и одредени влијанија од винчанско-плочничката културна група, како и одредени влијанија од југот, односно од група Димини-Арапи т.е. културната група Лариса. Во вториот слој кој исто така беше претставен со остатоци од стамбен објект, со под изведен од набиена земја и ѕидови изработени од плет премачкани со кал, беа пронајдени керамички фрагменти од еден купаст пириформен сад со вовлечени рабови, украсен по горниот дел со боцкана орнаментика и пластично изведени брадавичести аплики по средината од садот и една биконусна паничка. Ако се анализираат и двата сада тие имаат постари традиции во керамографијата од велушко-породинската културна група, пр.: Велушка Тумба, Мала Трнска Тумба и т.н., но сега одредени паралели гледаме од далечните панонски области како на пр.: Зенгеваркоњ-ленѓелската и сопотската културна група. Според дадениот стратиграфски контекст и резултатите од анализата на движен археолошки материјал од двете локации овој културен стратум слободно го датираме некаде во преодниот период од неолитот во енеолитот.

Следеше керамички материјал кој во главно се поврзува со енеолитскиот период, односно со групата Шупливец – Бакарно Гумно. Како најстари елементи ги издвоивме фрагментите од керамички садови со есовидна профилација, меѓу кои и еден фрагмент со графитно украсување, потоа садови со вовлечени рабови, како и кантаровидни садови со рачки кои на нашиве простори се шират со новите дојденци од североисток, односно од групата Бубањ-Селкуца–Кривидол. Но овде повторно гледаме одредени влијанија од панонските простори, односно од ласињската културната група, па може да се зборува и за одредени елементи од баденската културна група.

Керамичките фрагмент, како и останатиот движен археолошки материјал од бронзенодопскиот и железнодопскиот период беше скуден и недоволен за некоја поопстојна анализа. Според некои општи карактеристики тука гледаме одредени елементи од раното бронзено и раното железно време, како и одредени посигурни елементи од доцното железно време.

Ретки се наодите и од раната фаза на раноантичкиот период V- ½ IV век с.е., но веќе од 2/2 на IV век с.е. археолошките наоди се многу побројни. Тука имаме наоди на монети кои според нивните формални карактеристики би трбало да се припишат на големите македонски кралеви Филип II (359-336) или Александар III (336-323), како и на Александар IV (323-311). Потоа следат сигурни гробни наоди,

како на пример еден флакон и една керамичка светилка премачкани со густ црн фирнајз, кои според одредени аналогни примери ги датиравме некаде во последната четвртина од IV век с.е. Од истиот гроб потекнува и железниот шлем и т.н. Од периодот на III – II век с.е.па се до падот на Македонија под римска власт 167, односно 148 год. с.е. пронајдени се фрагментирани кантароси од т.н. тип West Slope, потоа фрагменти од хидрии, хитри, полутопчести панички, плитки чинии т.н. ихтии, фрагменти од амфороидни стомни и керамички светилки од македонски тип и т.н. Откриени се гробови со богати гробни дарови. Во гробот бр.2 од античката некропола се пронајдени дваесетина цели и фрагментирани керамички садови, фрагменти од златна дијадема, пар златни обетки и т.н., што на некој начин зборува и за структурата на населението од оваа периферна и погранична населба на македонското кралство. Проф. И. Микулчиќ претпоставил дека се работи за градчето Πισσαιον коешто било од рангот на помала πολισμα и коешто било најверојатно фортифицирано. Ние се потрудивме да таа претпоставка на некој начин и ја потврдиме, односно на основа направената анализа на теренска илустративна документација формирана при истражувањата во 1970 год. кај кулата бр.1 и истражувањата од 1987/1988 год. направени во квадратот 203, S II, се констатираше дека под одбранбените ѕидови од фортификацијата градена во цврста малтерна техника се наоѓаат остатоците од постарата раноантичка фортификација. Субстукцијата и долниот дел од лицето на бедемите најверојатно било изградено од големи кршени камења, а јадрото било исполнето со набој од црвеникава глинеста земја, додека горниот дел бил надграден со плитари. Кога настанала оваа фортификација не можеме со сигурност да потврдиме. Според одредени пишани историски извори може да се претпостави дека тоа се случило некаде за време на владеењето на Филип II или според анализата направена на археолошкиот материјал во време на Александар III. Како важен пограничен воено-стратешки и регионален центар на Севера Пелагонија, градчето, односно одбранбените ѕидови страдале најмалку 3-4 пати. Во оваа фаза од истражувањата не можеме со сигурност да потврдиме за кои деструктивни моменти се работи, но од пишаните историски извори дознаваме за пустошењата на Келтите од 279 год. с.е. кога стигнале се до Делфи, потоа за нападите и пустошењата на пограничните градови во 217 год. с.е. од страна на илирскиот крал Скердалаида, па за настаните од 199 год. с.е. за време на Втората римско-македонска војна кога малолетниот син на Филип V, Персеј бил испратен од татко му да го брани северниот влез во Пелагонија од евентуалните напади на

Дарданците, тогаш градчето не пострадало, но сигурна потврда дека градчето било во пламен некаде околу средината на II век с.е., можеби за време на востанието на Андрикс т.е. лажниот Филип од 148 г., имаме од ископувањата направени во 1964 год. каде во опожарена и срушена куќа се пронајдени четири сребрени тетрадрахми ковани во периодот 186 – 148 год. с.е. Можеби утврдената населба во тоа време била обновена и повторно ставена во функција, а некои од регистрираните катастрофи можеби се случиле и по паѓањето на Македонија под римска власт.

